# УЧЕБНИК ПО СЦЕНСКИ ГОВОР 2

## СЦЕНИ ДУХОМ (СЦЕНИ СО ДУХОТ)

(за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за драмски уметности и за предметот „Јавно говорење‟ на Медицински факултет при УКИМ)

**Проф. д-р ТИХОМИР СТОЈАНОВСКИ**

Скопје,
Македонија
2026

***Издавач:***
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

***Уредник за издавачка дејност на УКИМ:***
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

***Уредник на публикацијата:***
проф.д-р Тихомир Стојановски Факултет за драмски уметности – Скопје

***Рецензенти:***
1. вон. проф.д-р Валентина Божиновска Факултет за драмски уметности – Скопје
2. вон. проф. д-р Никола Настески Факултет за драмски уметности – Скопје
3. проф. д-р Сашко Насев Факултет за драмски уметности – Скопје

***Техничка обработка:***
Игор Стојановски

***Лектура на македонски јазик:***
Розита Закева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

808.55(075.8)

СТОЈАНОВСКИ, Тихомир
Учебник по сценски говор 2 [Електронски извор] : сцени духом (сцени со духот) : (за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за драмски уметности и за предметот "Јавно говорење" на Медицински факултет при УКИМ) / Тихомир Стојановски. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2026

Начин на пристапување (URL): https://ukim.edu.mk/e-book/00152. - Текст во PDF формат, содржи 154 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 23.12.2025. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-43-533-1

а) Сценски говор -- Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 67844869

## ЗА ДУХОВНАТА ПРИРОДА НА УМЕТНОСТА И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Прв дел

Кога ја работев оваа книга, сè уште бев истражувач кој суштински не беше докрај свесен, немав верба за суштината на оваа книга – учебник, немав целосно сознание за причините и последиците на уметноста, од каде таа поаѓа и каде завршува. Ние зборуваме за материјален, и нематеријален свет, за телесен и духовен свет. За телесна и духовна уметност.

Кога Аристотел во дворот на македонскиот цар Архелај, како дворски хроничар, зборувал за катарза, состојба на промена внатре во себе си, мислел за духовната сила на театарот, уметноста. За дејството на одиграното и озвученото на сцената врз гледачите. Ако е изговорено со доволно вера, ако актерот верува,[1] тој има духовна сила да дејствува врз срцата и душите, врз внатрешниот човек на гледачите. Да ги допре, да ги промени, да ги осветли.[2] Процес на катарза, осветлување, промена, внатрешно будење, родение во Дух. И затоа Аристотел вели дека учеството во театарските обредни игри за Дионис, не е за да се извршуваат телесните обреди, туку духовно да се соединиш со Господ, Татко, Создател. Соединување, поврзување, катарза, промена, родение во дух.[3] Тоа на уметноста[4], длабоко во својата потреба ѝ ја открива духовната природа.

Актер[5] кој е духовно буден, ја знае важноста на таа врска, поврзаност. Така уметноста, уметничкото дело ја држи врската со духовниот свет, ја црпе

---

[1] Ако имаш вера колку синапово зрно, Исус вели во Светото писмо, и тогаш ја фрлаш планината во морето.
[2] Исус им вели, бидете свети оти јас сум свет.
[3] Јован Крстител вели да се родиш во дух и вистина одозгора. Свето писмо, Нов завет.
[4] Аристотел мисли, пред сè на театарот, како обредно-духовен процес.
[5] Се мисли на сите уметници.

од таму силата и може да те донесе до катарза, промена. Тоа е првиот принцип, на уметноста во Македонија, и македонската култура, поврзаност со Бог Отецот за да има духовна сила за промена. Или уште подлабоко игра за Него, во Негова чест и слава, на сите тие празненства, литургии, обредни игри и слава – прослави. Тоа се и одредници за денови кога се слави Господ после успешно завршената работа, потсетници дека сме зависни, односно поврзани со Создател Татко на небесата, кој создал сѐ и се грижи за нас, според степенот на љубовта, законот на љубовта која је вложуваме во себе и за другите.[6] Колку љубов вложуваме во секоја работа, уметничко дело, толку добиваме за возврат. Тоа е законот кој важи и во телесниот и во духовниот свет. Една од спецификите на македонската култура е таа непрекината поврзаност со Господ и игра, славење за Него. Се разбира во современата македонска култура тоа се подзаборава, и така творбата, уметноста ја губи обредната сила, вера и поврзаност со Господ и станува телесна, изработена од уметникот - земен човек, која го заменува Бог, Господ Отецот, со уметник, себе-создател, но тоа има своја цена. Тогаш секој сам ги носи последиците од создаденото. Каде почнува и во кого завршува уметноста, зборот, песната, делото? Но, ќе се навратиме на тоа. Еве едно интересно искуство.

Прашање за одбрана за кандидат за докторски студии.
„Лице кое настапува само на сцената". стр. 19-20
Сам ги игра сите улоги, сите дејства, сите драми... а драмите во тебе со кого ги играш. Како мисли, чувства, спомени, филм во себе - изведба, самиот раскажуваш, играш, пишуваш снимаш, кадрираш, режираш. Ти си автор на сите дејства им даваш живот и смрт, го заменуваш Господ... Монодрама, драма во тебе во душата и внатрешниот човек. Со своите мисли, чувства надежи, спомени си играш мондрами, си пишуваш сценарија. (Кој ќе плати на крајот за сето тоа? За сите зборови и сцени?)

[6] Во Новиот завет на нашиот Господ , Исус Хростос, се вели дека има една заповед: „Љуби го својот ближен како себе си".

Секој автор игра монодрами во себе и ги размножува ситуациите и ликовите од срцето и душата кон материјализација на уметничко дело. Секој ја игра својата моно, солодрама и од него се породуваат сценарија и дејства во животот и во уметноста, кои завршуваат во сопствената душа или во уметноста во филм, монодрама.

Каде завршува животот на уметникот и почнува уметноста и каде завршува мондрамата и почнува филмот? Во кој филм играме сите ние? Во која монодрама сме?

„Актерот ги игра сите улоги" (стр. 28). Почетна позиција на монодрама, жива душа со мисли, чувства и спомени. Ги живее сите нив. Почнува да го пишува сценариото или да го напише својот живот, тоа што може, сака да го прифати. Во монодрамата си сам на сцена, во филмот си во сите приказни сам како автор и актерите како коавтори. Ти играш внатрешен живот, твојата душа и срцето во монодрамата и сценариото.

Прашањето е каде завршува монодрамата и почнува сценариото, филмот, уметноста? (место, време и свест). Каде завршува менторот и започнува уметноста, филмот со се монодрамата? Дали завршува таа претстава, таа уметност? Или е само процес на прочистување, просветлување, осветување[7], преобразба, исцелување...? Премин од телесен во духовен човек. Соединување, родение, повторно родение во Дух.

Вториот принцип на претставата, уметноста во македонската обредно-народна култура е принципот на покана на Господ на почетокот и крајот на претставата. Се повикува Отецот да даде благослов, сила, плодност во сценските, уметничките дејства, да игра со нас, да нè просветли, освети[8]... и на крајот го повикувале да пресуди за претставата, за уметничкиот чин.

---

[7] Исус вели, во Новиот завет, бидете свети, оти Јас сум свет.

[8] Принцип, обред воведен од македонскиот драмски автор Еврипид, кој на дворот на македонскиот цар Архелај го вовел принципот „Деус и махина", Господ сече, Господ суди, мава, на крајот. Со истиот принцип се спасувал Молиер од кралот Сонце, поради содржината на своите драми, тој велел, Деус и махина, или Господ дава, суди, зема, рашава, не јас. Он ги напиша драмите.

Така и професорот Кирил Темков, кој ни предаваше етика на докторските студии, ни велеше дека етика не се полага кај него, туку кога ќе отидеме пред Бога. На пример, ни велеше: си положил етика кај мене, а си погрешил потоа и си паднал на етиката.

И актерот, уметникот го има сознанието, свесноста, дека го гледа Создателот, Бог, кој го дава и зема животот и степенот на одговорност, верба, внесеност во играта, уметничкото дело е на виско ниво. Ти тогаш играш, создаваш за Господ. Ти си поврзан со него, според поуката од Аристотел дека учеството во обредите на Дионис, не е за да се научат обредните дејства - постапки, туку да се соединиш со Господ. Да бидеш еден дух, едно тело (дело) со него.[9]

Така актерот, во театарот може да каже дека сцената е храм, дека е свето место, за осветување и осветлување[10], и неговиот однос е со посвета, со страст, со верба[11]. Со висок степен на одговорност, што зборувам, за кого дејствувам и преку. Големи актери, познати уметници, секогаш разбираат дека играат за Господ и дека тој дава сила и дарби.[12] И нивниот настап, однос, кон претставата, делото е обредно, со висок степен на верба, дека прават нешто за катарза, промена кај оние кои ги гледаат нивната уметност и дела. Големите актери - уметници секогаш имаат обредна постапка кон тоа што го создаваат, не е тоа само технички трик, туку длабока верба за соединување со Создателот и промена преку прочистување, ослободување - катарза.

Актерите се луѓе со голем степен на верба, тие оживуваат „мртви слова‟ напишани на хартија во срцето и душата. И ги играат оживуваат преку

---

[9] Тоа е пораката на Новиот завет за соединување и станување едно тело и еден Дух со Таткото небесен и Господ Исус Христос.
[10] Јержи Гротовски вели дека: „актерот е светец кој се качува на сцената за да ја освети публиката"?!
[11] Во јапонскиот Но – театар, актерот на почетокот на преставата ја брише сцената со чиста вода, а дури потоа игра на неа.
[12] Во македонскиот антички театар, актерите играле за Дионис, кој тогаш бил Господ за нив.

себе.[13] Актерот е свесен со искуствена мудрост дека има сила која доаѓа и тој игра, се ползива од неа и  со неа.[14] Тој знае дека промената во улогите кои ги игра е духовна, освен ако не е само со наместен нос, перика и глас, на некое површно, телесно ниво. Тој знае дека промената е внатрешна во внатрешниот човек, во душата. И дека таа промена остава траги, лузни во душата.[15] Затоа Еврипид го внел принципот „Деус и махина"[16], за да ги заштити душите на актерите, за да можат да се вратат на себе, после одиграните улоги на сцената.

Да се навратиме на суштината на актерската игра, меѓу животот и смртта. Некој напишал текст, го ставил на хартија, приказни и доживеаности од некое срце, душа, поуки, судбини, приказни. Тие сами по себе се мртви слова на хартијата додека не се појави некој кој ќе ги преземе како свои приказни и ќе ги оживее од себе. Ќе ги оживее во себе, во срцето, душата, умот и нема да има разлика меѓу него и таа приказна, доаѓа до потполно соединување, тој не прави разлика меѓу себе и ликот кој го игра, станува тој лик, за време на претставата, но како да се врати во себе после завршување на театарската драма? Дали тие зборови кои ги живее во себе оставаат траги во неговата душа, дали е тоа толку лесно и едноставно. И доаѓаме до актерот, кој е тој, ликот кој го игра или е самиот себе си? Колку ликови, улоги може да поднесе човечката душа? И дали сите тие туѓи зборови кои се живеат оставаат траги? Тоа е парадоксот на актерот кој може да биде повеќе од еден, од едно суштествување, а сепак пак да се врати во сопствениот идентитет, постоење.

Актерите кои длабат на сцената ги разбраат овие процеси. Имав студентка која го губеше гласот, после одредена претстава - испит и дојде до

---

[13] Тоа потполно се совпаѓа со Исусовите зборови дека им дава на следбениците, учениците, животодавни слова, живи слова.
[14] Сер Лоренс Оливие...
[15] Ентони Хопкинс, Ентони Перкинс, Ричард Бартон, Сер. Лоренс Оливие, актерот во филмот Моцарт, не можат да излезат од улогите и остануваат со нив и во нив...
[16] На дворот на македонскиот цар Архелај го внел...

операција или да го изгуби гласот, по разговор утврдивме дека во претставата колне, и дека после тие клетви и се губи гласот. И ја дадов молитвата од книгата „Овоплотен збор“[17], да ја кажува пред да ја игра и после претставата, по примерот на македонскиот драмски автор Еврипид од македонската антика. И престана да го губи гласот. Во истата претстава, со истите зборови, клетви и сцени. Таа е добра актерка, игра до крај, не се штеди се внесува со сето срце и душа и доаѓа до материјализација на зборовите, во неа, во нејзиното тело, за да не се пренесат на гледачите. Еве ја молитвата:

АКТЕРОВАТА МОЛИТВА Ти благодарам Господи, што си ме обдарил со дарбите на Свети Дух, да играм на светлината на сцената, да умеам зборовите напишани од други да ги оживувам преку себе, да ги толкувам и да пренесувам љубов преку ними, и да не заборавам дека словата се од Бога и Бог е во словата, да не заборавам дека играјќи те славам и прославувам тебе Светол Господи, Оче небесен, те молам сè што ќе играм на сцената да има вредност пред тебе, да не се одразува на моето суштествување кога ќе слезам од неа, ти води ме со силата на Свети дух да дарувам светлина и љубов во сценската игра и да врвам само по патеките кои си ги одредил за мене. Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, Амин.

Ние доаѓаме до состојбата на тоа дали зборовите се телесни или се духовни? Дали може да се допре гласот со физичкото тело или се доживува внатре во нас, во внатрешниот човек. Дали словата, можат да се допрат или тие нè допираат откако ќе бидат оживеани по втор пат од актерот на сцената - уметникот. И секому кој е малку разбуден му станува разбирливо дека уметноста е духовен чин, од внатрешниот кон надворешниот човек, од телесниот кон духовниот, дека тоа е процес од невидливото кон видливото, од внатрешно чувство и доживување кон надворешно, кон видливото. И дека светот кој се создава во уметноста дејствува врз нас, врз телото и душата, нè

[17] Стр. 8

менува и доаѓаме до таа катарза, по Аристотел. Преродување, промена, внатрешна промена длабоко во нас, соединување со Господ, Спасител духовно родение. И тоа се тие процеси кои уметноста ја носат во обредна посветеност со Таткото на небесата, вистинскиот Создател на сѐ. И дека уметноста создадена со верба и духовна сила ги менува оние кои ја прифаќаат. Потребата од уметност е длабока потреба за духовна храна, будење на внатрешниот духовен човек, зборовите се духови и гласот е духовен, не можеш да го допреш, ти него, туку тој те допира ако е употребен во сила и верба, во заедништво со духовниот, невидлив свет.

Да не заборавиме дека театарот во македонската антика, има исцелителна природа. Питер Брук во една од своите книги го објаснува принципот на исцелување на една актерка која не можела да ја движи раката поради болка и додека играла на сцената во полна верба со дејството, раката и била излечена. На тој принцип Едгар Морено ја применил и поставил психодрамата. Со деца кои имале трауми, стравови, материјализирани во телото им давал да одиграат пред публика слична ситуација и дел од нив се ослободувале од стравот. Тоа денес се применува во психологијата, психијатријата како ПСИХОДРАМА. А нам ни покажува дека зборовите кажани со верба имаат сила да вршат катарза врз тие кои ги зборуваат или слушаат. Тоа ја потврдува исцелителната улога на театарот во македонската антика. Го играш проблемот во јавност, го поставуваш на сцена и се исцелуваш и ти и гледачите. Изговорен збор со верба поместува планина.[18] Тоа што го зборуваме го привлекуваме и ни се случува. Има разни техники за исцелување кои се базираат на секојдневно повторување одредени зборови како мантри. И ако поверуваш во нив примаш мир, сила, ослободување од чувствени блокади, материјализирани чувства во телесни болки и болести.

Уметникот е човек кој има силна верба, дека со тоа што го работи прави нешто полезно, го менува светот. И актерот кога игра на сцената, мисли

[18] Така вели Исус во Новиот завет на Светото писмо.

дека го менува светот. И верува во тоа. Големите актери имаат порамнување на тоа што го играат на сцената во нивните животи. Некаде на крајот ќе го разберат тоа. Или како што вели Исус: „Во зборовите има живот и смрт!"[19] Тоа што го мислиш, повторуваш, веруваш, тоа го живееш или умираш за сето тоа. Тоа е таа поврзаност на македонската култура, која играла за Таткото небесен од неолитот, железното време антиката до современиот театар. Денес, современата уметност е во нераскинлива духовната врска со уметноста на Создателот, обред кој се движи кон современата уметност. Го оставаш духовниот свет и самиот го заменуваш Господ, стануваш сам создател, не размислувајќи каде почнуваат и завршуваат словата, приказните, пораките во твојата уметност. Меѓу духот и телото. Меѓу надворешниот и внатрешниот човек. Меѓу обичниот живот и катарзата, промената во себе.

Македонската народна, обредна култура го има во себе коренитиот однос на славење, празнување. Во нејзината изворна обредна форма, Македонците го славеле Бога, му се заблагодарувале, му се поклонувале, барале знак од него, на пример на Кокино.[20] Немало крвни жртви, туку само славење, прослава, обреден театар со најстарата обредна драма „Хиерос Гамос",[21] процес на свадба,[22] соединување, спојување, повторно ородување.

Потреба да се сосоединиш со Бог, Создател, да добиеш знак, абер, е основата на сите обредни драми, кои се претходница на целокупната уметност. Во кокинската македонска драма од железно време, сончев зрак низ три нишани[23] поминува и осветлува еден од светите,[24] седнатите на престолите од камен. Тоа е како крштевање со Свети Дух, во христијанството, и избраниот почнува да зборува во заедништво, водство од Духот. Тоа е на

[19] Нов завет- Свето писмо
[20] Мегалитска опсерваторија и обреден театар од железно време, недалеку од Куманово.
[21] Свет брак меѓу земјата и небесата, меѓу телесниот и духовниот човек.
[22] Интересно и во Светото писмо, соединувањето на Исус со заедницата, црквата е наречено свебдата на јагнето.
[23] Двапати годишно на 13.05 и на 31.08 во 6.40 наутро.
[24] Актер, жрец, гласноговорник, водач, пастор на народот.

некој начин соединување, спојување во свет брак, подоцна истата постапка, обреден театар, се случувала и во Дионисовиот античко-македонски театар, Ѕеус ја оплодува Семела[25] и таа го раѓа избраникот Дионис. Најсетне тоа се остварува во бессеменото оплодување во Дух на Марија, мајката на Исус од Небесата, за да го роди Избраникот, Спасителот, Месијата, Господ Исус Христос.

Тоа е потреба за сила во духот, за соединување на уметникот со Создателот, да биде пророк, да го победи, минливото време како димензија на земјата, да излезе од локалниот простор во духовна свест.[26] Да биде гласникот, толкувач, појаснувач на работите на земјата, меѓу небото и земјата. Тоа нè поврзува со сознанијата на Ј. Гротовски дека актерот е свет и ја осветува публиката. Ја носи во духовна катарза, промена.

На почеток на претставата, се поканува Господ во неа, во актерот, во дејството, да има свештена сила, да може да се случува духовна промена, катарза по Аристотел и понатаму. Имаме игра за Него и игра со Него. Потреба да се најдеш, споиш сродиш со Него. Да бидете едно, една сила, умеење, власт, да излезеш од трите димензии на земното време, да бидеш во претпоставената вечност, да не умираш, да бидеш во Неговата вечност. И оттука е причината зошто има толку песни, ора, адети, приказни во македонската култура. Затоа што е жива потребата да славиш, да се радуваш, да раскажуваш, да играш за Бога. Тоа е македонската култура „која не е технички трик, туку длабока поврзаност со Создателот на небесата".[27] Затоа и сите наши соседи имаат внатрешна потреба да бидат дел од таа култура,[28] да бидат Македонци, покрај сопствениот локален, земен, телесен идентитет.

---

[25] Ѕеус од небото и Семела од земјата, носен двапати во колкот на Ѕеус, заради љубоморната Хера.
[26] Самосвест - созание.
[27] Види Ребека Вест.
[28] Македонска духовна култура.

Поимот Македонија, Македонци, македонска култура е духовен идентитет, пишан, именуван создаден од Таткото небесен и Господ Исус Христос,[29] и оттука Македонец е човек кој го повикува Бога, да дојде и да му помогне.[30] Македонската култура е повик кон Бог, да дојде во дејството, за да се соединиш со Него. Тоа го има во сите културни творби, посебно кај преродбениците, сите тие приказни, истории, песни, ора, адети запишани во македонската народно-обредна култура кои сведочат за потребата да бидеш едно со Бог, соединет со Него во свет целив со Него.[31]

Од таа потреба се сите обредни игри во македонската народна култура, за славење и соединување со Господ. Во василичарските маскирања, основата е да се изгони злото, така во вевчанскиот обреден процес на крајот се палат сите маски во оган, се фрлаат во оган.[32] Основата на таа игра, колку и да наликува на демонски и страшно, е да се изгони злото, да се прочистиш, да поминеш низ катарзата Аристотелова, низ таа игра и да завршиш низ огнот, злото да изгори во огнот. Нели „златото се прочистува низ огнот",[33] а низ што се прочистува човековата душа, низ тие обредни игри во поврзаност со Отецот на небесата.

Сите тие игри водат корен од македонската антика, за време на пролетните празнувања, во чест на Артемида,[34] Македонците се облекувале во животински кожи, оделе од куќа во куќа, пееле, се веселеле, собирале подароци и славеле. Славата е во традицијата, навиката, поврзаноста со Бог, оттаму се тие македонски песни и ора во кои се содржани сите метрички стапки од антиката денес, присутно во песните и орага и современата поезија. Една од тие стапки, која е обредна е дактилот, кој и денес е живо присутна во современиот македонски говор. Ако прочитате во митолошките речници ќе ги

[29] Види Дела 16/9, Нов завет.
[30] „Дојди во Македонија и помогни ни" Дела 16/9
[31] Во Новиот завет Исус исцелува, лекува, поздравува и оздравува со свет целив.
[32] Откровение, по Јован Богослов, се поминува низ огнено езеро, низ оган.
[33] Свето писмо, Нов завет.
[34] Античко-македонско божество.

најдете левите и десните дактили, кои служат за заврзување и одврзување, левите дактили ве врзуваат, десните ве одврзуваат?[35] Да се потсетиме, дактилот е метричка стапка жива и активна во современиот македонски јазик, со него почнува секоја македонска песна, и многу стапки во македонските ора, за славење на духовната сила која ни дарува живот.

На Факултетот за драмски уметности, со класите по актерска игра, на часовите по предметот „Сценски говор", се работи секоја година во првиот семестар, прва година крштение со театар. Ние искуствено ја поминуваме постапката како настанал театарот во Македонија[36] и светот. Еве како врви тоа.

Првата стапка: Класа од десетина актери во хор пеат една македонска народна песна посветена на Бог - Отец.

Втората стапка: ја пеат истата песна посветена на Бог-Татко и ја играат во оро.

Третата стапка: Орото сопира и песната ја зборуваат во хор.

Четврта стапка: Еден актер, избраник гласник, сотрудник, пророк, излегува од хорот и клекнува на колена и ја кажува песната како благодарствена молитва.

Петтата стапка: Актерот се исправа на нозете и простум ја кажува песната како поезија порака од Бог - Отец до гледачите.

Ете реконструкција, како настанал театарот во Македонија и Европа. Да ви зборувам за метричките стапки кои се дарувани во македонската народна песна и оро, нема потреба. Како се оддалечувате од Македонија на сите четири страни на светот, богатството на метрички стапки опаѓа. Тоа е народот кој пеел и славел за Господ и затоа е и запишан во духовната историја во живите слова на Светото писмо. Денес, македонската култура ја

---

[35] Срејовиќ, Кузмановиќ, 1989:100

[36] Приказната дека некој Теспис се качил на воловска кола и го измислил театарот е „воловска", тоа покажува духовно слепило и непознавање на македонската обредна култура.

ползуваат во делови и нашите соседни народи,[37] кој во обреди, песни, ора, кој во ликови, митологии, историски јунаци кои се преплетуваат.[38]

Потребата да се играат ора, да се слави, да се празнува, одбележува е видлив дел на македонската народна култура. Денес, сè повеќе се заборава врската со Бог – Таткото, и Македонците се слават самите себе си. Тоа е исчекор од обредна во современа уметност. Човекот го остава Бог и самиот се труди да биде како Бог[39] или Господ, и да создава. И тука има друга законитост, од каде поаѓа и завршува создавањето, нас нè допираат зборовите, каде завршуваат сите тие слова. Словата кои се духовна сила, која се движи од нас кон други души и создава врзување и одврзување, според левите и десните дактили во античката- обредно-македонска култура. За последиците на изговорен збор со вера, и неговата моќ, сила веќе спомнавме погоре. Во трет и втор циклус студии, предавам за силата на зборот,[40] молитвен збор, духовно зборување, клетви, сторенија со збор кои се материјализираат и слично. Дел од студентите кои поминале на тоа ниво, разбираат подлабоко некои духовни законитости на изговорен збор во јавност, со степен на верба и неговото остварување. Ја разбираат духовната сила на зборовите кажани со вера, кажани со верување, како актер кој не прави разлика меѓу себе и текстот, тој дејствува од себе, од срцето и душата. Тој принцип на озвучен збор, повторуван повеќе пати додека не се сродиш со

---

[37] Видливо е дека на македонскиот полуостров, кој се именувал така до 1903, денес живеат: Срби, Бугари, Грци, Албанци, други Словени и Македонци, како првично население, по кое се именувал полуостровот.

[38] Така можете да слушнете препирки чиј е Цар Душан, Ѓорѓи Кастриот, Мајка Тереза, Александар Македонски, Петар Богданов, Гоце Делчев, Иван Вазов, Цар Самил, Светите Кирил и Методија и Климент и Наум?... Сите тие ликови се дел од македонската култура на македонскиот полуостров. Ако сме духовно слободни, можеме да го празнуваме заедно, но сè уште имаме негирање, непризнавање на македонскиот идентитет, од страна на некои наши соседи.

[39] Змијата ја лаже Ева да касне од забранетото дрво на познанието на доброто и злото, за да бидат како Богови со Адама, затоа се истерани од Рајот и се смртни. Види 1Мојсеева 3:1-24, Стар Завет.

[40] „Обреден театар - говор и соодносʺ, „Јавно говорењеʺ, „Обреден театарʺ, „Беседништво и култура на говорењеʺ

него и неговото остварување во срцата и душите на гледачите, по Аристотел, именувано, одредено како катарза, пролистување, просветлување, осветување... така уметноста има сила, има духовна сила и ја менува душата и духот на оној кој ја гледа, љуби и прифаќа. Така добиваме жива уметност, која дејствува врз гледачите, го допира, дразни, менува, ги тера на промени, им предизвикува чувства, мисли, доживувања, им нуди промени, нужда од промени, ги подучува, им ја празни потиснатата совест, свест, потиснатите чувства со тоа што ги празни во смеење и плачење заедно со претставата и актерите. Ги воведува во духовниот обред – претстава,[41] да живеат со таа приказна, со таа сила, во заедништво со Господ.

Тоа е потреба, принцип во македонската култура, навика и традиција од неолитот,[42] железното време[43] и антиката,[44] да се повикува Господ на почетокот и на крајот на претставата, која се игра, слави само за Него. Тука се работи за зрелост и свест од каде сме и на каде одиме? Кои сме, кому му припаѓаме? Почетоците на уметноста се поврзани од потребата за заедништво, соединување со Бог Отец, Создател на сè. Тука Ребека Вест е во право кога ја подвлекува таа духовна врска на македонската култура. Се разбира доказ, материјализација на сето тоа е богатството на македонската народно-обредна култура, со песни, со ора, со приказни, со митологии, со обреди кои потсетуваат на театарски пиеси и сл. За тоа се песните, ората, стапките, хоровите,[45] оттаму доаѓа таа жед за славење, пеење, радост, игра,

[41] Според Аристотел, учеството во Диониосовите слави, во античка Македонија, не е за да се научат обредите, туку за да се соединиш со Бог, да бидеш воведен во славата, во радоста, во Неговата радост и сила.
[42] Мегалитска опсерваторија Кокино.
[43] Обреден македонски театар од железно време - Кокино.
[44] Дионисовиот македонски антички театар.
[45] Дафина од Серез водач на хор за свадби. Имаме црковен хор, антички хор во театарот и други родови на пеењето.

која може да се види и во современите македонски свадби и прослави. И оттаму доаѓа потребата да бидеш дел од македонската култура.[46]

Еве неколку митолошки примери. Пиер, Орфеј и др. Кај Срејовиќ, Кузмановиќ, стр 340-341.[47] Вели вака за Пиер дека е „херој на Пиерија... дека е син на Македон... дека владеел со македонските градови... по потекло е од Ематија од Пела..." и понатаму дека „го востановил култот кон деветте музи кои се негови ќерки", понатаму „Пиериди име за Музите, од Пиерија, Пеонката Еуипа, му родила на Пиер, девет ќерки", кои суштински се деветте музи.

Песни, ора, приказни, обредно славење, единство со Бог - Отец, тоа се порамнува со народната поговорка, позната насекаде „... во Македонија, немој да пееш, немој да играш, немој да свириш, оти ќе те натпеат, натсвират, надиграат..." Затоа, ние и денес славиме сѐ и сешто и сѐ уште како Македонци и македонска култура пееме и играме на свадби, крштевки, погреби, училишни прослави, годишнини, имендени, родендени, слави, разни одбележувања, кои почнуваат со благодарност кон Бог и завршуваат во Динисови слави со песни и ора во катарза. Тоа е таа слава, славење, прославување, обредна поврзаност соединување со Создателот. Дури и на славите во православните цркви, после службите, луѓето се враќаат на принципот на славата. Се фаќаат во песна, оро, хор, каде се соединуваат во игра со сето срце, душа, тело со радоста на Создателот. И тоа е принципот од каде е изведен театарот, тоа е таа обредна постапка, пеење во хор. Играње на истата песна во оро. И еден избраник излегува од орото и ги озвучува зборовите од песната.

Таа следственост ја има и кај Орфеј, има зачуван цел зборник на прославителни песни од античката митологија, кои се пееле на одбележувањето на нивните слави, односно денови, одредени за слави.

---

[46] Културата на нашите современи соседи, има заедничка култура, преклопување со македонската култура. На пример: личности, датуми, настани, истории, предели, митологии и сл.

[47] „Речник грчке и римске митологије", треќе издање, СКЗ, Београд, 1989.

Македонците се познати и денес, и во современата македонска култура, секоја средба почнува со песна и завршува во орото. Ората биле за да се прослави, за да се соединиш со Бог, а денес се играат за задоволство, од занес, страст, иако се заборава Бог, се слави нешто друго, додека се играат тие свети[48] ора, се игра и се чувствува присуство на сила.[49]

Понатаму е принципот на слово, озвучен збор, од орото во дејство со вера во македонската култура. Збор во одредена метричка стапка. Одиме до Орфеј, митскиот цар на Македонците.[50] Ги вовел Дионисовите слави, пронаоѓач е на азбуката, со песна лекувал и исцелувал, ги владеел стихиите, ги пренел дабовите дрвја со песна од Македонија во Тракија, неговата песна и свирење ја победила смртта, во однос на неговата љубена Евридика, ги собрал Тракијците и Македонците и им ги предал свештените тајни, телото му го растегнале тракиските жени, музите му ги собрале остатоците од телото и го погребале во Дион,[51] урната со пепел ја преместил македонскиот цар Филип Втори по поплавата во Дион, за да ја спаси од поплавата, го сметале за предгласник на Исус Христос.

Пак го имаме принципот во македонската народна култура, имаме вовед на слави, мистерии, обредни игри, воведени од Орфеј, им ги дал словата на Македонците, [52] внимавајте на ова „со песна лекувал и исцелувал и ги владеел стихиите", ете ја силата и причината и последицата на пеењето и славењето, со песна ја победувал смртта, предал свештени тајни на Македонците. Имаме посветеност, учење, слова, обредни прослави, ора и

[48] Биле посветени на Дионис, Бог од Олимпската митологија, пред да се појави, вистинскиот Божји Син Исус Христос.
[49] Имаме леви и десни дактили за одврзување и заврзување од болести, магии, проклетства, а секое македонско оро и денес почнува со дактил, тоа е еден посилен и два послаби удара во топанот. Еден подолг и два пократки удари, како трисложна метричка стапка.
[50] Срејовиќ, Кузмановиќ,1989: 310
[51] Светиот град на Македонците
[52] Принцип, правило на слова во македонската култура.

песни кои се исцелителни заради силата од обредните метрички стапки и понатаму во славењето од земјата до Царство Небесно.

Одиме уште еден чекор понатаму во орото. Правило, принцип на дарување слова во македонската култура. Орфеј, ги подарил словата на Македонците. Апостол Павле, доаѓа во Македонија да ги донесе Исусовите слова по повик на Македонецот. Потоа Светите Кирил и Методија даруваат слова, па Светите Климен и Наум. Тука е некаде препишувачката школа на Света Гора во Егејска Македонија.[53] Новиот завет на нашиот Господ Исус Христос е напишан на царскиот македонски јазик коине. Тука се македонските преродбеници со записи[54] од македонската обредна култура. И тука сме денес ние, современата македонска наука и култура. Имаме обврска да ја осветлиме нашата духовна приказна.

Принцип на свадба соединување. Тапани и дактили меѓу земјата и небесата. Сите имаме искуства за богатството на македонската свадба, за тоа обредно, соединување на мажот и жената, а во Новиот завет на Светото писмо, Исус е наречен младоженецот, а заедницата црквата, небесата и повторно се зборува за соединување свет брак.

Но одиме на првата, најстарата обредна драма забележана на Кокино, и во поширокиот средоземноморски реон, базен, ја има истата на секаде. Таа приказна, обредно сценарио вели вака: Небесен Татко се соединува со земна жена за да се роди, наследник, предводник, мартир, пророк, пастор на стадото, водач на заедницата, гласноговорник на Бога. На Кокино се случувал, тој свет брак, меѓу земјата и небесата, меѓу земниот и небесниот свет. Низ три нишани на 31.07 и на 13.05 сончевиот зрак минува низ маркерите, нишаните и осветлува во челото еден од седнатите на петте камени престоли, и тој станува и зборува воден поучен роден од Духот.

[53] Денес Република Грција.
[54] Зачуван е само мал дел од таа обредна света македонска приказна.

Истата приказна на обредната драма ја имаме и во античкиот македонски театар. Дионис е син на Теос, Ѕеус, и на земна жена Семела. И во негова чест се случувале татарски, Дионисови слави.[55] Доаѓаме до принципот обредно играње, празнување, славење на Отецот на небесата во македонската народна култура.

Потоа ја имаме благословената Марија, оплодена со Дух Свети, без да биде со маж, која го носи Исус Христос, нашиот Господ и Спасител.

Свадбата е соединување меѓу телесниот и духовниот свет. И таа има и телесно сценарио како се оди кај зетот, како се постапува кај невестата, како се канат гостите, сватовите, што се носи, игра, пее кај световите, во македонските села во Ростуше,[56] се вели чекалени, вршалени, како делови на сценариото на обредната македонска драма. Се канат дури и умрените на свадбата со одење на гробишта. Обврзно тука се дактилите, зурлите и кавалите, гајдите, кеманиња, кои со ударот на топанот,[57] кој се наткрева над главата, како да се поврзуваат земниот и небесниот свет.

Основниот ритам во тапанот, во обредното свадбено оро  е дактилот, се вртат во круг околу себе, луѓето, гласниците со тапаните, нели левите и десните дактили, се крева тапанот од земјата положен на земја до небесата, над главата на тапанџијата. И ако сте малку поотворени за духовниот свет, или имате искуство на таа тема, вие ќе сетите света, свештена сила, која на целата свадба, соединување и дава духовна длабочина и космичка смисла.

---

[55] На источната страна на Олимп, се наоѓа светиот град на Македонците Дион. Во него се востановени Дионисовите, Олипските слави. Олимп за Македонците била света планина.

[56] Реканскиот крај.

[57] Семејството Мемишевци од Гора, над Кукс, во нивните настапи на „Армакедонските слави", средба која ја организиравме со театар „Скрб и утеха", Бесим Мемиши со неговиот побратим имаат направено (наследено) движење, обреден момент кога топанот се врти во круг со топанџијата, кога топанот се наткрева над главата, кога ве поткрева во дамарите, кога топанот е покана да слезе Духот, небесната сила врз младоженците, да ги благослови, кога се кани самиот Господ.

Тоа е пак сведоштво за духовниот принцип на македонската народно-обредна култура и за нејзиното милениумско траење.

Дури и ако свадбата ја гледате само телесно, вие сеќавате дека тука има нешто, повозвишено, таа радост, тој занес, таа екстаза, катарза меѓу тагата од разделбата и соединувањето со новиот партнер, оставање на стар живот и почеток на нов, оставање на стариот човек и почеток на ново заедништво меѓу маж и жена и меѓу Исус и црквата, меѓу Создателот и неговите созданија... меѓу земјата и небесата.

Двата тапанџии, вртат од лево кон десно, со ударите на дактилите, се одврзуваат од стариот начин, свет, човек, потоа едниот завртува надесно, го пресекува левиот ток на дактилот, а другиот го крева топанот над главата не сопирајќи го и удира во ритамот на дактилите.[58] Потоа сопираат да се движат и двајцата и зурлите ве повикуваат вие да се фатите за орото и да славите, да влезете во катарзата во светиот брак, во светото соединување. Потоа го креваат тапанот и го вртат на десно и пак се врти главниот гласник - тапанџија налево. Тоа се однесува на левите и десните дактили, и тоа е некоја подлабока тема за наредно објаснување и споделување. На крајот едниот врти надесно, другиот налево околу својата оска, така го затвораат вечниот круг на обредот на соединувањето. Леви десни дактили, леви и десни ора за заврзување и одврзување од болести страдања, магии, проклетства и за одврзување од телесниот свет и соединување со духовниот. Ете тоа е суштината на свадбата, на светиот брак, Херос Гамос, меѓу земјата и небесата, меѓу земниот човек и Господ Татко Создател.

Но, еве уште податоци за дактилите. Има пет машки и пет женски, како и машки и женски ора. Или 20 десни и 32 леви дактили. Левите дактили имале можност да ве маѓепсаат, десните да ги тргнат сите маѓепсништва.[59] Ние зборуваме за духовно потекло на метричките обредни стапки. Музиката е

[58] https://youtu.be/sj68CKOFQnY?si=CjI5251nG20rozxv

[59] Срејовиќ, Кузмановиќ, 1989:100

создадена за слава на Господа. И македонската музика ја има токму таа сила, иако денес во современата култура го забораваат Господ, забораваат да му оддадат слава на Отецот на небесата. Но, потребата да се слави останала како народна македонска култура. Потреба од игра, радост, славење. Тоа е една од одредниците на македонската култура на македонскиот полуостров.[60]

Културен натпревар меѓу народите. Бракот е пример кога се соединуваат две земни тела, така е нужно духовно единство со Господ. Телесна и духовна страст. Да љубиш некого, да го заљубиш, да се заљубиш, да го возљубиш да се соединиш.

Исус вели бидете свети оти јас сум свет. Гротовски вели дека актерот е светец и се качува, игра на сцената за да ја освети публиката. Гротовски зборува за духовна уметност во дејство која нѐ осветува сите, која бара духовна промена, катарза по Аристотел, и нѐ потсетува на духовната линија на зборувањето. Дека тоа што го зборуваме, повторуваме секој ден тоа се остварува во нас и околу нас. Дека зборот е духовна сила, која е тргната кон остварување. Оттаму во македонската народна обредна култура се благословите и клетвите. Кога се зборуваат од срце и со вера, тие се остваруваа, особено кога има чувствена поврзаност, причинско-последична состојба на соодносот со оној кому му праќаме благослови и клетви, преку зборови не само излезени од умот, туку со длабоки корени во срцето. Од тука и Макијавели ја направил познатата дефиниција, дека стопати повторена лага, станува вистина. Така и медиумите денес владеат, раководат со мислењето на народот, преку пораки од реклами, пуштани секој ден на телевизиите, радијата и другите медиуми, и гледаји ги, слушајте ги секојдневно стануваат дел од нас и не правиме разлика меѓу нив и нас, велми, стануваат наши смили, постапки или начин на однесување. И ние сме заробени од тие пораки, реченици, мисли, кои се материјализираат во нас.

[60] Преименуван со декрет на Султанот на 27.03.1903 во Балкански, оти името Македонија го бунтувало народот?!

И при играњето туѓи текстови во театар се случува исто. Актерот ги прима, усвојува во срцето, не прави разлика меѓу него и ликот, меѓу себе и текстот и сетне тоа му се случува и во неговиот приватен живот. Го живее тоа што го зборува, озвучува, игра на сцената и во самиот живот.

Но, тука е обредната постапка на македонскиот антички трагичар и дворски хроничар Еврипид,[61] на почетокот и крајот на претставата да се повика Таткото небесен, да ја благослови претставата[62] и да ја затвори сета таа драма од нас, од авторот кон актерите, и кон гледачите. Да не им се случуваат зборовите во нивите животи, на крајот на претставата, и повик да дојде Господ Таткото на почетокот со сила во претставата, да се соединиш и да играш со Него. Тоа е силно денес во народната обредна поговорка:

„Повели Господе на нашата трпеза!“

Повели на нашата претстава, играј со нас, дај ни дарби, сила и љубов да ги допреме душите на оние кои не гледаат и нѐ слушаат и ти пресуди на крајот. Ти си судијата. Деус и махина. Или во превод Господ мава, сече, суди. Не, судиме ние.

Уште една кота на македонската народна обредна култура е одбележување временски одредници за слави и почит, соединување со Бог.

Првата категорија се временски одредници за промена на плодност на природата. Кокинските датуми се 13.05 и 31.07 во 6 и 40 наутро. Тогаш сончевиот лач минува низ три нишани и осветлува еден од седнатите на четирите престоли од камен, на кокинската кота. Подоцна на таа македонска обредна планина, се најдени и нишани за набљудување на Плејадите, соѕвездија според кои се одредувале датумите за слави, кога доаѓаат дождовите, на најстарите цивилизации како Сумерите, Асиро-вавилонците и еве и кај нас во Македонија и македонската култура. Од таа обредна драма

[61] Дворски хроничар на македонскиот цар Архелај.

[62] Да даде духовна сила во играта. И оддавање почит дека актерите играа за Него, во Дионисовиот театар, актерите играле во чест на Дионис.

„Свет брак“,[63]понатаму се развива Дионисовиот театарски народен обред и славите. И таму имаме „свет брак“, на соединување на телесниот и духовниот принцип, природа. Имало две Дионисови слави, малата, на крајот на февруари и големата во септември. Едната денес е заменета со Свети Труфун, Василичарските слави и Прочка, првата, а втората со Црковна Нова[64] година и гроздоберот во септември. Дури и термините за Божик се поместени според славите од античкиот македонски период. И во македонската култура има преклопување на празници, народно-обредни од антиката со христијански празници. Тоа ја покажува, го покажува иљадалетниот период на славење во македонската култура. Тоа е веќе слеано со битот, душата, Духот на македонскиот народ и македонската култура. Пеење, славење, хор, оро, зурли и топани, навли и кавали, гајди, кеманиња... песни и ора, римјаните подоцна тоа го нарекуваат „леб и игри“.[65] Но тоа е систем, традиција, навика обред преземен од Македонија и Македонците по поделбата на Македонија на четири склавинии, без право на општење една со друга, и преземање на македонската наука, образование во Рим.[66] Тоа се гледа во самото преименување на олипмските[67] богови со римски имиња. Тоа е ист систем, преименуван и прилагоден на новите римски владетели на Македонија и македонската култура.

Потреба од песна и игра, за соединување со Отецот Небесен, за будење на духовната врска со духовниот свет, за молба и благодарност што ни дава сила, плодородие, милост, здравје, нашиот Татко и Создател. За тоа е играта, за тоа се песните, ората, хорот, атарот во театарот, место за гледање,

---

[63] Соединување на небото и земјата.
[64] Која паѓа на 01 или 14 ссптември.
[65] Латински
[66] На почетокот римјаните во театрите играле гладијаторски борби и борби со животни, додека ја разбрале доктрината на античкиот македонски театар за славење на Бог Татко.
[67] Се мисли на Олимп, планина во Македонија, каде се наоѓал светиот град на Македонците Дион, каде се славел театарот, се играл за слава на Бог Отецот Ѕеус.

место за дарување на својата љубов, место за соединување, единство со Господ. Место каде се игра, пее, зборува за слава на Отецот на небесата.

Македонската обредно-народна култура ја има длабоката поврзаност со духовниот свет, со Господ, Создател, играње за да се заблагодари, прослави Бог, но и да се поврзе со него во подлабока духовна врска, да добие благослов од Него, да прими сила, исцелување, и плодородие, да добие материјална и духовна плодност. Во телесниот препев на зборот театар се вели дека е тоа Теа - гледам на царскиот македонски јазик, коине, и атар или атер, некому му правиш чест, атар, му даруваш љубов, внимание, му се посветуваш, му се оддолжуваш, така театарот е место за споделување на својата љубов. Или поврзување со љубовта на Создателот на сѐ.

Длабоката потреба на уметноста е да се излезе од простиот материјален свет и да се остави трага, да се надмине смртноста, минливоста, просечноста и да се доближиш до Бога. Во античко време, во театарот во Македонија се правеле свадби, велми Филип Втори е убиен на свадбата на својата ќерка со Александар Молосиски во театарот во Еге. Во театарот се бирал царот од војската под оружје. Се одбележувале погреби, годишнини и сите прослави. Театарот бил духовен храм. Во антиката и пред тоа во неолитот, железното време кога е Кокинскиот обреден театар, театарот и црквата, храмот биле едно, Театарот бил храм, место за средба со Бог, место за дарување на својата љубов. Бил место за јавен живот. Но духовната свесност и поврзаност со Господ била пореална, поизразена отколку во современиот свет. Луѓето сѐ правеле за слава и почит на Бог. Биле свесни дека Создател - Татко Небесен, сопственик на сѐ, постои и дека се зависни од Него. Затоа играле и го славеле и така е настаната сета уметност и театарот пред сѐ. Еве стихови:

„...И кога гусларот свиреше на гуслата, тогаш раката Господова се допре до Јелисеја..."[68]

[68] Четврта книга царства 3:15

Имаше во манастирот во Крива Паланка, Свети Јоаким Осоговски еден гуслар Досе. Кога ќе го прашавте колку песни знаеш напамет, велеше 100 и после почнувам од почеток. Тој со часови свиреше на гуслата и редеше стихови. Не знам дали некој се сетил тие стихови да ги запише за да останат за генерациите што идат. Усната народна култура е присутна кај Македонците.[69] Но редење стихови со гусла нè води до вториот Хомер,[70] Григор Прличев и „Сердарот", а поемата завршува вака:

„...На гусла двострунa свирејќи, покрај патот седнат, го пее ова просјак сед:

А јас пак, прост запишувач, минејќи тука еднаш

го запишав од ред до ред..."

Свирење и редење стихови  на гусла е хомерување. Редење зборови во мери, зборување во ритам, одбележување, славење... еве што се вели во псалмите на таа тема.

„...Запејте Му на Господа нова песна; пофалба за Него да се чуе во храмот на светиите..."[71]

Ете за кого се пеело и за кого се пее ако сакате да имате духовна сила. Или поточно за кого се игра, создава. Еве друга насока:

„...фалете Го со трубен звук, фалете Го со псалтир и гусли; Фалете Го со тимпани и во оро, фалете Го на струни и на свирка; фалете Го со милозвучни кимвали, фалете Го со кимвали громогласни!..."[72]

Оттука се гледа за кого се и од каде потекнуваат славите, песните, ората и стапките, најпрвин во ората а потоа во драмската-обредна поезија, посветена играна, озвучувана за Господ - Татко на небесата кој создал сè. Оттаму е јасно одредено дека метричките стапки како: пеани, јамб, трохеј,

---

[69] Народни песни, приказни кај Македонците во Пиринска Македонија, Егејска Македонија и Јонска Македонија, не се запишани и заминуваат со луѓето во заборав.
[70] Така го именувале Грците кога победил на конкурсот за најдобра поема во Атина на грчки јазик со „Сердарот".
[71] Псалм 149:1, Стар завет.
[72] Псалм 150, Стар завет.

хореј, а пред сè дактилите се обредни и имаат духовна сила, кога се озвучуваат во приказните со верба и посветеност на Бог Татко, Создател на сè. Оттаму се и ората за исцелување,[73] во Василичарските слави, кои се исчезнати, изгубени, заборавени во народната обредна култура пред 100, 150 лета Господови. Оттаму е и силата во поетскиот збор[74] во драмската поезија, како нешто што е повисоко од ординарниот, обичен телесен говор и зборување. И тука се гледа таа нераскинлива врска меѓу духовниот и телесниот свет со плод, дело во создавање уметност. Кога уметникот му оддава слава на Бог, тој добива духовна-обредна сила, поврзаност со Создателот, враќање во духовната сила.

Оттука, патеката од обред до театар и современа уметност е двонасочна, ако сакаме таа да е плодна и во сила и да не е одредена на краткотрајна слава и заборав и минливост. Уметност во дела со заедништво со Бог. Ќе посочам за театарот, тројца апостоли на духовната сила во него. Питер Брук, истражува за духовната сила во театарот. Игра по Африка и Азија, игра 12 часа без прекин, како возобновување на македонските Дионисови слави[75] и на крајот ја дава дефиницијата за театарот дека е: „потрага по Бога, театарот е потрага по Господ‟.

Јержи Гротовски, ја дава дефиницијата за театарот, свет театар, вели дека:

„...актерот се качува на сцената  и игра, дејствува за да ја освети публиката!...‟

Еуџенио Барба се обидува да создаде универзален театарски јазик на љубовта со гласови, гестови за луѓето да се разбираат, како луѓе!

---

[73] Се играле леви и десни ора околу болниот и се кажувале молитви во ритам на оро и песна.
[74] За поезијата се учи дека е јазик на Бог на студиите по литература.
[75] Трагедиите посветени на Дионис во античка Македонија се играле 24 часа без прекин, а комедиите три денонокија. Гледачите седеле, јаделе пиеле, гледале, на трибините во театарот цело време додека трае славата и прославата за Господ.

Сите три обиди, примери, се враќање на театарот, уметноста кон автентичната природна духовност и посветеност кон Господ. Тоа е патот од современа уметност кон обредот, враќање назад, но и одење напред според духовната будност, сила, автентичност, процес на создавање и дејство на создаденото[76] врз оние кои доаѓаат да го видат.

Во горенаведените примери, искуствени сведоштва, на практичари во уметноста, во создавањето имаме враќање од уметност која е бессилна, кон обредна посветеност и уметност која има духовна сила и страст да направи катарза[77] во гледачите.

Честопати, на студентите на часовите по предметот „Сценски говор" им давам примери за да ја почувствуваат разликата меѓу духовно и телесно зборување.[78]

Ги спотнувам да одат во некоја празна црква и да го пробаат монологот, секако во трета година, шести семестар, испитот со „Илијада" на Хомер го даваме на античкиот македонски театар во Стоби.[79] И секогаш имаме реакција за посебно место, возвишено чувство кога се игра на македонските антички театари.

Просторот е секако важен. Физички и духовен. Каде се игра, се објавува културата, делото кое се излеало преку нас. Физичкиот простор може да нè поттурне на поголема верба во креацијата, начин на зборување, начин на изразување, степенот на поврзаност со гледачите. Просторот го поткрева степенот на вербата во создаденото, во нашиот пример вербата во зборовите во театарското дело, настап. Но има и духовен простор, за кого играш, кого го славиш и кој ти дава сила. Тоа е таа обредна поврзаност со духовната сила и

[76] Уметничко дело
[77] Според македонскиот царски лекар и учител Аристотел, промена во душата и духот на гледачите.
[78] На втор и трет циклус предавам на предмети кои ја обработуваат оваа тема, како молитвен говор на пример: „Обреден театар", „Беседништво и култура на говорење", „Јавно гоорење"
[79] Скупскиот театар, го најдовме обраснат во трева, целосно беше стопирано неговото обновување, 2024 година.

Господ, Татко, Создател. Тоа е таа двонасочна патека од обред до современа култура и назад кон обредот.

Со говори од срце, ненаучен текст и со монолози од претстави сум настапувал на повеќе места, па и на античкиот театар во Охрид.[80] Паметам дека клекнат на колена се исправив и погледнав кон небесата, тоа е посебно чувство кое те поткренува. И дека никогаш не сум го одиграл подобро монологот.

Имам повеќе настапи на македонскиот антички театар во Стоби, со театарот „Скрб и утеха", сам со монолози и со студентите од Факултетот за драмски уметности во Скопје.[81] И секогаш чувството е возвишено, со посебен однос како да играш во верски храм.

Исти се искуствата од играње на античките театари во Еге, Дион, Ефес во Турција, Скупи,[82] секогаш имаш посветен однос и одговорен пристап кон настапот, како да играш пред самиот Господ. Така играта има посебена смисла, посветеност, важност, одбележување, те спотнува во духовна свесност и блаженство, просветлување, катарза.

Ние бараме сила, повисока смисла, поврзаност со духовното знаење на љубовта. Да се даруваш, да бидеш светлина на светот[83]. Во стиховите на Рацин, се вели:

„...сонце да запре, целиот свет да загрне..."

Ете тоа е духовна порака и сила на македонската култура поврзана со Создателот, порака за вечната љубов, да се љубиме еден со друг. Тоа е уметност, култура која ја надминува смртноста, минливоста и преминува во

[80] Со претставата „Зајдисонце", текст на Тихомир Стојановски, режија Владе Денчов, театар „Скрб и утеха", игравме на отворањето на македонскиот антички театар во Охрид.
[81] Испитот на трета година, шести семестар го даваме во Стоби.
[82] На скупскиот театар одигравме претстава и го осветивме со театар „Скрб и утеха" и претставата „Деноснии", лето Господово
[83] Исус Христос

вечната љубов. Преминува во плодовите на култура, поврзување во љубовта.[84]

Искуство на играње на просторот Кокино, мегалитска опсерваторија и обреден театар од железно време. Ти дава свесност за играње на свето место и пред Бог, Господ, Татко небесен. Тоа подразбира начин на однесување, начин на зборување, посветеност, служба... Сосема поинаков начин на свесност и дејствување за разлика од телесниот. Тоа нè носи до катарзата на Аристотел, да се промениш после претставата.

Сум играл по цркви, собири во цркви[85], народни собири, собрание... и тука беше примерот, урнекот на Еврипид[86], Господ со повик да игра со мене, да зборува од мене... доаѓаме до духовно зборување....

Во црква кај Македонците во Албанија, во село Ербеле и Горно Крчишта зборував монолог од претставата „Будење на ангелите",[87]монолог на Свети Климент, еден постар Македонец ми вели:

„...Со години одам по црквите, ваква богослужба не сум сретнал до сега?!..."

Дури и во настапите на Кокино, еден верски портал ме обвини за водач на неопаганизмот.[88] А јас, бев професор на Факултет за драмски уметности, актер кој настапува на културен настан организиран од поети од градот Куманово. Подоцна со делови од Светото писмо, со колегата Страшко Милошевски, на театарските игри, фестивал на македонска драма „Војдан

---

[84] Порака на Господ Исус Христос е да се љубиме еден со друг, да се љубиме како и самите себе така и другите... да се љубиме како што Тој не возљубил, го даде Својот живот за да плати за гревовите на сите нас, го даде својот живот за своите пријатели..

[85] Играње на премиери во дворот на манастирот „Свети Јоаким Осоговски", пред влезот во црквата со години на театарот „Скрб и утеха" нè доведе до нови духовни искуства за уметноста и Господ. Секогаш претставата се крева на повиско ново кога доаѓавме таму и актерите се менуваат и имаа чувство за светост на театарскиот чин. За нешто поинакво, духовно... од само обична театарска претстава.

[86] Драмски автор и дворски хроничар на дворот на македонскиот цар Архелај во времето на Античка Македонија.

[87] Театар „Скрб и утеха" текст на Тихомир Стојановски, режија Слободанка Чичевска.

[88] Тие добро ја разбираат духовната страна на уметноста.

Чернодрински“ и театарот „Скрб и утеха“ игравме духовни текстови,[89] во манастирот „Свети Никола“ во Варош и секогаш остававме длабоки траги кај гледачите. Тука се јавува обредно-верски опит. Ако еден свештеник зборува делови од Светото писмо во црквата за време на литургијата и тоа го прави со напеви, рецитативи, без учество на срце и душа, без длабоко поврзување со текстот од Библијата, тоа не ги допира слушателите, верниците, гледачите, а кога еден актер со срце и душа зборува делови од Светото писмо, и ја пренесува духовната порака на нашиот Господ и спасител, кој е Исусов слуга, велми, вистински служител на Бога? Кој има повеќе вера?

За време на претставата „Посланија“ во манастирот Свети Јоаким Осоговски, над Крива Паланка, поставен 2013,[90] додека ја кажував молитвата на Господ Исус Христос, Оче наш... во хор се вклучи публиката и се молеше со мене, такво чувсто никогаш не сум доживеал.

„Послание до Македонците“ снимен текст од Светото писмо и состојбата во Македонија и македонската култура, го виделе 14644 поставен 2017.[91]

Последните години[92], зборувам монолози од срце, се молам на Господ да ми отвори што да кажам на почетокот и тече беседата од срце и во духот. Има повеќе снимени говори - настапи во Пиринска Македонија и цела Бугарија, во Јонска Македонија и Албанија. И секогаш е присутна духовната поврзаноста со Бог за време на зборувањето.

Да се вратиме на почетокот. На почетокот беше словото и словото беше во Бога.[93] Од тоа слово е создадено се.[94] И со тоа слово и ние дејствуваме. Во него има сила која се ослободува со степенот на верба во тоа

[89] Од Новиот завет на нашиот Господ Исус Христос
[90] Линк Посланија го виделе преку 1000 гледачи
[91] Линк „Послание до Македонците“
[92] Институциите кои ја помагаат културата со години ме држат на цензорска листа, но тука е Нашиот Татко небесен, кој ја поддржува секоја активност, да му оддадеме слава нему, како што правел и македонскиот драмски автор и хроничар Еврипид.
[93] Евангелие по Јован 1:
[94] И рече Бог, нека биде светлина. Битие

што го зборуваме, дал е тоа само телесно поврзување или има духовна поврзаност со Бог, Татко, Создател. Штом се изговори словото, тргнато е кон остварување. Кога повторуваш едно нешто со верба и постојано тоа се остварува. По зборовите ќе бидете осудени и по зборовите ќе бидете оправдани. За секој лош збор ќе одговарате на судниот ден... тоа се цитати и зборови од Господ Исус Христос, често на студентите им велам дека Светото писмо е најдобар учебник по говор. Таму се запишани принципите и законите на зборувањето. Во пустината изгинаа Израелците кои мрмореа против Бог.[95] Тогаш тој им вели тоа што го зборувавте тоа ви го давам, и сите изгинаа. Во зборовите има живот и смрт. Размисли што зборуваш, човеку, уметнику...

Зборот театар, го ведат од два збора. Теа - со значење на гледам и атар место за дарување на љубовта. Тоа е место каде се гледа што имаш во тебе, внатре во срцето и што даруваш на Бог. Доброто дрво дава добар плод... Место каде Бог те гледа, „целиот свет е театар", а тебе те гледаат колку љубов имаш во срцето во сè што работиш, мислиш, зборуваш... односот на кој се однесуваш кон тоа што го создаваш е дали си свесен дека те гледа семоќниот Бог, играш пред Него или само излегуваш пред гледачите и ти си тој кој треба да биде славен и обожуван?

Врската на современата уметност со Бог, со обредните игри и слави и ја враќа првобитната, односно духовната сила, и ја враќа основната причина, поттик да биде создавана, велми ѝ ја враќа, ја потсетува уметноста на потребата од заедништво, играње за и со Бог, како основа на уметноста. Како нејзин двигател. Тоа посебно се однесува на македонската народна, изворна обредна култура. Се разбира и на современата.

[95] Стар завет, Свето писмо.

На крајот на поправениот, дополнет труд ја внесувам и оваа научна студија која го појаснува соодносот на уметноста со духовната сила и нивната нераскинлива врска.

**„Играње за Бог - обред или уметност или обете"**

На една од еволуциите за предметот „Сценски говор со техника на глас", некој од студентите напишал:

„... Професорот да не им зборува за Бог, туку за театарот...".

Се разбира колку би било едноставно да се повлече линијата и да се рече: „Господе излези од театарот... му пречиш некому од студентите..."

Но што да се прави со неолитскиот Кокински театар, со Дионисовиот театар, што да се прави со исцелителната улога на театарот во македонската антика, со обредните хорски ора, со левите и десните дактили кои биле обредни ора за исцелување, со евангелскиот театар игран на плоштадите во Европа на почетокот на 19 век кога се сведочело за Христа, што да се прави со: Питер Брук, Јержи Гротовски, Исидора Данкан, Џулијан Бек и со вториот „Скрб и утеха"... и се разбира полезно е да се постави прашањето токму спротивно:

„...Дали е можен театар без Бога..."

Науката се согласува дека театарот во македонската антика е настанат од обредните форми, играњето во јарешки кожи во чест на Дионис? Тој на самиот почеток е врзан со Господ и славите кон Диониса. Харис тоа го одредува како:

„Потреба да се одигра Господ".

Мислам дека тоа е почетната точка за настанокот на театарот играње за слава на Бог. Тоа го има и во неолитскиот Кокински театар, и во Дионисовиот и во подоцнежните театарски projави како литургиско-молитвен

театар и кај посебна група театарски апостоли наречени трет театар. Етертон тоа го именува како:

„...Господ се појавува на сцената во отелотворување..."

За овие искуства можам да зборувам и од личен пример. На Кокино сум бил во обредна-молитвено дејство шестпати. Таму е потврдено празнувањето на најстарата обредна драма, таканаречен СВЕТ БРАК. Тоа е обредна света драма именувана од науката како: Хиерос гамос или Свет брак. А всушност е драма за соединување на човекот со Бог. Небесен Отец, оплодува земна мајка за да се роди Богочовек, жрец, избраник, гласноговорник, актер, водач, пророк, Син Божји. Човекот има потреба од соединување, родение во Бога. Долимур тоа го одредува како:

„Ефект на Бог во претставата... потреба од негово присуство".

Нема сомнение и фактите потврдуваат дека театарот настанал од потребата на нашиот предок, да се соедини со Бог, да го слави Бога, и да му покаже во имитативно молбено-обредно дејство, кое моли од Него да побара, од Него да му се јави и објави и да избере гласноговорник-актер-посветеник, во сценодејствие и светодејствие.

Во современиот театар, кој е самобендисан, затворен во градските клишеа, јалов, политички зависен од власта, себеафирмирачки, телесен и душевен без Дух Божји, кој е копија на современиот живот во невера, телесни страсти, агресија и ропство, кој е сведен на: човечки болки и доживеаности кои не допираат длабоко, високо и безвремено, кој е имитативен приказ на световната агресија и нељубов, кој не е облагороден во Божји дух и присуство.

Но еве што вели Брук на таа тема. Еве како го одредува театарот. Тој за него отвора:

„суштински прашања на постоењето на настанувањето на Господ и Божјите закони..."

Некои колеги ќе речат дека театарот и актерството е занает? Суштински не се во право и не ја познаваат вистинската Бого-создадена природа на театарот. Театарот пред сè е духовна категорија. Тоа е процес на ново родение, во дејствија кои се свети или сценски и кои имаат минлива или пророчка природа. Еве уште еднаш ќе го повикам за сведок Долимур. Тој вели вака дека театарот е:

„Обред за духовно присуство и соединување со Бог... да се исполниш со Дух..."

На некој начин тоа е состојба на ново духовно родение. Истата приказна е во неолитскиот-кокински и во Дионисовиот театар. Потреба да се соедините со Господ-Создател. Да се родите во Него. Да добиете помазение, дар од него за дејство и зборување. Обредната драма е следната: Небесен Отец оплодува земна мајка за да се роди ПРВИОТ АКТЕР.

Истата света драма ја има и во Дионисовиот театар, Ѕеус, Небесениот Отец ја оплодува Семела и се раѓа детето Дионис. И се разбира театарот во антиката за првпат се игра во чест на тоа дете родено од Бог - Дионис. И секако да не заборавиме дека таа пророчка приказна, од неолитскиот и Дионисовиот театар, завршува со објавувањето на Архангелот Гаврил, кога преку Светиот Дух бессемено е оплодена Дева Марија за да се роди Исус Христос, нашиот Господ и Спасител. Така претходните обредни драми од неолитот на Кокино и Дионисовиот во македонската антика, можеме да ги наречеме пророчка уметност. Харинол вели вака за тој период:

„Обожување беше театар кое се преобразува во човечка воведеност и соодносот"

Едно е сигурно зборот театар значи место за гледање и зборот опсерваторија значи исто, место за гледање. Прашањето е дали се гледа кон Бог и небесата или на долу кон сцената и нашите имитативни дејствија и желби до создателот Отецот Небесен. Свето-дејствија кои ги играме за да му покажеме на Создателот што молиме од Него. Човекот имал потреба да се

соедини, да го слушне, да се поврзе со Бога. Тоа бил првиот: актер, жрец, гласноговорник, пророк, водач... режисер-Создател? Понатаму таа почетна духовна точка преминува во напуштање на Бог, заборавање на Господ, во современиот театар, актерот, режисерот, драмскиот автор стануваат самите Создатели?! Не ли е тоа патека на себеобожување, заборавање на Бог и самите стануваме Бог-отворени (творци) и создатели. Онаа кота на современиот театар кој нè потсетува на првиот грев на Адама и Ева во Едемската градина.

Несомнено ќе се сложат театарџиите дека „театарот е храм", но чиј и каков тоа е за размисла и истражување. За кого се игра театарот? За Бог, за себе или за гледачите? Или за политичките моќници кои даваат пари? Интересен е и ставот на Харис дека:

„Црквата исто така има потреба од актери, бидејќи тие доаѓаат од ропство кон слобода, кон крштевање и просветлување..."

Ако ги погледнеме литургиите во православните храмови ќе забележиме дека тие се световни драми излезени од светото писмо. Во нив има: хор, дијалог, драма, поука, во која се обидува да се внесат и гледачите-верниците.

Да не заборавиме дека во македонската антика, театарот и црквата биле едно. Во театарот се бирал царот, се правеле свадби, се одржувале свечености. Тој бил духовен и општествен храм. Еве што вели Ходгсон за тоа.

„Религиската игра ја претставува човечката сила која е дарувана од Божествената природа... Време и сооднос со Бог..."

Мислам дека оваа дефиниција го открива соодносот на театарот со човекот и Бог. Време и сооднос со Бог.

Ајде да образложиме еден обреден вдахновен миг од практиката на ФДУ. Го нарекуваме „ФДУ крштевање со театар". Се зема една македонска народна песна во стапки. Се пее, со класата актери, за слава на Бог во хор. Се игра за слава и благодарност на Господ во оро во стапките. И сетне еден од

избраните, од студентите, кој има дар на верба излегува од хорот и орото, клекнува на колена и ја кажува песната во стапки како драмска поезија, обредна молитва, порака до Бога.

Кога ќе ја минете оваа постапка на реконструкција за настанокот на театарот во Македонија, вие имате и поинакво телесно-умствено и искуствено чувство за театарот. Да не заборавиме дека античките метрички стапки ние и денес ги играме во македонските песни и ора. Ние можеме да ги одиграме: јамбот, дактилот, трохејот, хорејот и другите Богодадени обредни-метрички стапки во денешните македонски ора и да ги отпееме во песните.

Но еве што вели еден од големите актери на нашето време Сер. Лоренс Оливие, и самиот актер во писмото до младите студенти по театар:

„Еден актер треба да биде над сѐ, голем разбирач... а тоа го става на исто ниво со докторот, свештеникот и филозофот... нема да го завршите учењето сѐ до смртта".

Многу добро срочено од искуството на еден од големите актери на 20 век. Актерот е: доктор , свештеник и филозоф . Затоа размислувам на подлабоко ниво за театарот од позната фраза која вели дека: театарот и актерството се занает.

За време на истражувањата на мојот докторски труд „Од обред до театар" поминав три години истражување за обредните исцелувања во име на Исус Христос со: штец Златко Давидковски, Ѓорѓи Филев и Пастор Константин Кајшаров. Можам да ви сведочам и потврдам за поинаква сила на зборот во молитвата кога се случуваат исцелувања и телесни и душевни промени кај молитвениците. Да не заборавиме и дека:

„Театарот има исцелителна природа".

Во театарот кој има духовна сила во единство со Бог се случуваат катарза, чувствени промени и исцелувања. Го имаме и Едгар Морено и психодрамата. И учеството во Дионисовите слави е да се постигне родение и единство со Бог, не да се научат обредите.

Да не ја заборавиме и постапката на Еврипид во македонската антика, инаку досега непозната во македонската театарска наука. Еврипид на почетокот и крајот на претставата го повикувал Бог да пресече, да слезе и да ги реши сите проблеми одиграни во драмата во претставата:

„...Оставам се во Твои раце Господи...‟

или принципот Деус и Махина, Господ сече, Господ мава. Покасно преземен од Молиер за да се спаси од Кралот Сонце во Франција и француските театар.

Да не го заборавиме и Вилијам Шекспир и Достоевски и Светото писмо. Ако ја познавате Библијата, Светото писмо и ги познавате делата на овие двајца посебни и богодарувани автори ќе видите од каде се црпени темите за нивите духовни дела.

Современата уметност има поинаква постапка. Уметникот го заборава Бога и мисли дека тој е Бог Создател, тој станува творец на сѐ, го отфрла Бога како патрон на првите свети драми и доаѓа до себе-обожување, самиот си е Бог и Создател  и тогаш уметноста е душевна. Но, кога го повикува Бог како во случајот со Еврипид и одредени драмски дејци кои се враќаат на принципите на обредната драма како: Брук, Гротовски, Бек, Данкан, и други тоа е духовната состојба на уметноста.

Можеме да зборуваме за принципот, кому му е посветен театарот? На властите, на самите себе, на Бог, на гледачите. Гротовски има интересни изрази за оваа состојба како: театарски туризам, публикотропизам и актер кој се жртвува и актер кој се продава. Еве што вели Барба за тоа:

„актер куртизана и светиот актер‟.

Појаснувајќи ги ставовите на Гротовски дека актерот е светец кој се качува и жртвува на сцената за да ја освети публиката...

Со театар „Скрб и утеха” сме поместувале во претставите делови од духовни текстови, сме кажувале хорски молитви од антиката, сме играле обредни дејства прскање со света вода, сме озвучувале делови од светото

писмо во сцени од претставите. Сме ја раскинувале македонската клетва за самоуништување во обреден молитвен дел, сме говореле делови од светото писмо на театарски фестивали, по манастири, на отворен простор, по гимназии, болници, затвори... сум учествувал шестпати на молитвеното сценодејствие на Кокино и имам собрано анкети од гледачите на тема, како го доживуваат мојот настап на Кокино како духовен чин или како уметност и театар. Ретко кој може да ја направи разликата. Повеќемината се согласуваат дека се работи за духовен настан, дури и за настапот на актерите од играњето на сцени од Светото писмо пред манастирот Свети Јоаким Осоговски на МТФ „В.Чернодрински‟.

Интересен е и ставот на Хол.

„...Има една безгранична работа меѓу убавината на светоста и светоста на убавината. Едното води до највозвишениот, најблагороден, најпобожен карактер, другото често, многу често води до изобилство на чувствата...”

Мислам дека тој ја одредува границата меѓу душевноста и духовноста на сцената. Едно е сигурно дека театарот е духовен процес на себе спознание и потрага по нашиот вистински Небесен Татко - Создателот. Понатаму и дека не можеме да го одделиме од Бога иако современиот театар се обидува. Но, сепак се јавуваат театарски апостоли кои нè враќаат во „телото духовно‟ на театарот за слава на Бога. Хуриен тоа го нарекува:

„...Будење на ангел, театарско присуство...‟

Тој исто така размислува низ своите сценски искуства на духовно ниво. Замислете еден актер кој го буди ангелот во себе.  Браун сака:

„...Со театарот да се достигне достоинството на обредот...‟

Убаво кажано. Достоинство на обредот. Затоа што во него се знае за кого и кому му се посветува играта, тоа го подразбира и начинот на зборување и однесување на сцената. Но, еве уште еден посветеник за духовноста во театарот и неговата поврзаност со Господ. Грахам вели вака:

„ Игра за Бог‟.

И понатаму дека:

„Исус славел играјќи кружен танц... Господ не спотнува да играме... Да се доближиме до Бог... Господ создал сѐ... да се просветлиме низ играта... да ја пренесеме Божјата порака низ играта... ‟

Зборуваме за игра и имаме еден подлабок сооднос на театарот и Бог. Всушност се гледа дека се работи за духовен процес. Турнер го цитира Барба на оваа тема и вели за:

„...Духовен раст во театарот...‟

Играјќи и истражувајќи на оваа тема за време на моите докторски студии на тема „Од обред до театар‟ ме нападна црквата и ме прогласи за „водач на неопаганизмот‟, додека играв повеќепати на неолитскиот театар во Кокино и заедно со професорот Драган Даутовски, кој на 31.07.2010 пред мојот молитвен настап свиреше на неолитската флејта. Православниот блог „Правоверие‟ го објави тоа на својот сајт и тоа го поместив во докторскиот труд дека ме обвинуваат оти сум предводник на неопаганизмот.

Неколку опити кои даваат насока на сето ова. Јас пред сѐ сум: актер, професор на ФДУ, драмски автор, режисер, автор на драми, сценарија, романи, слава му на Бога. А „Правоверие‟ директно ме обвини и ме поврза со црквата, не правејќи ја таа разлика меѓу уметноста и верата, меѓу театарот и Бога, меѓу актерот и свештенослужителот?! Со тоа ми помогнаа и ја потврдија мојата теза за единството на театарот и црквата. Грахам би рекол:

„ ...Каде играш таму е сцената...‟

Флеминг би рекол:

„...Драмата е обред во својот корен...‟

А Бенедети нѐ посетува дека:

„...Актерство е духовен корен во прославата на Бог...‟

Ќе поместам ставови на Хорнби и Данкан на таа тема:

„...Идејата за Господ е нешто што е работа на театарот...‟

Ете тоа е нешто што нѐ воведува за суштинската природа на театарот и неможноста да го иземете Бог од него, а зачудувачки е што црквата има потреба да го задржи Бог само за себе и не ги дава на театарот – обред, и секако:

"Игра под водство на Бога..."

Често се случуваше да озвучувам делови од Светото писмо, последните седум години, кога не успевав да добивам средства за премиера на театарот од институциите на културата во РМ. Ми приоѓале луѓе со солзи во очите, на разни места во: Албанија, Пиринско, Егејско, Србија, Австралија, Кокино, фестивали, кога зборувам од живото слово на Светото писмо. Нив ги допреле тие слова. Тие не знаат во принцип од каде се словата и дека словата се од Бога. Кој ли тоа го именува како:

„...Текстови од Библија и нивно претставување пред гледачите..."

Веќе споменав за литургискиот театар, со делови од Светото писмо, игран на крајот на 19 век на плоштадите во Европа. Играњето за Бог не е сопрено од кокинскиот неолитски театар до денес. И патеката на премин од обред до театар, од религија до современа култура и уметност не е еднонасочна. Тоа е процес кој постојано трае во обете насоки, во условеност од духовната зрелост на театарските работници и посветеници.

Куменига за работата со Брук и Гротовски го заклучил следното:

„Редефинирање на зборот Господ... секој сака да се преобрази, да стане паталец, да стане Христов..."

Тоа се театарски дејци и посветеници кои ја сетиле, разбрале врската на театарот и Бог. И секако ја разбираат духовната сила на сценската игра. Еве го и Бери.

„...Ние велиме во Хамлет да бидеш или не, а нашиот Отец нѐ создал нас и небесата..."

Тој јасно ја прави разликата на Создателот и создавачот. Во евангелие по Јован има еден стих од Божјото слово кој го одредува актерството во суштина и неговата срж. Пишано е:

„...И словото стана тело и се всели во нас, полно со благодат и вистина...“

Тоа е патеката, позиција на секој актер да се овоплоти словото на драмата во неговото тело и душа, како да е негово сопствено. Ете така зборуваме за оживување на текстови на сцената напишани од друг да станат дел од нашиот живот. Секако и односот кон тоа слово, е битен, сценско слово, озвучен збор, ако веруваме дека е од Бога тогаш озвучувањето има друга духовна длабочина и одговорност. Исидора Данкан зборува за:

„...Допрената точка на Божествената природа...“

Ние зборуваме за Божествената природа на театарот. Посебно во Македонија која го има кокинскиот- неолитски и Дионисовиот антички театар, кои се пророчки во својата суштина оти го најавуваат оплодувањето со Свети Дух на Дева Марија и доаѓањето на Исуса Христа. Рутин тоа го нарекува:

„Кога вербата е театар и обратно? Славење на Бог, Создателот?“

Се разбира дека и за театарот е потребна верба, дека на сцената правите нешто важно, значајно, суштински, инаку како ќе го појасните поривот да бидете некој друг, да играте таму секоја вечер во театарот или на обредната сцена, разни сцени, дејства, доживеаности, зборови кои не се ваши? Зарем самите на себе не сте си доволни па ви требаат други доживеаности, животи и живеења за да ја пополните празнината во вас. Еве еден интересен став на Начманович.

„Божествена игра за Создателот... игра за Господ...“

Адлер зборува за:

„...Драми со библиска сила...“

Се согласувам во потполност и би сакал да играм со него, во таков театар, свет и посветен на Бог, со сила духовна и пасија и страст. За тоа зборува и Бери.

„...Принцип на темнина и светлина..."

Во театарот би требало да има и духовна светлина покрај реалната. Она што го вели Исус на следбениците:

„Вие сте светлината на светот".

Рудлин зборува за победата на животот над смртта во театарот.

„...Повторно откривање на корените за тоа што сме, што нѐ води кон повторно воскреснување..."

Актерот секако има родение на почетокот и умира секоја вечер на крајот на претставата во ликот на сцената. Можеме да зборуваме за театар кој е патека кон себе спознание на сопствената Божествена природа. Дека човекот не е само тело и душа, туку и Дух Божји. Дека актерот исто така подлегнува на таа патека. Браун вели вака за театарот:

„Состојба меѓу прослава и погреб... меѓу волјата Господова и... силата на дарбата..."

И тој ја подвлекува волјата Божја, нели како што правеше Еврипид во времето на македонската антика. А тоа е сцено-траење, истрајност од 2400 лета Господови до денес. Ние зборуваме за процес на сооднос со Бог во македонската култура и театар, како дел од народната традиција. Ќе ја повикам за сведок и Ребека Вест.

„...Уметноста во Македонија, не е технички трик, туку реален духовен процес, како идеја за Господ и создателот..."

Тоа е согледба на новинар истражувач кој престојувал во македонската земја пред почетокот на втората светска војна, која се совпаѓа со нашите сознанија од практиката и теоријата на односот на театарот со Бога. Бристол ќе рече:

„...Играта е нетолерантна кога претставува Господови зборови..."

А кој сака здодевен, толерантен театар? Глиман вели:

„...Прославата е причина за суштествување на театарот..."

Но чија е прославата? Кому му била и кому му е денес упатена? Кого го славиме, себе си или Бога? Важна раскрсница меѓу душевниот и духовниот театар. Ние сме душа, тело и Дух Божји. Што славиме телото и душата или Бога и силата на неговиот Дух, или сме помислиле дека самите сме Богови, а тоа се Адам и Ева и драмата за првиот грев, протерувањето од рајот и смртта. Драмата за животот и смртта, вечната тема за: неолитскиот, Дионисовиот и литургиско-молитвен театар.

Но, тука е и Жан Копе кој вели:

„Актерот ризикува да ја загуби душата постојано играјќи на сцената некој друг..."

И тоа е дел од духовната страница на театарот. Може ли една душа и тело да носат повеќемина во себе без силата на Бог? Тоа е како на учка, на грб да качите повеќемина и да ги носите со себе!?

И ете го Еврипид хроничар на дворот на македонскиот цар Ахелај провикнува со принципот на потребата од Бог на сцената:

„ Деус и махина! Господ сече! Господ пресекува!"

Го гледам како застанал во театарот во Еге, со кренати раце кон Отецот Небесен и небесата. Уметник-пророк. Поврзан со Духот Господов сега и овде на сцената. А таму сè се гледа. Место за гледање. Театар. Или место за дарување на својата љубов во АТЕР-исување.

Дел од обредена состојба или духовен дар и претпазливост за духовното и телесното здравје на театарот. Дали ќе врвиме на сцената и во животецот со Бог или без Бог е принцип на личен избор. Како ние ќе одлучиме е наше право. Со сите причини и последици на изборот личен меѓу душата и Духот. Во атерот на театарот.

Но длабоко верувам дека не можеме да го отфрлиме Бога од театарот бидејќи тој е Сеприсутен во него и е причина и последица за неговото

настанување и опстој, барем во македонската култура. Мир вам во животот и во атерот на театарот.

Тихомир Стојановски

И истата верзија преведена на англиски:

**“Acting for God-Ritual or Art or Both?”**

On one of the evolutions of the subject "Stage speech with a voice technique", one my students had written:

,,..The Professor should not talk about God, but about theatre..."

Of course,how easy it would be simply to draw the line and to say:

"Please God leave the theatre...you are distracting some of the students..."

But then we might ask what is to be done with :The Kokino theater ,with the Dionysian theater : what to do with the healing role of the theatre in Macedonian antiquity , with the ritualistic choric dances, with the left and right dactils which had been ritualistic dances for healing, with the evangelical theatre performed on the squares of Europe at the beginning of the 19th century as a testimony to Christ ;what to do with Peter Brook , Jerzy Grotovski , Isidora Duncan, Julian Beck and with the second "Skrb i Uteha "...and of course it would be useful to ask the question in reverse: Is theatre possible without God...?"

Science agrees that the theatre in ancient Macedonia came into existence in the way of ritualistic forms, acting in goat's hides in honor of Dionysus? From the very beginning the theater is bonded with God and the Dionysian festivities . Harris speaks of it as of:

"Need to play God."

I think that playing for the glory of God is the starting point for the rise of the theatre. That can be found in the Neolithic theatre of Kokino, in the t Dionysian

theatre as well as in the later events as liturgical-prayer theatre  and in the unique group of theatrical apostles known as the third theatre …Erhertonrefers to it as:

"...God appears on stage as embodiment..."

I can speak of these experiences from my personal examples. I have been in ritualistic prayers at Kokino  six times .That is the place where the celebration of the oldest ritualistic drama so called Holy Matrimony has been confirmed.That drama has been named  as : HierosGamos, or Holy Matrimony whereas in essence it is : drama for bonding of man with God; he Holy Father impregnates mother earth in order to give birth to : a Demi God,the Chosen,the Habinger,the actor, the leader,the prophet, the Son of God.Man needs to unite with God in order to be created by God.

Dalymoore defines this as:

"God's effect on the play...the need for his presence."

There is no doubt as facts confirm it that the theater came to being out of the needs of our ancestor to unite with God, to celebrate God, and to show him, by the way of mimicry and prayer a ritualistic act which asks of him to show himself and to choose the speaker-the actor-the devote-on stage  and holy play.

In a contemporary theater which is Narcissistic enclosed in urban clichés, sterile, politically dependent on the government, self-promoting, corporal and spiritual without the Spirit of God, which is a copy of modern life lived in infidelity, passions of the flash, aggression and slavery, which is reduced to human pain and experiences which do not reach deep , high nor timelessly which is an imitative presentation of the worldly aggression and unlove which is not ennobled in the spirit of God and its presence.

But here is what Brooks says on that topic.  Here is how he determines the theater, how he opens it:

"The Essential questions of the existence of God and the God's laws…"

Some colleagues would say that the theater and the acting are a craft? In essence, they are not right because they do not know the true God made nature of the theater.

The theater above all is a spiritual category. It is a process of a new birth, of new deeds which are holy and scenic which have an ephemeral and a prophetic nature. Here, I will evoque once again Dolly Moore as a witness who says that the theater is:

"A ritual for the spiritual presence and the union with God…so that you can be filled with the spirit…"

In a way, that is a state of a new spiritual birth. The same story exists in the Neolithic-Kokino and in the Dionysian theater. The need to become one with God, the creator. To be born in Him. To be blessed, to receive from him a gift for action and speech. The ritualistic drama is as follows: The Heavenly Father impregnates The Earthly Mother in order for the First Actor to be born.

The same sacred drama can be found in the Dionysian Theater, Zeus, Heavenly Father impregnates Zemele and the child Dionysus is born. And, of course the ancient theater, for the first time is performed in honor of that child by God Dionysus. However, we should not forget that this prophetic story from the Neolithic and Dionysian theater ends with the annunciation of arc angel Gabriel when through the Holy Spirit virgin Marry conceives so Jesus Christ, our God and Savior can be born. In this way we can name the previous ritualistic plays of the Neolithic period at Kokino and the Dionysian period in ancient Macedonia as prophetic art. Here is what Harenal says of that period:

"his adoration was theater which transforms itself into human initiation and relationship."

One thing is certain that the word Theater designates a place for observation. The same as the word Observatory means a place for observation. The question is, do we look for God up in the sky or down towards the stage and our mimicking acts and desires towards the Father, our Heavenly creator. Sacred-

acts which we enact in order to indicate to the Creator what is that we are asking of Him.

Man has always had the need to bond with God, to hear Him, to be one with Him. That has been the first: actor, prophet, speaker, priest, leader…director-creator. Later on that spiritual point of beginning continues in leaving God, forgetting God. In the contemporary theater, the actor, the director, the play write become themselves the creators?! Isn't that the path towards self-adoration, towards abandoning God and becoming ourselves creators, open to God. That is the mark in the contemporary theater which reminds us of the primal sin of Adam and Eve in The Garden of Eden.

Undoubtedly, the theater experts would agree that: the theater is a "temple", but whose and which would have to be thought of and researched. For whom is the theater played? For God? For Self? Or for the audience? Or is it played for the politics of the mighty ones who give money? On this issue I find Harris's point of view very interesting:

"The Church also has the need for actors because they are coming from slavery to freedom towards baptizing and enlightenment."

If we look at the liturgies in the Orthodox Temples, we will notice that they are sacred dramas coming out of The Holy Scriptures. They consist of: quire, dialogue, drama, council which attempts to involve the audience-the believers.

We should not forget that in ancient Macedonia, the theater and the Church were one. In the theater, the king was crowned, marriages were performed as well as other festivities. The theater was both a spiritual and a social temple.

Here is what Hodgson says regarding this:

"The religious play represents the human power which is given to him by the Godlike nature…Time and relationship with God."

I think that this definition reveals the relationship between the theater, man and God. Time and Relationship with God.

Let us elaborate a moment of an inspired ritualistic practice at FDU. We name it "FDU-Baptizing with theater".

Take a Macedonian folk song in steps. Sing with the class of actors, in Glory of God in a quire. Play in Glory and Gratitude to God in dance and in steps. Then, one of the chosen among the students who has the gift of faith steps out of the quire and the dance, goes down on his knees and sings the song in steps as if it were a dramatic poetry, a ritualistic prayer, a message to God.

When you pass this phase of the reconstruction of the theater in Macedonia, you have a different physical and mental experience and feeling about theater. We should keep in mind that to this day we still play the antique metric steps in our Macedonian songs and dances. We can dance and play: jambot, dectile, troche, chrey and other God given ritualistic, metric steps in today's Macedonian dances and songs.

Here is what Lawrence Olivier, one of the greatest actors of our time in a letter to young students in theater:

"An actor should be above all someone who understands…and that puts him at the same level as the doctor, the priest and the philosopher…and he never stops learning till death".

Brilliantly expressed by one of the greatest artists of the 20 century. The actor is: a doctor , s priest and a philosopher . That's why I'm thinking on a deeper level about the theater as being an art and a craft.

During the research for my doctoral studies "From ritual to theater" I spent three years doing research about ritualistic healings in the name of Jesus Christ with: Zlatko Davitkovski, GeorgiFilev and Pastor Konstantin Kajsarov. I can attest and confirm of the existence of a different form of the word uttered in prayer during the healing and the physical and the mental changes of the people praying. Let us not forget that:

"the theater has a healing nature."

In the theater which has a spiritual power and unity with God there happens a catharsis, emotional changes and a healing. We have Edgar Moreno and a psycho drama. And the participation in the Dionysian rites is about achieving birth and unity with God, and not learn about the rites themselves.

Let us not forget the procedure by Euripides in the Macedonian antiquity until today unknown in the Macedonian theatrical school. At the beginning and at the end of each play, Euripides invokes God to decide to descend in order to resolve all the problems within the drama and the play: "

…I leave every ting in your hands, O God…"

Or the principal Deus ex Machina, God decides, God moves which is later adopted by Moliere in order to save The Son King in France and in the French theater.

Nor should we forget William Shakespeare, Dostoyevsky and the Holy Scriptures. If you know the Bible, The Holy Scriptures and if you know the opus of these two God gifted authors you will be able to see from where they have drawn their spiritual work.

The contemporary art has a different procedure. The artist relinquishes God and thinks of himself as being The God Creator. He becomes The Creator of all. He abandons God as a patron of the sacred dramas and strives towards self-adoration. He himself is a God and a Creator. In this case the art is emotional. But when he invoques God as in the case of Euripides and other play writes who take us back to the principles of the ritualistic drama such as Brook, Grotovsky, Back, Duncan and others that is a spiritual state in the arts.

We may speak about the principle to whom the theater is devoted. To the government? To the self? To God, to the audience? Grotovsky has interesting expressions about this such as: theatrical tourism, public-tropism and an actor who sacrifices himself and an actor who sells himself . Here is what Barba says about this:

"Actor-courtisan and Holy actor"

which explains Grotovvski's believes that the Actor is a saint who ascends the stage and sacrifices himself on it so that he may sanctify the audience.

We at the theater "Scrb I Uteha" have performed parts of spiritual texts, have recited quire prayers from the antiquity, we have played rites by spraying holy water, we have uttered parts of the Holy Scriptures in a number of scenes in our performances. We have torn to pieces The Macedonian curse of self-destruction in a ritualistic prayer, we have recited parts of The Holy Scriptures at the theatrical festivals at monasteries in open spaces, in high schools, hospitals, prisons…I have personally participated 6 times in prayer-like scenic performances at Kokino and I have also made surveys among audiences asking them weather they have experienced my appearance at Kokino as a spiritual act or as an act of art and theater. Very few could tell the difference. Most of them agreed that it was the matter of a spiritual act. They have said the same even at the performance of the actors during scenes of The Holy Scriptures in front of The Monastery Sveti Jovan Osogovski at the MTF "V Cernodrinski".

It would be interesting to hear the opinion of Haul.

"…there is no boundary between the beauty of the sacred and the sacredness of the beauty. The one leads to the sublime, the most noble, the most fateful character, and the other, very often leads towards the abundance of the emotions…"

I think that he draws a boundary between spirituality and holiness on stage. One thing is certain that the theater is a spiritual process of self-realization and a quest for our true Heavenly Father-The Creator and furthermore that we cannot separate it from God in spite of what the contemporary theater is trying to do. In any case, there are still theatrical apostles who take us back to "The spiritual body" of the theater in Glory of God which Hurien calls:

"…awakening of the angel, theatrical presence…"

Hurien also thinks of his own scenic experiences as having a spiritual level. Imagine an actor who awakens the angel within himself. Brown wants:

"…to achieve through the theater the dignity of the ritual…"

Beautifully said: The "dignity of the ritual", because in that we know to whom and for whom the play is dedicated. That takes into consideration the manner by which the actors speak and play on stage. Here is one more reminder about the spirituality of the theater and its connection with God. Graham says:

"Play for God".

And furthermore:

"Jesus celebrated playing a round dance…God urges us to play…to come close to him…God who has created all calls upon us to enlighten ourselves through the play… and to relay his message…"

Here, we are talking about play and we have a more profound relationship between theater and God. In fact, it is obviousthat this is the matter of a spiritual process.

Turner quotes Barba on this subject and says:

"…Spiritual growth in the theater…"

During my research for my doctoral studies on the theme of "From Ritual to Theater" the Church attacked me and called me: The leader of the neo-paganism". This happened several times while I was playing at the Neolithic theater in Kokino together with professor Dragan Dautovski, who on July 31 2010 played with his Neolithic flute before my act of prayer.

The Orthodox Blog "Pravoverie" published this on its site which prompted me to put in my doctoral study that I am accused of being the leader of Nep-paganism.

I want to try to explain this and give it the right direction. I am above all an actor, a professor at FDU, a dramatic author, a play write, a writer of scripts, novels. Glory be to God.

"Pravoverie" accused me directly and connected me with the church without making the difference between art and faith, between theater and God, between the actor and the priest?! With that they helped me with my theses about the

relationship and the unity between the theater and the church. As Graham would say:

"...where you play there is the stage..."

and Flamming would say:

"...the play is the ritual in its own root..."

As Benedetti reminds us:

"...acting is the spiritual root in the glorification of God..."

Here are some thoughts by Hornbi and Duncan on this theme:

"...The idea about God is something which is the work for the theater..."

This is something that initiates us into the essential nature of theater and the impossibility to extricate God from it. It is truly a puzzle why the church wants to keep God only for itself and does not want to share it with the theater as a ritual and otherwise:

"Play under the guidance of God..."

I should mention that during the last seven years many times when I was acting several parts from the Holy Scriptures, I was unable to get any financial help from the Institution of the Ministry of Culture in the Republic of Macedonia. I have been approached many ties with people with the tears in their eyes in many different places: Albania, Pirin, Egej, Serbia, Australia, Kokino, as well as at different festivals, кога зборувам од живото слово на светото писмо.

They have been touched by my letters without knowing where those letters come from, without knowing that those letters come from God. Koili names this as:

"...Texts from the Bible and their presentation to the audience..."

I have already mentioned about the liturgical theater with parts of The Holy Scripture, played at the end of the 19th century on the main squares in Europe. Playing for God has not ceased since the Kokino Neolithic theater till today, and the path of transition from ritual to religion to contemporary culture and arts is not in

one way. It is a process which persists in both ways depending on the spiritual maturity of the theatrical workers and enthusiasts.

Kumeniga concludes the following regarding the work with Brook and Grotovski:

"By redefining the word God…everybody wants to transform to become the interpreter, to become of one with Christ…"

Those are theatrical devotees who have felt and understood the relationship between theater and God and certainly understand the spiritual power of the stage play. Here is Barry:

"…In Hamlet we say: To be or not to be, but our father has created us and Heaven…"

Here he clarifies the distinction between the Creation and the Creator. In the Epistle of Saint John there is one line about the Letter of God which determines the acting in its essence and core. It is written:

"…and the Letter become body one with us filled with mercy and the truth…"

That is the way the position of each actor to incorporate the Letter of the body in his body and soul as if it were his own. That is how we speak of becoming alive of texts on stage written by others which become parts of our life. We should also mention that our relationship with that Letter is important as a stage letter, as a spoken word and, if we believe that it is from God, then the spoken word assumes a different depth and responsibility.

Isidora Duncan speaks of this as:

"…The point touched by the God-like nature…"

Here we speak of the God-like nature of theater, especially in Macedonia which has the Kokino-Neolithic and Dionysian ancient theater as prophetic in its essence because they proclaim the impregnation by the Holy Spirit of Virgin Marry and the coming of Jesus Christ. This is what Rutin calls:

" …When faith is theater and vice versa? Glorification of God, the Creator?"

We must know that even for the theater the faith is necessary. That you must know the importance of what you do on stage, otherwise, how else can you explain the urge to be someone else, to play there every night in the theater or on the ritualistic stage actions, experiences, and words which are not yours. Are you not self-sufficient so that you need other people's experiences, lives by which you fill the vacuum within you? Here is a thought by Nacmanovic:

"Divine play by the Creator…play for God…"

Adler speaks of:

"…Dramas with biblical strength…"

I agree with this fully and I would like to play with him in such a theater and world, devoted to God with spiritual power and passion.

Barry speaks of this:

"…The principal of darkness and light…"

The theater should have spiritual light in addition to the real one that which Jesus says to his followers:

"You are the light of the World."

Rudlin speaks about the victory of life over death in the theater:

"…Rediscovering the roots about who we are which leads us to our resurrection…"

Certainly, the actor is born at the beginning and dies at the end of the play with each performance on stage. We may speak about the theater which is a way towards self-recognition, self-realizations of the God-like nature. We may add that the man is not only the body and the soul but that he too is the Spirit of God. And that is the way and the path that the actor follows. Here is what Brown says about theater:

"The stage between celebration and funeral…between the will of God and…the power of the gift…"

Notice here that he too, like Euripides in the ancient Macedonian theater emphasizes the will of God. That is a stage duration, perseverance and continuity

that has lasted for 2400 years to this day. We speak here about a process of relationship with God in the Macedonian culture and theater as part of the folklore tradition. I shell call upon Rebecca West as a witness to my claim:

"…the art in Macedonia ins not a technical trick but a real spiritual process as an idea about God and the Creator…"

Rebecca West does this as an observation of a journalistic researcher who has stayed in Macedonia before the beginning of World War II which coincides with our conclusions on the practice and theory in the relationship between theater and God.

Bristol says:

"…The play is intolerable when it represents the words of God…"

And who would like a tolerant theater?

Gleeman says:

"…The celebration is the reason for the existence of the theater…"

But whose is this celebration we might ask? To whom has it been directed in the past? And to whom is it directed today? Whom do we celebrate ourselves or God? This is an important crossroad between the emotive and the spiritual theater. We are: the soul, the body and the Holy Spirit. We must ask: What do we celebrate, the body and the soul or God and the strength of his spirit or have we ever thought that we ourselves are God and that is Adam and Eve, and the drama of the original sin, the expulsion from the Garden of Eden and the death.

The drama about life and death, the eternal theme for the Neolithic, the Dionysian and the Liturgical theater. Here is what Jean Cope says:

"The actor risks to lose his own soul playing constantly someone else on stage. "

That too is a part of the spiritual side of the theater. Is it possible for one soul and body to carry many more within himself without the power of God.That would be an equivalent of you carrying the load of several people on your shoulders.

Here is Euripides again, the chronological recorder at the court of the Macedonian king Archelaus who evokes the principle of the necessity of God's presence on stage.

"Deus ex machina! God decides. God resolves!"

I see him Euripides, as he stands on stage at the theater in Aege with arms reaching towards God, The Heavenly Father, an artist-prophet bonded with the spirit of God here and now, on stage where everything can be seen. The place for seeing, the theater. Is there a better place that this to give your love as a gift?

This is a part of the ritualistic state of the spiritual gift for the benefit of the spiritual and the corporal health of the theater. Whether or not we exist on stage and in life with God or without him is a principle of a personal choice. Whichever way we decide is our right and a privilege. With all the reasons and the consequences between the Soul and the Spirit. In the "ater" of the theater.

I am deeply convinced that we cannot cast off God from the theater because he is only present within it represents the cause and consequence of its becoming, of its existence, of its perseverance, at least in our Macedonian culture.

Peace be with you in your life and in the "ater" of the theater.

Tihomir Stojanovski

Библиографија:

Adler Stella. 2000 "Art Of Acting", Applause. Canada.

Barba Eugene (Барба Ежен).2010 „Земја на пеплишта и дијаманти‟, превод Игор Стојановски, едиција Лицеум, Скрб и утеха, Скопје. Country of ashes and diamonds, translation Igor Stojanovski, edition Liceum, Care and Comfort

Baldry H.C. 1981 "Ancien Culture And Society The Greek Tragic Theatre", Chatox & Windus

Bradbrook M.C. 1962 "The Rise Of The Common Player- A study of acter and society in Shekespeares England", Cambridge Universsity press

Braun Eduard. 1983 "The Director And The Stage", Methuen, London

Bristol Michael .D. 1985 "Carnival And Thetare – Plebeian Culture And The structure Of authority in Renaissance England" ,Routledge, New York, London

Bury Blooms. 2005 "Peter Brook- A Biography", Publshing, London

Benedetti Robert. 2009 "The Actor in You", The Univesity Of Navada, Las Vegas

Braun Edward. 1969 "Meyerhold On Theatre", translated and edited with critical commentary, Hill and Wang, New York

Brook Peter (Брук Питер) 2003 „Точка на преврт‟, превод Игор Стојановски, едиција Лицеум, Скрб и утеха,Скопје, „Point in turn‟, translate Igor Stojanovski, edition Liceum, Care and Comfort, Skopje.

Cawley A.C. 1981 „Everyman and Medieval Miracle Plays‟, London, Melburne and Toronto Everymans Library

Duncan Isidora. 1955 „My Life‟, Liveright, New York

Dollimore Jonathan. 1984 „Radical Tragedy- religion, ideology and power in the drama of Shakespeare and his contemporaries‟, The Harvester Press.

Etherton Michael. 1982 „The Development of African drama ",Hutchinson Univesity Library for Africa

Fleming Michael. 1997 "The Art Of Drama Teaching", David Fulton Publishers, London

Gilman Richard. 1925 "The Making Of Modern Drama", A Da Carpo Paperback.

Graham Ginny.. 1993 "First Stage", Northcote House

Graham Martha. 2004. "Dance Was Her Religion-The Spiritual Choreography Of Isidora Dankan", Hohm Press, Prescott Arizona

Hall C. W. 1933. "Samuel Logan Brengle", New York: Salvation Army.

Harinoll Phyllis. 1980. "A Concise History Of The Theatre", Thames and Hadson

Harris John.Wesley. 1992. "Medieval Theatre in context", Routledge, London & New York

Hodge Alison. 2000. "Actor Trening-Twentieth Century", London & New York

Hodgson John. 1972. "The Uses Of Drama", Eyre Methuen LTD,London

Hornby Richard. 1992. "The End Of Acting- A Radical view", Applause Theatre Books

Horton Sandra.Fraleigh. 1999. "Dancing Into Darknes", Universuty Of Pittsburg Press

Kumiega Jennifer. 1987. The Theatre Of Grotowski, Merhuen, London

Meyer Daniel Dinkgrage . 2001. "Acting Past And Present", Continium Studies in Drama, London, New York.

Nachmanovitch Stephan. 1970., "Free Play- improvisation in life and art", Penguin Putnam, New York

Pavis Patris (Павис Патрис) 2002 Речник на театра, ИК Колибри, София

Sir Lawrence Olivier (Оливие Лоренс). 2002. На актерство, превод Игор Стојановски, едиција Лицеум, Скрб и утеха, Скопје. The actor, translation Igor Stojanovski, edition Liceum, Care and Comfort, Skopje

Rutnin Mojdada.Mattani.. 1993. "Dance, Drama And Theatre In Thailand", Silkworm books

Rudlin John.  1986 ."Jacques Copeau –directors in perspective," Christofer Innes, Cambridge University sity.

Sanders Oswald J. (Сандерс Освалд) 2011 Духовно водство  Spiritual Leadership превод Александар Калаји, Изгрев Скопје. Spiritual Leadership translation Alexander Kalain, Sunrise Skopje.

Strasberg Lee  (Стразберг Ли.) 2001. "Сон од страст", превод Игор Стојановски, едиција Лицеум, Скрб и утеха,Скопје.  "Dream of Passion", translation Igor Stojanovski, edition Liceum, Care and Comfort, Skopje

Stojanovski Tihomir (Тихомир Стојановски). 2015. "Од обред до театар", едиција Лицеум, Скрб и утеха,Скопје. From ritual to theater edition Liceum, Care and Comfort, Skopje

Stojanovski Tihomir (Тихомир Стојановски)  2014. "Овоплотен збор" едиција Лицеум, Скрб и утеха,Скопје. "Embodied word" edition Liceum, Care and Comfort, Skopje

Stojanovski Tihomir (Тихомир Стојановски). 2009. „Театарот како елитна и масовна култура", едиција Лицеум, Скрб и утеха,Скопје. "Theatre as an elite and mass culture," Liceum edition, Care and Comfort, Skopje

Stojanovski Tihomir (Тихомир Стојановски) 2015. „Допрен од Бога Исуса", едиција Лицеум, Скрб и утеха,Скопје. „Touched by God Jesus "edition Liceum, Care and Comfort, Skopje

Turner Jane. 2004. "Eugenio Barba", Routledge, London & New York.

West Rebecca,1969 "Black lamb and Grey Falcon, Penguin Books, New York

Willet John. 1963 "Brecht On Theatre- The development of an Aesthetic", Hill and Wang-New York

## ШЕКСПИР И ЖИВОТО СЛОВО ИСУСОВО

-за библиските мотиви во делата на Вилијам Шекспир-

Втор дел

Наместо предговор:

„...Веројатно најголемиот книжевен гениј на сите времиња, Вилјам Шекспир, рекол пред смртта: "Јa предавам својата душа во рацете на Бога, мојот Создател, потполно верувајќи во Исус Христос, за мојот Спасител"

https://siont.net/u-hristu/inside/maisel.php

ПРЕД ЈАМБОТ ДА КРЕСНЕ

Оваа книга ја оставам како наследство и сведоштво за духовната страница на уметноста, поточно на театарот за која малкумина, сотрудници од „мајката сцена" размислуваат или знаат, нешто... Тоа е секако пропуст на македонскиот образовен систем, кој секако трпи  големи притисоци за неговиот опстој, како македонско образование и култура. И ние не знаеме или не смееме да знаеме и да кажеме за духовната и историската - материјална страница на пребогатата македонска култура од најраните фази на човештвото до денес. На пример, дека македонскиот театар почнува од обредниот театар на мегалитската опсерваторија Кокино, период од железното време, каде се случувала најстарата обредна драма Хиерос Гамос, духовна свадба, поврзување на материјалниот и духовниот свет.

Тоа подразбира дека вториот македонски антички театар на Дионис во македонската антика, ја има истата приказна на небесната свадба и соединување. Во тој случај, Деус како небесен Отец ја оплодува Семела, како

земна жена за да се роди детето Дионис. Оној кому му бил посветен театарот во игрите во антиката.

Третиот реален театар е духовниот меѓу животот и смртта, доаѓањето, овоплотувањето на Господ Исус Христос, без телесни односи, значи оплодување со Духот.

Во таа насока, првите две состојби од кокинскиот и Дионисовиот македонски театар се пророчка уметност, нешто што предвидело настан кој го промени човештвото, овоплотувањето на Исус Христос.

Оваа книга ќе ја осветли врската меѓу јамбовите на Вилјам Шексшир и драмските стихови, со живото слово од Новиот Завет на нашиот Господ Исус Христос. Така таа духовна сила и поврзаност ќе стане сосема нормална врска, која ја објаснува длабочината, широчината и височината на јазикот на елизабетанецот.

И по стапките на македонскиот антички автор Еврипид, кој на почетокот на драмите го вовел принципот Деус и махина, го повикувал Отецот небесен, Создателот да пресече, пресуди на почетокот и крајот на претставите, и да даде сила да бидат во духовната светлина. Тоа Аристотел го нарекува принцип не да се научат обредите во Дионисовите слави, туку да се соединиш во Духот со Отецот небесен. И така да се промениш, да доживееш катарза, прочистување.

И нели со метричките стапки во македонската антика ние и денес пееме, играме, свириме и го славиме Создателот. Ете го богатството на македонската народна култура. Тука се споменува и обредната метричка стапка дактилот, и денес природно својствен во современиот македонски јазик.

Така оваа врска за духовната природа на јамбските драмски стихови на Шекспир станува духовна обврска на еден деец кој твори во земјата родилка на театарот во Европа.

Пред јамбот да кресне, тој бил игран, пеен, свирен, драмувам во македонската народно-обредна култура, и го има во охридските народни македонски песни, како на пример: „ Деспина ќе ја грабиме, никој да не знае...“

Оваа книга е да се дознае за духовната природа на Шекспировиот јамб и за тоа од каде доаѓа неговата сила. Со Отецот напред, лесна и плодна сцена...

## БЛАГОСЛОВОТ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Македонската култура е благословена од Создателот. Пред сѐ со обредните постапки, обредниот театар во кој нашите предци се поврзувале, ја барале врската со Отецот на небесата. Тоа може да се види во записите, зборниците на преродбениците, на пример кај Дафина од Серез која му испеала на Стефан Веркович неброен број песни, адети, приказни, како водач на хор за свадби. Меѓу нив песни и адети од Стариот завет со Мојсеј, Аврам, со Александар Македонски од македонскиот антички период.

Од македонските народни обичаи запишани од Андреј Мазон, кој престојувал во Бобошница кај Корча, во семејството на Конески (Куненчки) и господин Илија Кунечки ни ги пееше песните од тој зборник и ни ја раскажа целата сторија.

Суштината е дека сите метрички стапки од македонската антика ние можеме и денес да ги играме, пееме, свириме во македонската народна култура, на пример јамбестата структура на Шекспир ја пееме во песната „Деспина ќе ја грабиме, никој да не знае“. Првиот ненагласен, вториот нагласен слог, кој е пеен и игран за Дионис, Аполон и Асклеипе и другите антички светии. Тоа нѐ носи до Ребека Вест и нејзиното сознание дека:

„...македонската култура не е технички трик, туку длабока суштинска поврзаност со Создателот и неговиот син Исус Христос“.

РИЧАРД ТРЕТИ УБИЕЦ И ПОКАЈНИК

Ричард : „...Стореното сега не се поправа
човек понекогаш знае да згреши
а потоа веднаш каење го чека...‟

Тоа е сцената на Ричард со Елизабета, на која и убил куп роднини и ја бара нејзината ќерка за жена. Зборува за грешење и каење, Јован Крстител и Исус повикуваат на каење. Покајте се, та да се покајат та да ги исцелам. Јуда се покаја. И има грижа на совест.

На стр. 186 во истата трагедија на Шекспир, на почетокот на монологот Ричард вели:

„...Милост, Исусе! – тивко сонувам...‟

Исус вели: „милост сакам, а не жртви‟

И „милоста во судот се покажува‟. Или кој нема милост и за него ќе нема милост пред Судот. Понатаму Ричард уште подлабоко меѓу животот и смртта, гревот и покајувањето вели:

„...о, совест кукавна колку ме мачиш...‟

На крајот остануваш сам со гревот, претежок грев кој не може да се носи. И еве стихови:

„...Од што се плашам? Од себе? Друг нема.

Ричард го сака Ричард...‟

Станува внатрешна борба во секого од нас меѓу демонскиот и духовниот свет на Господ Исус Христос.

„...Да. Јас сум јас. Има ли убиец овде?

Не – да. Има. Јас...‟

Одиме во Ричард Трети стр.9[96]

---

[96] Вилијам Шекспир, Ричард Трети, Македонска книга Скопје, 1985, превод на Драги Михајловски

Кларенс вели: „Жими Господ...“

Светото писмо вели не колнете се...

Одиме понатаму на 12 стр. Глостер вели:

„...О Кларенсе, шутко, толку те сакам

што наскоро душата на небо ќе ти ја пратам

ако небото дарот мој го прими...“

Каде оди душата, небо и земја, два света, човекот е тело, со дух вдахнат во душа.[97]

Глостер на 13 стр. се колне во Свети Јован. [98]

Леди Ана, стр. 16, сцената со Ричард:

„...но смртни сте знам, Боже, ви простувам, смртните очи пред ѓаволот веднат...“[99]

На истата страница малку подолу леди Ана ќе рече:

„...О, Боже, крв му даде, смрт одмазди му!

Земјо, крв му пиеш, смрт одмазди му!...“

Понатаму на стр. 17 истиот лик вели:

„...Гаде, за Бога, не знаеш, нит за човечност...“

И на страница 27 во монологот на Ричард Трети самиот кажува со кого е во сојуз:

„...и се против мене беше, Господ,

совеста, пријател немав да ме поткрепи

освен ѓаволот лично и лицемерието мое

а сепак ја освоив...“

Ете со кого соработува тој. На крајот како и Јуда искариотски во кого влезе ѓаволот во срцето, на крајот ги врати 30-те сребреници со кој го

---

[97] 1 Солуњаните 5:23

[98] Православните и католичките верници слават и Свети Јован, протестантите го слават само Исус.

[99] Исусов принцип на простување, дека Он е Судијата пред кого сите еден ден ќе одговараме.

продаде Исус, ги фрли во храмот на свештениците и се обеси. Гревот беше претежок да се носи. Сатаната излезе од неговото срце и тогаш остана сам со себе. Ричард исто така на крајот бара коњ да побегне од себе.

Стр. 31, Ричард се колне во Свети Павле, стр.31 Ричард вели: „...Боже светот толку се израсипа...‟, понатаму додава: „Господ даде мене да ми требате.‟. На 34 страница Маргарите вели: „да даде Господ да се смали!‟

„...Господ невините ги одмаздува...‟ Елизабета на 37 стр.

Кралицата Маргарита на стр.43

„Што! Зар за советот добар ме презираш
и на ѓаволот му се умилкуваш, од
кого ти велам да се вардиш?‟

Се гледа дека прави разлика меѓу двете сили кои владеат на земјата, инаку наречена „долина на сенка смртна‟, за ѓаволот и Господ Исус Христос.

Еве стихови понатаму кои самите сведочат за поврзаноста на Шекспир и Исус на стр 45. Зборува Глостер (Ричард Трети).

„...оти Господ по Светото писмо нè тера
за зло со добро да вратиме. Така, подлоста гола
си ја покривам со крпи стари од Светото Писмо
и светија изгледам кога враг сум најстрашен...‟

Познати се стиховите дека сатаната се преоблекува во ангел на светлината.[100] А стиховите „ако некој те удри по едниот образ заврти му го и другиот...‟[101]

Еве што вели Кларенс на стр.48:

„...Тогаш небаре, легија ѓаволи ме обиколи
и в уши ужасно ми урлаа и
на викот се разбудов тресејќи се...‟[102]

[100] 2 Солуњаните 2:9 / 2 Коритјаните 11:14
[101] Матеј 5:39
[102] Ричард, стр. 48

Истата сцена ја има бесомачниот со легија ѓаволи во него. Исус го исцелува и тие, демоните, влегуваат во свињите. Кларенс продолжува:

„...О, Гоподе, ако молитвите недостојни
ги сметаш и решиш за  гревот мој
да ме казниш, истури го гневот на мене само..."[103]

Преземање на вината како кај Исус, вината и гревот на други врз себе. Еве што вели вториот убиец:

„...Прими го ѓаволот в глава, но не верувај му. Ќе те навлече па ќе офкаш..."[104]

Споредба со Јуда Искариотски. Во него влегува ѓаволот во срцето за да го предаде Исус.

Кларенс разговара со своите убијци.

„...Ви велам, ако откуп сакате со
крвта на Ристос за грешните дела
бегајте! Скраја рацете од мене!
Проклети дела сте наумиле..."[105]

Познато е дека Исус ја пролеа својата света крв и плати за нашите гревови. И понатаму Кларенс им додава на убијците, откако тие му кажуваат дека извршуваат наредба на кралот.

„...Слуги сте заведени! Кралот велик
Над кралевите во законот свој
Нареди: Не убивај! Повелбата зар
Негова ќе ја прекршите за човечка да
исполните? Пазете! В рака одмазда
Тој држи и врз главите на непослушните
ја спушта".[106]

---

[103] Ричард Трети, стр. 48
[104] Ричард Трети, стр. 53
[105] Ричард Трети, стр. 56
[106] Ричард Трети, стр. 56

Кларенс, односно Шекспир го објаснува Божјиот закон од кој не може да се побегне. Ако слушаш луѓе одиш во грев и проклетство. И понатаму Кларенс како некој евангелист во јамбовите им вели на луѓето кои дошле да го убијат:

„...А Господ ако одмазда врши
за злоделото мое, знајте,
јавно Тој тоа ќе го изврши. О,
не одземајте му го случајот од
рацете моќни, Тој јавно законски
непокорните ги сосечува...“[107]

Кларенс прави исповед на вера, го признава гревот, но ги посетува дека Исус ќе ни суди на сите. И продолжува и понатаму на стр.59. Еве што им вели на убијците:

„...Покајте се и души спасете си...“[108]

На покајание повикуваат и Јован Крстител[109] и Исус[110]. Обајцата велат покајте се. Во Исаија е пишано вака:

„...та да се покајат, со срцето да разберат, та да ги исцелам...“

Гледаме дека постојано Шекспир, преку ликовите во трагедијата „Ричард Трети“ постојано твори, пресоздава, коментира стихови и закони од Светото писмо. Токму затоа тие стихови имаат духовна сила. И се најпреведуваните, пишани дела во светот после Библијата. Кларенс понатаму им вели:

„...Незнаењето е ѕверско, дивјачко, ѓаволско.
Пријателу[111], сожалба во погледот ти читам.
О, ако лажни очите на ти се,

[107] Ричард Трети, стр. 57
[108] Ричард Трети, стр. 59
[109] Матеј 3:2
[110] Матеј 4:17
[111] Исус му вели на Јуда пријателу, пред да го предаде.

на моја страница прејди и за мене моли се..."[112]

Принцип на покајување, молитва, и убиецот го спомнува и Понтиј Пилат за да си ги измие рацете, како во случај со Евреите и Исус.[113]

Понтиј Пилат вели невин сум за смртта на овој праведник. Неговата жена сонува сон да не го казнува Исус. И на Евреите им вели крвта ваша на главите ваши. А тие велат нека падна неговата крв врз нас и нашите деца. И затоа се убиени толку Евреи...[114]

Кога не сте ја прочитале Библијата, Светото писмо, вие ништо не разбирате од метафорите на Вилијам Шекспир. На ја разбирате таа сила, духовна поврзаност. Одиме понатаму. Зборува крал Едвард:

„...Јас повик секој ден очекувам
од спасителот мој што ќе ме одведе.
Со мирна душа на небо ќе одам
в мир штом на земја вас ве оставам.
Риверсе, Хастингзе, ракувајте се
омраза не ткаете, заколнете се на љубов..."[115]

Сака да си замине од светот, како Апостол Павле, Јона, Илија да го напушти овој свет и им препорачува простување и љубов. Нашиот Татко небесен е љубов.[116]

На 66 стр. Глостер. Ричард Трети вели:

„...да даде Бог..."

Знае кој дава, на крајот и почетокот, иако прави зло, бара од Господ да му помогне во злото?! Веќе во наредната страница од трагедијата го кажува ова:

„...но Бог ќе ми плати..."

---

[112] Ричард Трети, стр. 60
[113] Матеј 27:22-25
[114114] Втората светска војна со Хитлер и денес
[115] Ричард Трети стр. 62
[116] 1Јован 4:16

За што ќе му плати, за сè. Свесен е за тоа затоа во последниот монолог тој бара милост од Исус, но ќе дојдеме дотаму.

Одиме понатаму, еве зборови од Војвотката:

„...Боже, јас мајка сум на сите таги..."[117] и понатаму вели и одговара Дорсет:

„...Бог не сака неблагодарно дело да му примаш..."[118]

Зборот е благодарност кон Отецот што ни го даде Исус да нè спаси од смртта. Дали си му благодарен на Бог-Отецот. Да не заборавиме во двете обредни форми, драми во македонската култура, кокинскиот театар од железно време и Диониосовиот антички театар, основата е заедништво, соединување со Духовниот Татко небесен.[119] Тоа ја дава поврзаноста на македонската обредно-народна култура и нејзината духовна сила. Играње за Бог, Татко Создател, Драипатер.[120]

Одиме понатаму низ јамбовите. На стр. 77 имаме колнење во Богородица. Разговор на двајца граѓани во Лондон:

Вториот... Лоша вест, жими Богородица...

Колнење во земната мајка на Исус, во жената која го носела, благодатна Марија. Светото писмо вели да не се колнеме ниту во небото, ниту во земјата...[121] но тоа е деноминација, од земната поделба на христијанските заедници според човечко разбирање на Светото писмо.[122] Сцената продолжува во таа насока, на улиците на Лондон, Еве што вели третиот.

Третиот: живи Бога;[123]

Истиот вели понатаму :

„Со Божјо усет" и „Но Бог сам ќе реши"[124]

---

[117] Ричард Трети стр.73
[118] Ричард Трети стр.73
[119] Хиерос Гамос, свет брак
[120] Добар Татко во македонската антика.
[121] Матеј 5:33-35
[122] Наречено животодавно слово, слово на животот, живо слово, поостар меч и одредува духовна сила во изговорен збор со вера.
[123] Ричард Трети стр. 78

Пред сѐ во одлуките се дава името Божјо, Исусово. Се повикува по Него, кон Него за помош и водство.[125] Еве ја Кралицата Елизабета:

„...Леле Боже, домот ми се руши...“[126]

Во состојба на немоќ повикува кон Бог и таа и сите ние. Тогаш ни текнува за Него. Интересен е Војводата од Глостер, кој добро ја познава, го познава она што го пишува во Светото писмо. Еве што вели на стр. 85, чин четврти:

„...Само по изглед, луѓето ги цениш

А Бог знае оти душата многу

ретко со изгледот е истоветна...“ и понатаму подолу на стр. 86 вели:

„...Господ да те чува од нив и од

пријатели лажни...“

Мотивите на Ричард за да ги убива властите, политичарите се оти тој е војник, а тие печалат на него. Тоа е почетната позиција, а потоа веќе е фатен во прангите на сатаната. Ќе му треба друг коњ и „милост Исусе“ и повеќе од тоа за да плати за гревот. Погоре зборува за тоа дека „Исус не гледа на лице туку на срце“[127] и за лажни пријатели, лажно братољубие како што се вели во словото Исусово. Понатаму во стиховите кои му се пишани на Хестингз, на страница 87, се гледа односот на семејството кон Ричард Трети.

„...Бог знае по кој повод, но не и јас.

Кралицата, мајка ви, и брат ви Јорк

в светилиште заминаа...“

Тие бараат утеха, помош од Господ.

Ете ги зборовите на кардиналот:

---

[124] Ричард Трети стр. 79

[125] Во античка Македонија, Еврипид, дворскиот хроничар на македонскиот цар Архелај го внел принципот Деус и Махина, Господ сече и мава, решава, на почетокот и крајот на претставата го повикувал небесниот Татко да пресече и да земе учество со духовна сила во драмата.

[126] Ричард Трети, стр. 83

[127] Прва книга царства 16:7 (1Самоилова 16:7 )

„...Благи, Господ небесен забранува
правото свето на светилиштето
да го прекршиме!..."

Светилиште храм, место каде се сеќаваат со Бог, во него има други правила. Тоа се католичката и православната деноминација. Иако во Новиот завет се вели дека Отецот не живее во ракотворни храмови и може да живее во нас во нашите срца, ако му го дозволиме тоа.

Ете што вели Греј на 103 страница.

„...Бог принцот нека го чува од сојот ваш!
Бакда сте вие клети крвопијци..."

Кога не останува ништо што може да те заштити се препушташ на Бог. Тој останува да те спаси. И Ричард вели, кога сеќава дека тоне, губи, гине:

„Милост, Исусе!"

Повикува кон Него. Ете доаѓа тоа време за него во трагедијата, стр. 108.

„...Кажете, ве молам, што заслужиле
тие што смрт ми токмат со ѓаволски игри
и вештерство клето, и што телово со
баење адски ми го завладеале?..."

Ричард зборува за заслуга кога мислиш зло, за поттик, напад кон него, а потоа му доаѓаат во сонот сите што ги убил, за да го потсетат што направил тој, за неговиот грев. Понатаму продолжува и зборува за баење, магии, духовни средства во војната:

„...Едвард, таа вештерка чудовишна
и онаа курва растурена, Шор
со магии вака ме бележија..."

Неговата состојба на душата кога гревот станува претежок. И доаѓа казната. Како на Каин кој ги убива братот свој Авела.

„...Казната моја е толку голема,

што не може да се носи..."[128]

И Ричард полека ја сеќава тежината на гревот, на сите убиени души кои му тежат на неговата душа. Но нема каде да застане јава на тој коњ кој го носи во смртта и адот, пеколот. Еве стихови:

„...Предавник си ти! Сечете му ја главата!

Жими Свети Павле[129] нема да ручам[130]

Пред овде да ја видам стркалана..."[131]

Ричард постапува исто така по тој урнек, нема да јаде додека не се убие предавникот. Како што се гледа постојано е таа линија на дијалог, допир, поистоветување, на јамбовите на Шекспир со Светото писмо. Како коментар и надополнување или толкување низ трагедиите и јамбовите на духовните закони на Господ Исус Христос. Еве и колнења во светии, што не го допушта Исус, но е дел од православието и католицизмот, славење на светци. Протестантите го слават само Господ Исус Христос.

„...Жими пресвета Богородица

неми се, ни збор да гугнат..."[132]

и на наредната страница:

Не, жими Господ, ни збор не гугнаа;

ко кипови неми, трупци што дишат,

се така се џареа смртно бледи..."[133]

Ете го Ричард пред последниот бој, бара помош и се надева на Господ.

„...што не дај Боже да му ги оттргнам..."[134]

128 Книга Мојсеева 4:13
129 Колнењето не е дозволено според Исус.
130 40 Евреи се заколнаа да не стават леб во устата додека не го убијат Павле, Дела 23:12-22
131 Ричард Трети, стр.109
132 Бакнигам, стр. 116. Ричард Трети
133 Ричард Трети, стр. 117
134 Ричард Трети, стр. 123

Надеж, потпора на Господ, а прави зло. Потребата од соединување со Создателот, Татко ја има и кај злосторниците. Потреба од вечната љубов. Еве ја и Елизабета.

„...Бог да го штити од таква титула...“[135]

Во современите драми, најчесто Господ се споменува со потсмев или бунт и негирање. Кај Шекспир се покажува длабоката поврзаност со Исус Христос во скоро сите ликови. Свесноста дека Он суди, решава дава и зема од сите нас, дека нè создал и нè владее сите. Елизабета продолжува да јамбува за Господ:

„...Ако се спасиш, морето мини го
и живеј со Ричмонд, од адот скраја...“[136]

Зборува за спасение преку морето да побегне од адот скраја. Ад на земјата од убиствата на Ричард. Потоа се вклучува и Ана:

„...О Бог да даде, обрачот златен
што главата моја ќе го опфати
да вжешти, мозокот да ми го спржи!...“[137]

Ова е стандарден начин на самопроколнување. Самиот се колнеш со збор. И тој од рима, драма се остварува според степенот на твојата верба и причинско-последичните односи со „царскиот закон на љубовта“.[138]

Еве ја Елизабета:

„ ...О, Боже, зар такви бајчиња фрли
во ждрелото на волкот? Зар и другпат
си спиел кога слично се правело?...“[139]

Разумно прашање на телесните луѓе е:

„... Зошто Господ дозволува зло?...“

---

[135] Ричард Трети, стр. 128
[136] Ричард Трети, стр. 130
[137] Ричард Трети, стр. 130
[138] Јаков 2:8
[139] Ричард Трети, стр. 145

Одговорот е заради слободна волја и царскиот закон на љубовта. Секој има право на сопствен избор, се вели во светото писмо:

„...во зборовите има живот и смрт,
што ќе посакате тоа ви се дава...‟

Право на одлука и кому ќе му се приклучиш, е право на секоја душа овоплотена на земјата. Еве што бара и вели Маргарита:

„...О, Господе, правилен и моќен
како да ти благодарам што песов
стрвен и сојот мајкин го крвави...‟[140]

Тоа се размисли во истата насока, зошто има зло!? И таа продолжува меѓу молитва и клетва, и заколнување:

„...Земјата се отвора, адот пламти,
ѓаволи врииштат, светиците се молат,
ненадејно оттука да го снема...‟

Бараат Ричард Трети да ги одмине и да си замине.

Еве уште дно колнење  на Војвотката:

„...Не, жими крстов, ти добро знаеш,
на свет дојде, од светот ад ми стори,
тежок терет раѓањето ми беше...‟

Тоа е мајката на Ричард Трети, свесна за гревот кој доаѓа преку синот нејзин. Таа продолжува во пророчко –молитвено слово. Мајката на Ричард Трети, Војвотката:

„...Или по Божја правда ќе загинеш
поразен во војнава што престои
или од јад и дртост јас ќе умрам
ликот повеќе да не ти го видам...‟[141]

[140] Ричард Трети, стр. 146
[141] Ричард Трети, стр. 152

Тешки зборови од мајката кон синот. Со чувство на вина и одговорност. Со натежната совест за тоа што прави и како постапува нејзиниот син. Еве Ричард што вели на стр.158:

„...Стореното сега не се поправа:
човек понекогаш знае да згреши,
а потоа веднаш каење го чека..."

И зборува на кралицата Елизабета , да ја земе ќерка и за жена. И кажува дека рожбите нејзини ги убил, но со ќерка и нова рожба ќе зачне... Значи ги знае гревовите свои и Божјиот закон на крајот, од кој не може да се побегне. На 162 страница во истата сцена ѝ вели, откако таа упорно го одбива:

„...тогаш со Господ..."

Го спомнува Господи на крајот сам се проколнува:

„...Напредок да нема, покај да немам,
ни успех во битките тешки
со душманот! Сам да се победам!
Небото, среќата, грб да ми свртат!
Дење видело да немам, ноќе спокој!
Доброведна среќа да немам во животот..."

Потоа додава ако ќерка ѝ не ја љуби. И сето тоа се случува, на крајот, кога паѓа Ричард. Еве интересен дијалог со Елизабета:

Елизабета: Зар ѓаволот мене да ме води?

Ричард: Да, штом ѓаволот кон добро те води.[142]

Добро ја одредувај ја насоката која те води, која сите нас нè води. И кој него го води. Има две суштествувања на земјата, синови човечки, (ѓаволски) и синови Божји.[143]

---

[142] Ричард Трети, стр. 164
[143] 1Јован 3:10

Одиме понатаму во споредбите на стиховите, јамбовите на Вилијам Шекспир со стихови и закони од Светото писмо на нашиот Господ Исус Христос.

Сцена 2, Логор близу Томворт. Почетокот на крајот на синот ѓаволски Ричард Трети. Говор на Ричмонд.

„ Со Господ, бодро напред пријатели,
жетва да ожниеме на вечен мир
со единствен крвав, свиреп бој...“[144]

и понатаму неколку јамбови подолу:

„ ...Значи со Господ напред!...“

Ете со кого оди напред и на кого се надева, и доаѓаме до последниот издив монолог на Ричард Трети:

„...Друг коњ дајте ми! Рани лечете ми!
Милост, Исусе! – тивко сонувам...“

Му доаѓаат сите кои ги убил на сон да му поднесат сметка за гревот. Од 182 страница на злосторникот Ричард Трети му доаѓаат на сон сите што ги убил: Ричард, Ричмонд, Кларенс, Риверс, Греј и Вон, Хастингз, Ане, Бакингам, тие му порачуваат да очајува и да умре. Потоа следува будење од сонот, од кошмарот, будење од себе си, и повикот кон Исус за покајување и милост. Еве ги јамбовите по духовен ред:

„...Друг коњ дајте ми! Рани лечете ми!
Милост Исусе! – тивко сонувам
О, совест кукавна, колку ме мачиш!...“[145]

Ричард признава дека совеста го мачи и бара милост од Исус. Исус вели:

„милост сакам а не жртви“[146]

---

[144] Ричард Трети, стр. 175
[145] Ричард Трети стр.186
[146] Матеј 9:13

Кога поминало времето за милост и сте направиле грев против Светиот Дух, тоа не се простува ни на овој ни на оној свет.[147] Кога сте знаеле дека суштествува Господ, Бог, Татко, а Ричард знае според претходните стихови и сцени[148] тогаш морате да платите за гревот, без милоста Исусова тоа е око за око, заб за заб, што сте превеле тоа ви се прави, тоа се законот и пророците.[149] Еве што вели Ричард понатаму:

„...Од што се плашам! Од себе! Друг нема.

Ричард го сака Ричард. Да. Јас сум јас..."[150]

Веќе во душата во духот во внатрешниот човек му станува јасно дека доаѓа наплатата на сторениот грев. И тоа го кажува понатаму. Еве ги јамбовите:

„...Совеста илјада јазици ми има
и секој јазик приказна кажува,
и секоја приказна вели дека сум подлец..."[151]

Потоа самиот знае што сторил и вели: кривоклетство и убиство.

„...Сите гревови сторени со ред
во сурија на суд се дерат:
Виновен е, виновен!..."[152]

Во наредните стихови на монологот „исповед и покајување" вели дека ни самиот за себе милост не наоѓа. Таа завршува, Ричард самиот ќе мора да плати за сторениот грев, не само на земјата,[153] туку и во духовниот свет. На наредната страница се колне во Свети Павле:

„...Жими Павле, сенките ноќеска
повеќе страв ми втераа в душа,

---

[147] Матеј 12:31
[148] Тој е постојано на распетието меѓу Исус и ѓаволот. Меѓу ангелскиот и демонскиот свет.
[149] Матеј 5:38
[150] Ричард Трети стр.186
[151] Ричард Трети стр.186
[152] Ричард Трети стр.186
[153] Именувана во Светото писмо како долина на сенка смртна.

одошто десет илјади војници...“[154]

Кога ќе ја сетите духовната сила на семоќниот Отец ќе се затресете пишано е дека и „демоните трепераат“. Станува збор за свесност за грев, постоење на Создател, Отец и Татко на сите, и суд од кој не може да се избега како од земните судови. Одиме на стр. 189 со Ричмонд, противникот на Ричард. Еве што вели тој:

„...Бог и правдата се на наша страница:

молитвите на светците и душите унижени

ко штитови високо кренати

пред нас стојат...“[155]

И тука имаме свесност за грев, зло и Бог, Татко Судија на небесата. Но сепак и Ричард бара помош од светиите. Иако прави зло.

„ ...Така и со помош на Свети Ѓорѓи!

Што мислиш ти Норфолк!...“

И потоа уште една свесна порака за себе и неговите, испраќа Ричард Трети.

„...Напред, храбро да удриме по гадот

ако не во рај, тогаш заедно во адот...“[156]

Ги спомнува двете места на кои се оди по смртта според христијанството. На страница 193 повторно се повикува на Свети Ѓорѓи, кој е претставен со копје како ја убива ламјата на фреските во православните цркви.

„...Нека нè ободри повикот стар ‚Свети Ѓорѓи‘

И гнев ни внесе на аждаи лути!

Напред победата нè вика...“[157]

[154] Ричард Трети стр.187
[155] Ричард Трети стр.189
[156] Ричард Трети стр.192
[157] Ричард Трети стр.193

Човек се надева до последниот миг, иако е грешен. Ричард повика кон Исус и бараше милост. Но има сторен грев против Светиот Дух, а тој не се простува ни на овој ни на оној свет.[158] Знаел за постоење на Господ и прави зло. Во еден монолог вели дека само Ѓаволот лично е со него.[159]

„...се против мене беше,

Господ, совеста...

пријател немав да ме покрепи

Освен ѓаволот лично..."

Тука се гледа дека тој знае за Господ, а прави зло, а тоа се отплаќа преку себе си и своите потомци. И на крајот завршува во гибел.

Еве го Ричмонд:

„...О, нека сега Ричмонд и Елизабета

...со Божја волја сите ги обединат..."[160]

И порака на самиот крај на трагедијата „Ричард трети" е следната:

„...Мирот сега повторно раните ги лечи

Да трае долго, амин, Господе речи..."[161]

Повторно имаме свесност за Божјата волја и дека Неговиот збор е последен. И доаѓаме до поентата, намерата, поттикот со кој е пишувана оваа книга за силата на Шекспировите јамбови, дека таа доаѓа од толкувањата, и длабоката врска со живото слово Исусово, нели Исус е словото на животот, животодавно слово, какво што е словото, зборот во Светото писмо. [162]

---

[158] Матеј 12:31
[159] Ричард Трети стр.27
[160] Ричард Трети стр.196
[161] Ричард Трети стр.196
Повторно имаме свесност за Божја волја и дека неговиот збор е последен.
[162] Јован 1:1-5

Таа врска на Вилијам Шекспир како автор на трагедиите[163] и како верник, познавач на Светото писмо, и следбеник на Господ Исус Христос е видлива ако имате отворено срце и распламтен Дух. Од монологот каде вели:

„...Побарал ли некој вака жена..."[164]

Каде признава дека ѓаволот го поткрепил лично во делата на: убиства, кривоклетства, разврат и вавилонска желба да се искачи највисоко, да биде над другите, да се здобие со име[165] до последниот монолог каде вели:

„...Милост Исусе!"

Тоа е патеката од телесниот кон духовниот човек, тоа е раскрсница меѓу гревот и исчистувањето, меѓу синот човечки – ѓаволски и синовите Божји. Тоа е и темата на македонската античка драма,[166] обредна драма и театар, односот на човекот и Господ, Создателот, Таткото небесен.

Во последниот монолог на Ричард Трети каде тој сам се соочува со гревот е отворен духовен премин на внатрешниот и надворешен човек.[167] За борбата внатре во нас меѓу злото и доброто. Меѓу Господ и сатаната, тоа е таа борба за души.[168]

Ричард бара друг коњ.[169] Апостол Павле падна од коњот на патот за Дамаск и ослепе.[170] Потоа се преобразува од Савле во Павле.[171] Слуша глас, Исус му се објавува, оди во Дамаск, Ананија му полага раце и тој станува следбеник на Господ Исус Христос. Духот го облева.

---

[163] Најпреведувани и најчитани книги во светот се Новиот завет на Светото писмо на нашиот Господ Исус Христос и трагедиите на Вилијам Шекспир.

[164] Ричард Трети, стр. 27

[165] 1 Мојсеева 11:1-9

[166] Го имаме и обредниот театар на Кокино од железно време, каде се случува најстарата обредна драма Хиерос Гамос, свет брак меѓу небото и земјата, меѓу Таткото небесен и земна жена за да се роди Неговиот наследник, водач, актер, гласноговорник на земјата. Ист е принципот и во Дионисовиот македонски театар.

[167] Ефесјаните 4:22-24

[168] Откровение 12:17

[169] Ричард Трети, стр. 186

[170] Дела 9:3-18

[171] Савле значело просветлен, Павле, малечок, син на Господ.

Ричард е паднат од коњот. Бара некој да му ги излечи раните. И бара милост од Исус. Кажува дека совеста го мачи. Одиме на Јуда, во неговото срце влегува сатаната,[172] го предава Исус, претходно краде од касата на заедницата, со бакнеж го предава, потоа излегува сатаната од неговото срце, тој ги враќа парите 30-те сребреници ги фрла во синагогата и се обеси. Гревот е тежок и не може да се носи.

Ричард го има истиот тежок грев. Ѓаволот го напушти, и мора сам да си го носи гревот и тој вели:

„...Од што се плашам? Од себе! Друг нема...!"[173]

Страв во себе си. Свесност за двојство на телесен и духовен човек. Внатрешна борба во себе си меѓу доброто и злото. Меѓу Исус и ѓаволот. И Ричард сам со себе, го бара Ричард! Јас го барам јас... Ричард останува сам како Јуда, ѓаволот си заминува кој ги спотна да прават зло.[174] И стануваат сами со тешкиот грев кој една душа човечка не може да го носи. Јуда ги врати парите во храмот и се обеси. А Ричард сѐ уште се бори во себе!

„...Од што се плашам?! Од себе! Друг нема.

Ричард го сака Ричард. Да, Јас сум јас.

Има ли убиец овде? Не, да. Има јас..."[175]

Точно се гледа внатрешната борба на Ричард со Ричард. Гревот е тежок, го влече во смрт. И сака да избега од себе, но дали е возможно тоа! Еве ги стиховите:

„...Бегај. Зар од себе! Знам зошто не се
Одмаздувам. Зар сам на себе?
Не. Се сакам. За кое било добро
што сам на себе сум го направил!..."[176]

---

[172] Јован 13:2
[173] Ричард Трети, стр.187-187
[174] Сатаната влезе во срцето на Јуда...
[175] Ричард Трети, стр. 186
[176] Ричард Трети, стр. 186

Не можеме да избегаме од себе. Од делата кои сме ги сториле, од сеќавањата за нив, велми кога тогаш ќе испливаат и ќе тежат, натежнат во душата. Познати се стиховите:

„ За секој лош збор ќе одговараме пред Бога...“[177]

И понатаму по зборовите ќе бидеме судени и оправдани и дека во зборовите има живот и смрт. Збор, мисла, дела, постапки, тоа се одразува на нашите животи. Особено ако сме излезени од „Царскиот Исусов закон на љубовта“. И самите судиме и нам ќе ни биде судено.[178] И така Ричард не може да побегне од себе. Ниту кој било од нас. Еве стихови понатаму:

„...О, не! Поправо би рекол се мразам.
За делата грозни што сум ги сторил!
Подлец сум: Сепак лажам. Не сум. Глупчо,
арно за себе збори. Глупчо. Не ласкај си...“

Тоа е внатрешната состојба на секој човек јавнат од гревот. Понатаму самиот Ричард, односно Шекспир го кажува во стиховите:

„...Совеста илјада јазици ми има,
и секој јазик приказна кажува,
и секоја приказна вели сум подлец...“[179]

Шекспир ја отвора портата, сознанието на луѓето кои сториле грев, убиство, кои биле во војна, дека имаат слики од злоделата кои не можат да се избришат кои ја клукаат душата. Не можеш да побегнеш од гревот, да побегнеш од себе. На крајот самиот се соочуваш со Исусовиот суд и еве што вели понатаму:

„...Кривоклетство, кривоклетство најлошо;
убиство, убиство најстрашно;
сите гревови сторени со ред
во сурија на суд се дерат:

---

[177] Матеј 12:36-37
[178] Матеј 7:1-3
[179] Ричард Трети, стр. 186

Виновен е, виновен! Очаен сум..."[180]

Имаме потполна свесност за клетвите и проклетството поврзани со убиствата кои ги сторил. Имаме опис како ги слуша, гледа гревовите во себе, дека „во сурија на суд се дерат", дека се тоа душевни измачувања.[181] Понатаму Ричард знае дека: „никој жив не го сака" и „ако умрам никој жив не ќе ме жали", дека и самиот за себе милост не наоѓа и дека:

„...Чинам, душите на сите што го убив
в шатор ми дојдоа со закана дека утре
одмаздата врз главата на Ричард ќе падне..."[182]

Тоа е последниот монолог на Ричард, или битката на самиот со себе. Потоа употребува неколку реплики кои ја одразуваат неговата состојба во душата:

„...Добога кој е таму?... Се плашам,
се плашам Ратклиф... Жими Свети Павле,
сенките ноќеска повеќе страв ми втераа
в душа одошто десет илјади војници..."[183]

Тука Ричард паѓа од ѓаволскиот коњ и бара друг коњ за да побегне од себе. Но од Исус не се бега, нема каде да се побегне... секој ќе одговара за своите дела, гревови на Судниот ден. Или што си правел тоа ќе ти се прави, кога правиш зло и не го прифаќаш Господ Исус Хростос да плати за своите гревови. Во случајот на Ричард, тој знае за Господ, а прави грев, и тоа е грев против Светиот Дух[184] кој не се простува ниту на овој, ниту на оној свет.[185]

Сега ќе отвориме поврзаност со христијанството и Исус Христос во комедиите на Шекспир. Еве во „Ноќ спроти Водици" на почетокот опис на калуѓерката. Зборува Валентин:

---

[180] Ричард Трети, стр. 186
[181] Луѓето кои биле, убивале во војна ги имаат истите симптоми.
[182] Ричард Трети, стр. 186-187
[183] Ричард Трети, стр. 187
[184] Матеј 12:31-32
[185] Духовниот свет или царството Божјо.

„...А ко калуѓерка со вел ќе оди

И катаден ќе си ја прска собата

Во круг со пресол од очите што болат;

И тоа сал да ја чува љубовта

За брат си мртов, свежа постојана

Да остане во тажните спомени..."[186]

И самиот наслов спроти Водици е симбол, потврда за крштението на Господ Исус Христос во реката Јордан од страница на Јован Крстител и потоа за некрстените денови кои следат.[187]

Во едно телевизиско интервју на академик Матеја Матевски, тој рече: „дека во Библијата се сите приказни од кои се пишува понатаму сè".[188] И тоа е таа сила и суштина на делата на Вилјам Шекспир. Постојано има допир, коментари, појаснувања поврзаност со Библијата. Еве уште стихови од Сер Андреја:

„...Жими вера, не би ја презел во вакво друштво..." и подолу на истата страница, сцена, тој се колне во Марија:

„...Но ќе имате, жими Марија, еве ја во мојава рака..."[189]

Ја спомнува Марија за да му поверуваат, се заколнува во неа. Марија за него е претставник од духовниот, Божјиот свет. Еве и друга потврда од Сер Андреја:

---

[186] „Ноќ спроти Водици" стр.10

[187] **Водици** или **Богојавление** — денот на кој според христијанското предание св. Јован Крстител го крстил Исус Христос во реката Јордан. Се прославува на 19 јануари кај црквите што го користат јулијанскиот календар (вклучувајќи ја и македонската), а на 6 јануари кај црквите што го користат грегоријанскиот календар. Со тоа му се дава значење на крштевањето како една од повеќето свети тајни на христијанството. Крштевањето значи и духовно раѓање, односно почеток на човековото живеење во верата. Затоа кумот се смета за духовен родител на крстениот и најблизок роднина. Со овој празник завршуваат не само дванаесетте т.н. некрстени денови туку и циклусот зимски празнувања во кој спаѓаат уште и свеченостите поврзани со Бадник, Божик, Нова Година (Василица) и сл. Види: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%92%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%86%D0%B8

[188] Дека, Светото писмо е извор на сето знаење.

[189] „Ноќ спроти Водици" стр.14

„...Понекогаш ми се чини дека немам ни толку ум колку што има секој христијанин или обичен човек...‟[190]

Обрнете внимание на две именувања. Едното е христијанин, другото обичен човек. Христијанин не е обичен, телесен човек, тоа е духовна категорија, едно тело и еден дух со Господ Исус Христос. Еве што вели Сер Тоби:

„,,Зошто да одиш во црква со галјард, а да се враќаш дома со каранто?...‟[191]

Ова е иронија, одиш кај Господ, Отец, Исус, а си играш свои игри. Еве дијалог на кловнот и Оливија. Се зборува за починатиот брат на Оливија:

КЛОВНОТ: Јас мислам дека душата му е во пеколот.

ОЛИВИЈА: Јас знам, дека душата ми е на небо, будало.[192]

На следната страница кловнот ги колне:

„...Господ да ви прати, Господине што поскоро дртост...‟[193]

Со оглед дека се работи за комедија и односот кон Отецот Небесен и Исус Христос е полежерен, но се гледа дека е намерно така. Еве што вели Сер Тоби:

„...Нека биде и ѓаволот, ако сака, баш ми е гајле. А јас ви велам дајте ми вера...‟[194]

Стиховите се дека „без вера не е можно да му се угоди на Бога‟.[195] Еве стихови понатаму:

СЕР АНДРЕЈА: Жими вера...[196] На 27 страница кловнот се колне во Марија:

КЛОВНОТ: Жими Дева Марија...[197]

---

[190] „Ноќ спроти Водици‟ стр.16
[191] „Ноќ спроти Водици‟ стр.17/ галјард и коранто се танци, игри од тоа време.
[192] „Ноќ спроти Водици‟ стр.22
[193] „Ноќ спроти Водици‟ стр.23
[194] „Ноќ спроти Водици‟ стр.24
[195] Евреите 11:6
[196] „Ноќ спроти Водици‟ стр.35

Според Новиот завет, не треба да се колнеме во ништо.[198] Но се покажува дека за авторите Марија е верата, Господ, свесни се за тоа. Кловнот на следната страница се повикува на ѓаволот:

„Ѓавол да ме носи...", што е само проколнување. Ова е комедија и еве што вели Сер Тоби:

„...Зар мислиш, ако си светец, дека повеќе нема да има колачи и пиво..."[199] и ете и Марија на стр. 40, го споменува ѓаволот:

„...Ама што ѓавол од пуританец е тој...?"

Велми исто како во античката македонска драма, така и во делата на Шекспир ликовите се свесни за постоење и движење, за потчинетост на луѓето на две сили на Господе Исус Христос или на паднатата, ѓаволска, телесна грешна природа.

Одиме во третиот чин. Благослов на Виола:

ВИОЛА: Господ да те чува, пријателу...[200]

Видете што одговара кловнот, ОТКАКО Виола го прашува да не е црковник.

КЛОВНОТ: Не тоа, господине. Јас живеам од црквата, зашто си живеам дома. А домата ми е до црквата...[201]

Тоа се порамнува со стиховите дека Господ не живее во ракотворни храмови, туку дека треба да живее во тебе, во твоето срце и душа и ти да бидеш храм, жив храм, жив камен во црквата, или дом на Светиот Дух.

На 57 страница, Шекспир преку зборувањето на Виола, дава добра дефиниција за театарот како феномен, доблест на луѓето на земјата.

ВИОЛА: Тој баш е доста мудар за да игра шут. А за да игра добро му треба и дух.[202]

---

197 „Ноќ спроти Водици" стр.37
198 Матеј 5:22
199 „Ноќ спроти Водици" стр.39
200 „Ноќ спроти Водици" стр.55
201 Објаснува дека нема потреба од ракотворни храмови, дека ние треба да бидеме храм на Светиот Дух. Исус да живее во нашите срца. 1Коринтјаните 6:19

Актерот е душа со многу вера штом има дарба да ги оживува зборовите напишани од други и да ги расплакува, развеселува, поучува, воведува гледачите во драмскиот заплет и приказната. Кога таа вера би била употребена со Духот Исусов сигурно би ја фрлил планината во морето.[203]

Одиме понатаму, ете Виола благословува на 60 страница:

„...Со благослов и Господ да ви даде мир!...‟

Па потоа Марија на 64 страница дава интересен податок и сознание за христијаните:

МАРИЈА: Ете го глупакон Малволио кој се претворил во паганин, вистински ренегат; зошто нема ниеден рисјанин, кој сака да се спаси во вистинската вера...‟[204]

Антоние на 66 страница кажува една библиска вистина:

„хранејќи си го духот...‟[205],

Оливија на Малволио му вели:

„...Господ да те чува!...‟[206]

Низ целото дела се провејува тој Дух на Исус Христос, кој ја дава силата во јамбовите на Вилијам Шекспир. Луѓе кои не ја прочитале Библијата, Светото писмо, не го разбираат Шекспир докрај, подлабоко, на духовно ниво и не им е јасно од каде доаѓа таа духовна сила на слова кои ги допираат гледачите по цел свет. Еве што го советува Сер Тоби, Малволио:

„...Ајде, човеку, не давајте му се на ѓаволот! Помислете, тој е врагот на човештвото...‟[207], на тоа Марија додава:

„...Гледате – кога зборувате лошо за ѓаволот, како тоа тој го зема на срце! Дај Боже да не е маѓепсан!...‟[208]

---

202 „Ноќ спроти Водици‟ стр.57

203 Матеј 17:20 /Лука 17:6

204 Се поврзува со стиховите нема ниеден праведен, никој кој го бара Бога... Римјаните 3:10

205 Човек не се храни само од леб, туку од секој збор што излегува од устата на Бога... каде

206 „Ноќ спроти Водици‟ стр.68

207 „Ноќ спроти Водици‟ стр.70

Тука се спомнуваат и состојби кога човекот е заробен, обземен, маѓепсан, врзан од сатаната и во него владее силата на паднатиот дух и демонскиот свет. Такви луѓе се полнат со апчиња и остануваат врзани до крај, освен ако некој Христов слуга не ги ослободи по Исусова волја. Понатаму Сер Тоби бара милост од Бога за нашите души.

СЕР ТОБИ: Останете со здравје и Бог нека се смилува на едната од нашите души...[209]

А понатаму вели за противникот свој:

„...Тој е рицар, ракоположен со девствен меч и клекнат на килим, но е вистински ѓавол во лична караница..."[210]

Сер Андреја се повикува на Бог.

„...Дај Боже да го одржи зборот!..."[211] и неколку страници понатаму, истиот се колне во окото Божјо:

СЕР АНДРЕЈА: Жими окото Господово...[212]

Тоа е окото кое гледа сѐ. Работникот Исусов е во зеницата на окото Божјо, постојано го гледа семоќниот Татко и се грижи за него. Неколку страници понатаму ете го кловнот.

КЛОВНОТ: Надвор ѓаволе, над ѓаволите...[213]

Однос кон изгонување на демони од луѓето.[214] Таа практика ја има во католичките и протестантските заедници, посебно кај пентакосната и харизматската црква. Тој истиот вели и „дај Боже, понатаму. Еве го пак Сер Андреја:

„...За љубов Божја, дајте лекар!..."[215]

Се повикува на Исусовата љубов и веднаш потоа објаснува зошто.

---

208 „Ноќ спроти Водици" стр.70
209 „Ноќ спроти Водици" стр.73
210 „Ноќ спроти Водици" стр.75
211 „Ноќ спроти Водици" стр.78
212 „Ноќ спроти Водици" стр.81
213 „Ноќ спроти Водици" стр.85
214 Матеј 10:1
215 „Ноќ спроти Водици" стр.97

СЕР АНДРЕЈА: Го сметавме за кукавица, но тој е самиот ѓавол отелотворен...[216]

Објаснува дека во секој човек може да живеат два духа. Духот на овој свет или Светиот Дух. И дека има две суштествувања, синови човечки и синови Божји.[217] Еве што вели Себастијан:

„...Јас сум дух навистина,

Но облечен во овој облик телесен..."[218]

Тоа се порамнува со стиховите од Битие дека човекот е кал земна во која е вдахнат Дух животен, за да стане жива душа.[219] И секако знаење и свесност дека ние сме духовни суштества затворени во кафез на телото.[220] И дека еден ден телото ќе се врати во земја, а духот со душата кај оној кој ги дал и создал.[221]

Кловнот на 105 страница се колне во Господ и вели:

„...Жими Бога, шутраку, јас не сум луд..."

И тоа е сѐ што подвлекувам и споредувам со Светото писмо од „Ноќ спроти Водици". Сега да видиме што се вели во „Комедија на згоди и незгоди":

ДРОМИО ОД ЕФЕС: „...Ѓавол да ја земе!.."[222]

Што е тоа што го зема ѓаволот? Па твојата душа, се води војна за души меѓу Исус и сатаната. Еве потврда понатаму од Дромио од Сиракуза.

ДРОМИО ОД СИРАКУЗА: Грешник сум Господи,
ова е маѓепсана земја; Бог нека ни се смили,
зборуваме со вештици, духови, вили:
треба покорен пред нив да се седи,
инаку пропаст, ќотек на мртво ни следи.

---

216 „Ноќ спроти Водици" стр.98
217 1 Јован 3:10
218 „Ноќ спроти Водици" стр.100
219 Битие, 1Мојсеева 2:7, Стар завет
220 1 Мојсеева 3:19
221 1 Мојсеева 3:19/ Проповедник 12:7/ Псалм 78:39/ Псалм 146:4
222 „Комедија на згоди и незгоди" стр.122

А Лучијана му одговара:

„...ѓавол да те земе...“[223]

Очигледно е дека Шекспир добро ги познавал законите на духовиот свет и тоа што е запишано во живото слово Исусово. Тоа се провејува, се движи низ сите негови дела, да не речеме дека таа духовна светлина е двигател на јамбовите на Вилијам Шекспир. Тука завршуваме со комедиите и се враќаме кај трагедиите. Ете сме во „Крал Хенри Четврти“ на самиот почеток, сцена еден, чин први Кралот вели:

КРАЛОТ: Затоа, пријатели,

До гробот дур на Христа – чија сме

војска сега, под чиј благословен крст

сме збрани и заветени на бој...[224]

Во Светото писмо се зборува за молитвана војска Исусова, каде се води битка, војна, веќе добиена, против сатаната, ѓаволот за душите на сите луѓе. Затоа имаме телесна и духовна војна и секако иста таква војска. Одиме понатаму, еве што вели Принцот. Му се обраќа на Фалстаф, кој пие, јаде, спие по меани и клупи и му вели дека „заборавил да праша, тоа што навистина треба, сака и е нужно да го знае. Основни прашања на секој човек и единка, кој си ги поставува за време на краткиот престој, живот на земјата, сцената. Кој сум? Што сум? Каде сум? Зошто сум?

ПРИНЦОТ: Што ѓавол имаш ти да правиш со времето на денот?[225]

Тоа подразбира и значи што правиш со себе и својот живот? А Фалстаф му одговара:

„...И те молам сладок снаодливко, кога ќе бидеш крал, нека Бог ја чува твојата милост - ...зашто милост ќе немаш никаква...“[226]

Тоа се порамнува со стиховите:

---

[223] „Комедија на зготи и незгоди“ стр.131
[224] Крал Хенри Четврти, стр. 8
[225] Крал Хенри Четврти, стр. 11
[226] Крал Хенри Четврти, стр. 11

„...кој нема милост и за него ќе нема милост во судот..."[227]

Секако Исус вели:

„...Милост сакам, а не жртви..."[228]

На 12 страница, Фалстаф се колне во Бога. На 13 страница го споменува ѓаволот:

„...а што ѓавол имам јас со кожен џакет... со крчмарката?..."[229]

И пак на 14 страница се колне во Бог, вели:

„...жими Бога..."

Па веднаш подолу додава:

„...по ѓаволите",

и на следната страница пак се колне во Бога.

Според Светото писмо, Новиот завет вели да не се колнеме во Бог.[230] И со тоа се покажува степенот на неговата вистинска верба во Господ Исус Христос. Нели како фреската подбивање на Христос со скомрахите, хистрионите во македонскиот манастир.[231]

Еве интересен дијалог меѓу Поинс и Принцот.

ПОИНТС: ...како се сложувате ѓаволот и ти во врска со твојата душа, што му ја продаде минатиот Велипеток за чаша „мадера" и ладен копан од петел...?

ПРИНЦОТ: Сер Џон се држи до зборот, ѓаволот ќе го добие тоа за што се пазарил, зашто тој никогаш до сега не кршел пословици: ќе му го даде на ѓаволот, тоа што му припаѓа.

ПОИНС: Тогаш си ти проколнат што му одржуваш збор на ѓаволот.

ПРИНЦОТ: Инаку ќе беше проколнат што го прелагал ѓаволот.

Принцот потоа се коле во својата вера:

---

227 Јаков 2:13
228 Матеј 9:13
229 Крал Хенри Четврти, стр. 13
230 Матеј 5:33-35
231 Свети Ѓорѓи во Старо Нагоричани, Кумановско.

„...Не, јас, жими вера...“[232]

Се зборува за предавање на душата своја на ѓаволот, Светото писмо нè учи дека на земјата се води војна за души меѓу Исус и ѓаволот. Суштината е дека треба самиот да решиш, по слободна волја, кому му припаѓаш ти самиот, твоето тело и душа.[233] Човекот се состои од тело, душа и Свет Дух според евангелието на мирот.[234]

Еве што вели Кралот.

„...Ти велам. Со ѓаволот побргу

Би смеел да се сретне ко со душман

Отколку со Овен Глендаур сам...“[235]

Ако не сте ја читале Библијата, посебно Новиот завет, вие не ги разбирате: споредбите, повикувањата, порамнувањата, озвучувањата на јамбовите на Шекспир во соодност со словото Исусово, од каде велми потекнува таа духовна сила и убавина во неговите трагедии и комедии. Еве зборови на Огнен:

„...и ѓаволот да дојде да рика за нив...“[236]

Тоа е реплика на ѓаволот кој обиколува и рика како лав, и гледа некого да проголта.[237] Еве други стихови:

НОТАМБЕРЛЕНД: Чии неправди кон нас да ги прости Бог...“[238]

И тука имаме свесност која ги простува неправдите и гревовите. На 29 страница, Огнен се колне во Господ, на страница 35, првиот носач се колне во боголсужението, на страница 38 Гедсхил вели:

„...а, сепак, по ѓаволите лажам...“

---

[232] Крал Хенри Четврти, стр. 17
[233] 1 Солуњаните 5:23
[234] Свето писмо, Нов завет, 1 Солуњаните 5:23
[235] Крал Хенри Четврти, стр. 25
[236] Крал Хенри Четврти, стр. 26
[237] 1 Петар 5:8
[238] Крал Хенри Четврти, стр. 27

И веднаш подолу на истата страница Собарот се колне во верата, потоа Огнен вели:

„...Ѓавол да го носи...!, а пред тоа се колне во Бога и вели:

„...Жими Бога..."[239]

И постојано го имаме тоа распнување, раскрстување меѓу сатаната и Господ Исус Христос, за на страница 48 Леди Перси да изјави:

ЛЕДИ: Духот во тебе таква војна водеше...

Тоа ни дава сознание дека Шекспир е свесен за внатрешната борба во секого од нас со духовниот и телесниот човек.[240] Одиме понатаму. Принцот на 53 страница се колне во Богородица, Франсис на 54 страница го споменува Архангел Михаил, додека Принцот на 57 страница вели:

„... по ѓаволите со овој мирен живот..."[241]

И ние го имаме тоа тивко, но нагласено во духот, движење на јамбовите на шекспировите метафори меѓу доброто и злото, меѓу Господ Исус Христос и ѓаволот. Од таму доаѓа духовната сила во Шекспировиот јазик, во тие метафори и јамбови. Еве што вели Фалстаф:

„..Но, како ѓаволот би посакал..."

И веднаш подолу како изрека:

„...по ѓаволите..."[242]

Дава свесност за суштествување на ѓавол, за неговата волја, наспроти Божјата волја, како што вели Исус во словото од Новиот Завет.[243] Истиот лик на 66 страница се колне во Господ и вели:

„...жими Бога..."[244] и на следната страница додава,

„...жими вера..."

---

[239] Крал Хенри Четврти, стр. 46-47
[240] Ефесјаните 4:22-25
[241] Крал Хенри Четврти, стр. 57
[242] Крал Хенри Четврти, стр. 64
[243] Матеј 26:39/ Марко 14:36
[244] Крал Хенри Четврти, стр.66

Понатаму Бардолф и Принцот се колнат во верата и во Богородица,[245] додека Фалстаф се колне во мисата и го споредува Глендаур со ѓавол.[246] Пред тоа Фалстаф зборува за:

„...Оној лудакот од север, Перси, и тој од Велс, што го изнатепа Амамона и му наби рогови на Луцифер, и му се заколна на ѓаволот на верно вазалство врз крстот од велшка куќа..."[247]

Овде Шекспир изнесува на виделина принцип на служење и верност кон ѓаволот или кон Господ Исус Христос. Да му се заколнеш на верност. И понатаму Фалстаф на стр. 74 се колне во Богородица, додека на 76 страница Принцот го нарекува Фалстафа, сатана.

ПРИНЦОТ: На тој никаков, одвратен заведувач на младите, Фалстаф, на таа стара белобрада сатана..."[248]

Понатаму Принцот вели дека:

„...ѓаволот јава на гудало..."[249]

Тоа е народен израз кој се создал на милениумско искуство во насоката на духовната борба која се помешала со народната култура и традиција. Изрази, изговорки поговорки реченици, сроченици кои одразуваат законитоста на духовниот бој.[250] На пример, дека има причина и последица на секое дејство како во животот така и на „мајката сцена", секој изустен збор е тргнат кон материјализација или тоа што го зборуваме, тоа го живееме, се однесува и на мислите и чувствата во нас и од нас кон другите.

На 82 страница, Огнен го испраќа Мортимер во пеколот?

„...а ти в пекол, толку често колку

---

245 Крал Хенри Четврти, стр. 68
246 Крал Хенри Четврти, стр. 71
247 Крал Хенри Четврти, стр.70
248 Крал Хенри Четврти, стр. 76
249 Крал Хенри Четврти, стр. 77
250 Македонската народна култура разликува демони на: стихии, демони на судбини и демони на чувства... истите ги има разложено во Светото писмо.

За Овен Глендаур да се збори..."[251]

Тоа покажува дека Шекспир знае каде одат душите со вдахнатиот Дух од Отецот небесен после смртта.[252] И постојано ги имаа тие насоки за судирот, битката меѓу Исус и сатаната во секого од нас, во секој лик од трагедиите и комедиите.

Понатаму Глендаур му вели на Огнен, во истата таа насока:

ГЛЕНДАУР: Да ве научам можам да владеете со ѓаволот.

И Огнен му одговара:

ОГНЕН: Да го засрамите зборувајќи ја вистината. Кажи вистина, засрами ѓавол...[253]

Тоа е потсетник на стиховите кои ја кажуваат вистината и кој е вистината. Исус вели:

„...Јас сум патот, вистината и животот..."[254]

На 92 страница Огнен вели дека

„...ѓаволот разбира велшки..."[255]

Бидејќи е духовна природа знае некои нешта кои ние не ги гледаме, но не знае сè. На 96 страница Кралот бара Бог да ни прости.

КРАЛОТ: Бог да ни прости...[256]

и истиот продолжува неколку страници понатаму.

КРАЛОТ:...му дават право на првенство војничко

во сите кралства што Хистос го признаваат...[257]

Предимство во бојот имаат сите кралства што Исус го признаваат. И цар Константин од Наис, блиску до денешен Ниш, во македонско византиското царство по сонот пред битката го става крстот на штитовите на војската и

---

[251] Крал Хенри Четврти, стр.82
[252] 1 Мојсеева 3:19
[253] Крал Хенри Четврти, стр.85
[254] Јован 14:6
[255] Крал Хенри Четврти, стр. 92
[256] Крал Хенри Четврти, стр. 96
[257] Крал Хенри Четврти, стр. 98

победува во битката.[258] И после тоа не се гонат следбениците на Исус во македонско-тракиското царство.[259] Секако и вербата на христијаните дека со Исус се победници, дека ѓаволот е победен и поразен. И тоа е завршена работа. Но да се вратиме на трагедијата. Еве го Фалстаф.

ФАЛСТАФ: Е, ќе се покајам, и тоа одма, дур сакам
и сум полничок. Наскоро ќе омалаксам, а тогаш
ќе немам сила да се покајам. Ако не сум заборавил
од што е направена внатрешноста на црквата,
тогаш сум зрнце од црн пипер[260], пиварски коњ...[261]

Според Светото писмо, живото слово Исусово, на земјата си и имаш време на милост во слободна волја да донесеш одлука кому му припаѓаш, на Исус или на ѓаволот? И тоа е времето да се покаеш.[262] Нели потребна ти е вера колку синапово зрно да ја фрлиш планината во морето.[263] Овде тој вели за себе дека е зрнце црн пипер, од кое ништо не може повеќе да се роди ако се стави во земјата. И понатаму еве го разговорот на Фалстаф со Бардолф и потоа со крчмарката:

ФАЛСТАФ: Никогаш на погледнувам во
твоето лице, а да не помислам на огнот од
пеколот и на оној богаташ во пурпурот[264],
оти таму е тој во својата одежда и гори ли гори.

И подолу:

„...Мојата заклетва ќе беше:

---

[258] Цар Константин, роден во Наис (нашија) по сонот пред битката го става крстот на штитовите на своите војници и победува во битката и тогаш во Македонско-тракиското царство (Византија) се дозволува христијанството.
[259] Византија има две македонски лози кои ја управуваат. И може природно и вистинито да се нарекува македонско-тракиско царство.
[260] Посетување на зрнце синапово семе од вера, која ја бара Исус во нас.
[261] Крал Хенри Четврти, стр. 101
[262] И Исус и Јован повикуваат на покајување.
[263] Лука 17:6 /Матеј 17:20
[264] Лука 16:14-31

Жими овој оган што е Божји ангел...“[265]

А Бардолф му одговара:

„ по ѓаволите, би сакал срцето да ми беше

во твојот мев...“[266]

А Фалстаф му одговара:

„...да чува Бог...“

И тука се зборува за сцени, вистини од Светото писмо. Свесност за Божји суд и казна за гревот и злото. Шекспир постојано ги коментира, толкува, внесува тие состојби во своите дела. Тие се сврзани со јамбовите и метафорите и ако не сте ја прочитале Библијата, вие не можете да разберете до крај на што се потпира и кон што или што ги движи тие силни, духовни метафори и стихови.

Да ѝ дадеме збор на крчмарката:

КРЧМАРКАТА: О Исусе, сум го слушнала принцот како му велеше...[267]

А Фалстаф за принцот вели дека оди е воден од ѓаволите.[268]

Шекспир добро знае дека во Светото писмо се можни два пата, двајца водачи или Бог, Татко-Исус или ѓаволот-сатаната. НА 114 страница, од трагедијата, Даглас се колне во својата вера. Одиме на 126 страница има интересен момент.

ОГНЕН: На брегот татко ми го дочека.

И кога го чу на Бог да се колни...[269]

Потоа татко му му помогнал на кралот заради тоа што се надева на Бог. И кралот тоа го потврдува истото на стр. 135.

КРАЛОТ: Бог нека е со нас – нашиот повод е прав!

---

265 Крал Хенри Четврти, стр. 102
266 Крал Хенри Четврти, стр. 102
267 Крал Хенри Четврти, стр. 104
268 Крал Хенри Четврти, стр. 104
269 Крал Хенри Четврти, стр. 126

Повикување на Господ во секое дејство, нешто што беше сосема природно во македонската народна култура, запишана од преродбениците. Ете го Фалстаф.

ФАЛСТАФ: Не пред Бога...

Се повикува на Господ за одредено дејство. Ете го потаму и принцот.

ПРИНЦОТ:  О, Боже, премногу тие ме ранија

Што велеа вашата ја чекав смрт.[270]

Ете ја сцената на смртта на принцот на 150 страница.

ПРИНЦОТ: За црвје, смел Перси. Збогум срце

големо! Амбицијо лошо исткаена,

Ти толку многу си се собрала!

Дур дух содржеше ова тело,

Му беше кралство премала меѓа

А сега две чекори најпроста земја

Е простор доволен. Оваа земја

Што мртов те носи, не носи жив

Толку храбар витез...[271]

Ете ја целата библиска вистина дека човекот е од земја и во земја ќе се врати... а духот[272] се враќа кај оној кој го дал...

Одиме на 153 страница, каде Фалстаф повторно вели по ѓаволите. Тоа значи дека одиш или да одиш по ѓаволите.[273] Еве што вели кралот понатаму во трагедијата.

КРАЛОТ: Три витези наши паднаа денес,

Благороден гроф и многу други

Во овој час ќе беа живи души

---

[270] Крал Хенри Четврти, стр. 148
[271] Крал Хенри Четврти, стр. 150
[272] Проповедник 12:7
[273] Ние имаме како поука од народна поговорка дека со „ѓаволот тикви сади", од таква работа ништо добро не бидува.

Ти верно, ко христијанин, да пренесеш

прав глас меѓу двете армии...[274]

Зборува за категорија, свесност, припадност на христијанин. Тука завршува дружбата со оваа трагедија и одиме со Хамлет за да ја истакнеме поврзаноста на Шекспировиот јазик со живото слово Исусово.

Првата фуснота[275] во трагедијата Хамлет се однесува на духовниот свет. Се појавува Духот[276] облечен во оклоп. Во фуснотата, Богомол Ѓузел, преведувачот појаснува дека дотогаш духовите се појавувале во бел чаршаф или кожа, а овде облечен во оклоп, додека во третиот чин, слика 4, духот на убиениот крал и татко на Хамлет, се појавува во својата облека.

Во фуснотата број два се појанува дека Хорацио, знаел латински, а само со латински јазик можеле да се протераат духовите, кои не можеле да прозборат, пред некој да им прозборе ним.

Убаво се гледа, познавање кај авторот, Вилијам Шекспир, како суштествува невидливиот духовен свет. Еве го Хорацио откако го видел духот на кралот што вели:

ХОРАЦИО: Пред Господа не би поверувал

Да не потврдеа со сведоштво

Сопствениве очи.[277]

На 29 страница, повторно Хорацио зборува за судниот ден.

ХОРАЦИО: Се смрачил како да е Суден ден

И други знаци на страшни настани,

Предвесници на судбата и пролог кон

Прокобите што следат, небото

И земјата објавиле во нашите

Покраини и пред нашите земјаци.[278]

---

[274] Крал Хенри Четврти, стр. 154

[275] Хамлет, стр.26

[276] На убиениот крал на Данска и татко на Хамлет.

[277] Хамлет, стр. 27

И овие стихови се поврзани со Светото писмо. И самиот Ѓузел тоа го подвлекува во фуснотата бр. 3[279] и вели дека:

„...во 1958 се случиле две потполни помрачувања на Месечината, а во 1602 уште две на месецот на Сонцето. Дека Месечината би се помрачила на Судниот ден, на Второто Пришествие на Исус Христос, зборуваат и Евенгелијата по Матеј 24, 29 и Лука 21, 25-7..."[280]

Поточно би било Матеј 24:36-44, Матеј 29 не суштествува во Светото писмо и Лука 21:25-33

Одиме понатаму на стапките на духовната сила на јамбовите на елизабетијанецот.[281] Еве го Марсел зборува за знаци за Христовото раѓање.

МАРСЕЛ: А спроти

Раѓањето на Христа велат дека

Утринскава птица пее цела ноќ

И тогаш, наводно, ни еден дух

Не се осмелува да мрдне вон...

...Магијата, вештиците немаат моќ

Од толку свето блаженство на празникот.[282]

Ние имаме ветување од Господ Исус Христос, во Новиот завет, дека и отров да испиеме нема ништо да ни стане. Дека имаме власт и демони да изгонуваме ако сме во Неговата сила. Ако сме во еден Дух и едно тело со Него.[283] И овде се покажува, дека Шекспир ја познава таа проблематика на духовната борба за души на земјата, меѓу Господ Исус Христос и ѓаволот.[284]

---

278 Хамлет, стр. 29
279 Хамлет, стр. 29
280 Фуснота бр. 3
281 Шекспир
282 Хамлет, стр. 31
283 1 Коринтјаните 12:13/ 12:12
284 Сатаната, ѓаволот е паднат ангел, види откровение

Одиме понатаму во истата духовна врска и насока меѓу јамбовите метафорите на Вилијам Шекспир и живото слово Исусово од Новиот завет. Фуснота бр. 4 на стр. 34

„...Хамлет е навреден што кралот го нарекува ,син', а во својот одговор наметнува уште една поговорка според тоа да бидеш на ,сонце' значи да си ,вон Божјиот благослов', ,надвор од дома' и следствено, без наследство."[285]

И според Светото писмо имаме две состојби на живот на земјата, живот во проклетство без Господ Исус Христос, каде самиот плаќаш за своите гревови и живот со Божји благослов, каде Господ Исус Христос плаќа за тебе.

Еве понатаму во монологот, во еден од монолозите на Хамлет што се вели:

ХАМЛЕТ: Да немаше бар закон Вечниот
против самоубиството! Боже, Боже...[286]

Имаме свесност, кај принцот Хамлет, дека има покрај земниот суд и закон и Божји суд и Закон кој не се брише и не се менува[287]. Како тоа за самоубијците. И дека ако го направи тоа што е двојството во овој монолог каде што бара:

„...да се стопи, тоа гнасно
и прегнасно месо, да окопни
па да се претвори во роса..."[288]

а велми зборува за себе, своето тело, и состојбата во која е заврзан од ѓаволот. Потоа за мајка му вели:

„Да, таа... Боже, па и ѕвер без разум
би жалел подолго – и таа се мажи
за стрико ми, за брат на татко ми,

---

[285] Хамлет, стр. 34
[286] Хамлет, стр. 37
[287] Шестата Божја заповед според Библијата - „ не убивај". Тоа значи да не се убиваш ни себе си. Велми ѓаволот те тера да се убиеш и тој е вистинскиот убиец.
[288] Хамлет, стр. 37

на татко ми сличен ко јас што сум

на Херкул..."[289]

Одиме со Офелија:

„...Ти чекориш по патот послан со

Задоволство и јаглики, а сам

не се држиш до советот..."[290]

Во фуснотата Ѓузел додава и потсетува дека тоа е алузија на Евангелието по Матеј 7:13-14 што Шекспир ја прави и во Макбет 2:3 и сѐ е добро штом добро се сврши 4:5. Во Матеј 7:13 и 14 се зборува за тесната и широката врата, веројатно е грешка во бројките на стиховите.

На наредната страница Полониј се повикува на Дева Марија и вели:

ПОЛОНИЈ: О дево Маријо, добро смислено...[291]

Сите ликови од трагедијата повикуваат кон Бог, Господ, Создателот, Таткото небесен или кон Неговите служители. Еве го пак Хамлет, сцената кога го гледа духот на својот убиен татко.

ХАМЛЕТ: Бранете нѐ ангели и Божји слуги!

Дух здрав ли ти си или демон зол, -

Но макар носел звуци небесни

Ил адски смрад, со лоши промисли...[292]

Хамлет зборува за ангели, духовно присуство и за Божји служители и нив го повикува напомош. И ја има духовната слика, поделба на ангели и демони, првите служители Исусови, вторите слуги ѓаволски. И знае дека сатаната се преоблекува во ангел на светлината.[293] Затоа се двоуми дали гледа дух во служба на Отецот Небесен и Исус или демон на ѓаволот. Еве уште стихови:

[289] Хамлет, стр. 37
[290] Хамлет, стр. 46
[291] Хамлет, стр. 47
[292] Хамлет, стр. 51
[293] 2 Коринтјаните 11:14

„...правејќи ја ноќта  страотна, а нам-

Шутраците на Бога – толку грозно

Ни ја земаш свеста со мисли што се

Вон досегот на нашите души?

Тој зборува со Духот, нему му се обраќа. И ни го прикажува мигот, опфатеноста од стравот на телесниот човек кога ќе види духовно присуство. Еве го дијалогот на Марсел и Хорацио понатаму.

МАРСЕЛ: Нешто е гнило во државата Данска.

ХОРАЦИО: Нек ја води небото.[294]

Гледаме свесност и препуштеност на Божјото водство и волја.[295] На следната страница имаме обреден момент за заштита од духови.

„..влегува ДУХОТ, а по него ХАМЛЕТ, држејќи ја пред себе дршката од мечот како крст‟.[296]

Во фуснотата Ѓузел појаснува дека тоа е заштитен знак, ако Духот се покаже дека е злодух. Тоа е обредна одбрана, дејство утврдено, од сатанскиот свет.[297]

Одиме понатаму во Хамлет, сцената на разговор на принцот Хамлет со духот на убиениот земен татко.

ДУХОТ: Јас духот сум на татко ти, осуден

за некое време да скитам ноќе,

а преку ден да постам на пламења

се дур не изгорат и не се прочистат

гревовите што сум ги сторил жив...

ХАМЛЕТ: О Господе![298]

[294] Хамлет, стр. 53
[295] Лука 22:42/ Исус и Татковата волја.
[296] Хамлет, стр. 54
[297] Во македонската обредно – народна култура имаме мислење дека сатаната, ѓаволот бега од крст, од лук... дали е тоа вистински така, не сум сигурен! Според моето искуство, а водам молитвена група сотрудници во името Исусово, тој бега само од оној кој е еден Дух и тело со Господ Исус Христос.

Овие зборови се совпаѓаат со библиското духовно знаење, дека телото оди во земја, а душата се претставува пред Исус и Отецот на суд и потоа поминува низ огнено езеро за прочистување на гревовите, како златото низ оган...[299]

И понатаму видете што му порачува Духот на Хамлета.

ДУХОТ: Ако имаш срце во тебе, не трпи го
Ти ова, не давај кралската постела
на Данска да биде легло на блуд
и проклето родоскврнување...
но како и да пристапиш кон делово
не валкај си го духот и во душата[300]
не смислувај ништо против мајка ти –
препушти ја на небото, на трњето
в гради да ја боцка и пече...[301]

Имаме проклетство според стореното дело, родоскврнување оти е забрането да се зема жената на братот според првозаконие, му порачува духот и душата да не го валка и да ја остави мајка си на Божјиот суд, пак доаѓаме дека еден е Судијата.[302] Пишано е во словото Исусово дека ако некој сака да види добри денови, треба да им прости на мајка си и татко си. И ете пак библиска потврда на поврзаноста на Шекспир со Светото писмо. Потоа следува чувствениот, восклик на Хамлет на страница 58.

ХАМЛЕТ: О војско ангелска! О земјо! И кој друг?
Да викнам ли во пеколот?[303]

---

[298] Хамлет, стр. 55
[299] „А смртта и пеколот беа фрлени во огнено езеро" Откровение 20:14 исто така и Откровение 20:10/ Псалми 107:35/ Откровение 20:15
[300] Човекот според 1 Солуњаните е тело, душа и дух...
[301] Хамлет, стр. 57
[302] Јован 5:22/ како Псалми 75:7
[303] Хамлет, стр. 58

Откако дознава за злосторот на чичко му кој го убил татко му, повикува кон ангелите на помош и вреска накај пеколот. За потоа, пак да провикне неколку стиха подолу. Да се заколне во небото.

ХАМЛЕТ: Да, жими небото! О жено погубна![304]

Крикнува кон неговата мајка, а се колне во небото. Светото писмо зборува да не се колнеме во ништо, ниту во небото.[305] Но сепак во состојба на голема вознемиреност и жал тој го прави тоа. Потоа се јавува Хорацио. И вели:

„...Господ да го чува!..."[306]

Мисли на Хамлет после провиденијата и сознанието за убиството на татко му, кралот. За потоа по барање на Хамлет тие се колнат во небото дека нема да кажат никому за случката со духот.

„...Се колнеме во небото, господару..."[307]

Му се заколнуваат дека нема да откријат никому, потоа неколку страници понатаму, Хамлет им вели:

„...Но ајде ваму-

И тука како преѓе, а и никогаш,

Со Божја милост – дека нема да

откриете ништо за мене воопшто..."[308]

И тој останува како некој пророк, кому му е откриен злостор и треба да се носи со него. Треба да има духовна сила да се справи со него. Основната линија на Хамлет е дали треба тој да пресудува и одмздува или да му остави на Таткото небесен? Одиме понатаму низ јамбовите:

ГИЛДЕНСТЕРН: Да жими вера...

Па неколку реда потаму ете го и Хамлет.

---

304 Хамлет, стр. 58
305 Матеј 5:34-36
306 Хамлет, стр. 58
307 Хамлет, стр.59
308 Хамлет, стр.62

ХАМЛЕТ: Се ближи тогаш Судниот ден...[309]

По Светото писмо секој од нас ќе застане на суд по првата смрт, кога телото оди во земјата, а духот се враќа кај оној кој го дал.[310] Потоа Хамлет го прашува Гилден стерн што бара во затвор. За да му посочи дека:

„...Данска е затвор..."[311]

Тоа е потсетување дека и ние сме со душата и духот во кафез, затвор во материјалното тело.[312] И секако дека ние не сме од овој свет, дека горе имаме небесна татковина[313] дека нашата вистинска, изворна природа е духовна, и велми, нашиот Татко Небесен, Бог е наречен Отец на духовите.[314] Еве го пак Хамлет.

ХАМЛЕТ: О Господе! Би можеле да ме пикнат и во ореова лушпа, па пак да се сметам за крал на бескраен простор – да не беа моите лоши соништа.[315]

Секако во коренот на искажувањето е потврдата за духовната природа на Хамлет. И еве што вели понатаму за човекот:

ХАМЛЕТ: Какво ремек дело е човекот,[316] колку благороден во умот, колку бескраен во своите способности, во обликот, движењето, колку брз и одлучен во акција, како ангел во сфаќањата,[317] како Бог – убавина на светот, мустра на сè живо – а сепак за мене што е таа квинтесенција на правта?[318] Мене човекот не ме радува, не, па ни жената, макар што по вашата насмевка се чини како да мислите на тоа...[319]

Од овие стихови се гледа добро дека сето тоа, погоре напишано, се коментари, споделувања, цитирање на словото од Светото писмо на Господ

---

309 Хамлет, стр. 81
310 Проповедник 12:7
311 Хамлет, стр. 81
312 1 Коринтјаните 15:44/ 1 Коринтјаните 2:14
313 Евреите 11:14-16
314 Евреите 12:9
315 Хамлет, стр. 82
316 1 Мојсеева 1:27
317 Како ангели на небесата, паднати ангели, цитат
318 Потсетување дека сме создадени од прав земна. 1 Мојсеева 2:7
319 Хамлет, стр.84

Исус Христос. Токму тоа на драмата, трагедијата и дава духовна сила и длабинска слоевитост, што го прави Шекспировиот сценски јазик силен во дух, посебен, специфичен и остар да продира во оние кои го слушаат.[320]

На наредната страница Хамлет употребува изрека:

„...по ѓаволите..."[321]

Кога нешто се тркала прудолу или оди погрешно значи дека оди со ѓаволот или по него. Тоа го има, односно, такви изрази и во современиот македонски јазик. А потоа веднаш Хамлет се колне во Господ...

ХАМЛЕТ: Жити Господа, човеку, многу подобро![322]

Потоа зборува дека ако им судиме на сите, сите ќе треба да бидат осудени. Што соодветствува со она дека според 10-те Божји заповеди, дадени на Мојсеј и запишани на камен во Ковчегот на заветот[323] никој не може да не биде осуден, сите се грешни. Еве го познатиот монолог на Хамлет, почнува со:

„...Со Бога напред..."[324]

Во тие монолози кои ги работиме на трета година, петти семестар, со студентите од класите по драмски актери, по предметот „Сценски говор" им посочувам дека односот кон Отецот, Бог, Создател, Исус е важен и ако е соодветен, зборовите добиваат друга духовна сила во изведбата. Еве еден стих во таа насока:

ХАМЛЕТ: О, рани Божји, треба сѐ да поднесам,

Бидејќи гукам како гулаб, а немам

Ни жолчка гнетот да си го згорчам...[325]

Имаме повик кон раните Исусови, со кои Он[326] платил за нас, нѐ откупил од канџите на сатаната, ни дава сила и ако се родиме во духот, ни

---

[320] Живо слово/ Евреите 4:12 „Зашто, словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот и ги проценува мислите и намерите на срцата".
[321] Хамлет, стр. 87
[322] Хамлет, стр. 95
[323] 10 Божји заповеди исклесани во камен се чувале во тој ковчег.
[324] Хамлет, стр. 96
[325] Хамлет, стр. 97

дава живот вечен.[327] Нели пееме на Велигден, големата македонска црква, МПЦ, пее дека:

„...Христос Воскресна од мртвите и со смртта, смртта, ја победи..."

Еве на страница 90 констатација на Хамлет.

ХАМЛЕТ: Како да е, Господ знае...[328]

Тоа е сцената пред да им се обрати на актерите.[329]

Се зборува за поднесување, истрпување[330] да не бидеме ние судии дека Исус е Судијата. Неколку стихови подолу на истата страница во истиот монолог, Хамлет вели:

ХАМЛЕТ: Зар смелост е
Што јас, ко син на татко мил и убиен,
На одмазда од небо и од пекол спотнат,
Ко курва срце зборови да истурам
И како оросписа да колнам?...[331]

Тука се гледа дека тој знае, дека од небото, Отецот небесен, не е дозволено сам да осудуваш, дека ако го правиш тоа и ти ќе бидеш осуден во пеколот.[332] И еве дека Хамлет има увид во духовниот свет и суштествување. Неколку стиха подолу на истата страница во монологот.

ХАМЛЕТ: Духот што го видов, можеби е ѓавол,
А то има моќ да се преправа
Во образ допадлив, да и можеби
Со мојата меланхолија и слабост,

---

[326] Господ Исус Христос
[327] Според Светото писмо/ Римјаните 8:16/ Јован 3:3-7
[328] Хамлет, стр. 90
[329] Ова потсетува на прнципот на македонскиот драмски автор од антиката Еврипид, инаку дворски хроничар на дворот на македонскиот цар Архелај, кој го вовел обредниот пристап на почетокот и на крајот на претставата да се повика кон Создателот – Деус и махина. Он да даде сила за играта и да пресече на крајот. Да пресуди на крајот.
[330] Кој ќе претрпи до крај ќе се спаси... цитат
[331] Хамлет, стр. 97
[332] Матеј 7:2 / Јован 7:24

Ме мами тој за да ме проколне...[333]

Светото писмо вели дека сатаната се преоблекува во ангел на светлината, за да измами луѓе и да ги доведе во проклетство.[334] Токму за тоа зборува Хамлет, како христијанин.[335] Наредниот монолог на страница 101.

ХАМЛЕТ: Дал поблагородно за духот е

Да издржиш пред праќоте и стрелите

На бесната судбина, ил оружје

Да кренеш...[336]

Тоа е дилемата, во секого од нас, дали да оставиш да суди Господ[337] Создателот или самиот да ја земеш, правдата во свои раце. По Исусовиот пат би требало да го заврти и другиот образ, да прости и да му го предаде судот на Исус. За тоа е целата драма во Хамлет. Еве подолу што вели во истиот монолог.

ХАМЛЕТ: Да не нè буни стравот од нештото

По смртта, таа земја неоткриена

Од чие царство не се вратил уште

ни еден патник?

Стравот од смртта. Од судот, од соочувањето со Исус и ангелите. Луѓето се плашат од смртта. Иако пеат дека:

„Со смртта, смртта ја победи!"[338]

Нели, Христос воскресна од мртвите и ја победи смртта, но сепак за луѓето тоа е тешко разбирливо, зборувам за оние кои за себе велат дека се христијани.

Одиме неколку страници понатаму, Хамлет на Офелија и вели да оди во манастир, за да не раѓа грешници.

---

[333] Хамлет, стр. 97
[334] 2 Солуњаните 2:9
[335] 2 Коринтјаните 11:14
[336] Хамлет, стр. 101
[337] Матеј 7:1 / Лука 6:37
[338] Православите верници

ХАМЛЕТ: Оди во манастир, зошто да раѓаш грешници? Јас самиот сум умерено честит,

Па сепак би можел да се обвинам за такви нешта

За кои подобро да не ме родила мајка ми.[339]

Потоа вели дека многу престапи му паѓаат на ум, што не може да ги смести ни во мислите, ни да ги обликува во вообразба, и нема време да ги изврши.[340] И потоа продолжува:

ХАМЛЕТ: Што да се влечкаат меѓу земјата и небото

Вакви суштества како мене?...

Не верувај му на никој –

оди право во манастир.[341]

Ние можеме со телесен ум да заклучиме дека Хамлет е разочаран од својата мајка, за тоа што за еден месец по смртта, од убиството на татко му, таа се премажи за чичко му. И дека затоа е таков односот кон Офелија, или кон сите жени. Но, тука се и библиските поуки кои даваат еден друг агол на гледање и разбирање, духовен и со тоа следува и духовната сила во јамбовите на елизабетијанецот. Еве стихови за грешните луѓе, на земјата или како што ги именуваат, не именуваат во Светото писмо, синови човечки на земјата.[342] Еве ја познатат сцена со Офелија.

ХАМЛЕТ: Појди во манастир, ајде збогум...

Или ако веќе запнеш да се мажиш,

Омажи се за некој шутрак, зашто

Паметните и онака знаат дека

Не ќе ги оставиш шути

Ко чудовишта без рогови...[343]

---

[339] Хамлет, стр. 103
[340] Секоја мисла да е покорна на Исус / Филипјаните 4:7
[341] Хамлет, стр. 104
[342] 1 Јован 3:10
[343] Хамлет, стр. 104

А Офелија му возвраќа, барајќи помош од духовниот свет на Отецот Небесен.

ОФЕЛИЈА: О сили небесни, повратете го![344]

Таа бара Божја помош, а видете што ѝ договара Хамлет, со духовните поуки од Светото писмо. За лагата и лицемерниот свет.

ХАМЛЕТ: Господ ви дал едно лице,[345] а

вие од него правите друго: се туку цупкате,

врцкате и шупкате, им давате прекари на

божјите и развратни сте божем од недоветност...[346]

Потоа и вели дека од тие состојби полудел, и ја гони во манастир, истакнувајќи дека не сака повеќе венчавки. Сите тие карактеристики на паднат[347] грешен човек, ги има во Светото писмо. И на тоа Офелија му одговара:

ОФЕЛИЈА: О колку страшен дух се струполи...

...да падне сосем...

О кутра јас, Што се видов,

што видов и што гледам уште, што ќе биде...[348]

Таа зборува за пад на духот на Хамлет, не на телото. За пад на духовниот човек кој не може да живее во лажен свет и лицемерно братољубие.[349] Тоа е таа линија на телесниот и духовниот човек, идентитет, суштествување во стиховите на Вилијам Шекспир. Тоа е таа духовна сила која е присутна ако ја разбираш и можеш да се ползуваш од неа. Но за тоа да се

---

[344] Хамлет, стр. 104

[345] 1 Мојсеева 1:27 „И го создаде Бог човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде: машко и женско ги создаде"

[346] Хамлет, стр. 104 -105

[347] Цитат - Откровение паднат на земјата.

[348] Хамлет, стр. 105

[349]Откровение 12:7-9

случи е потребно да се игра како во античкиот македонски театар за Бог[350] Создател, Татко небесен.[351] И оттаму е македонскиот принцип на Еврипид на почетокот и крајот на претставата го повикувал Отецот да пресече и да даде сила, љубов и суд.[352] Таа е таа духовна врска, милениумски процес на поврзаност на македонската култура со Созадателот.[353] Но еве го пак Хамлет:

ХАМЛЕТ: О, има актери што сум ги гледал –
а другите го фалеле и тоа високо – кои да не
се изразам богохулно, немале ни акцент на
христијани, ниту пак држење на рисјани,
паганци или било какви други луѓе...[354]

Обрнете внимание на карактеристиките: акцент на христијани, држење на рисјани. Одиме на следната сцена на страница 109.

ХАМЛЕТ: Штом приход друг ти немаш освен
ведар дух што те храни и облекува...[355]

Тука зборува за духовна храна и облекло.[356] Понатаму Хамлет додава:

ХАМЛЕТ: Дај ми го тој човек
кој не е роб на страста, па јас него
ќе го носам средсрце....[357]

---

[350] Играле за Дионис, тоа било реално, застанувале и го славеле него, не себе си.
[351] Македонците во антиката го викале Драи Патер, добар татко.
[352] Принцип наречен Деус и махина, Господ сече и мава, суди не ние. За да се спаси од кралот Сонце, Молиер исто така велел на крајот на претставите „Деус и махина". Не сум јас, Господ суди, дава дарба за игра, создава драми, драмува со нас. И според Аристотел, македонскиот царски учител, учеството во Дионсиовите слави, не е за да се вршат обредите, туку за да се соединиш со Бог. Тука се спојува она од Светото писмо, „еден дух и едно тело со Него" цитат.
[353] Кокински, Дионисов, Апостолпавлов, Климентов, Кирилометодиев, преродбенички период на македонското заедништво, заедништво на македонската народна-обредна култура со Татко, Господ, Создател на се.
[354] Хамлет, стр. 107
[355] Хамлет, стр. 109
[356] „Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога" Матеј 4:4

Во Светото писмо сме или робови на гревот, страста или робови на Исусовата праведност. Понатаму еве што вели за себе принцот Хамлет.

ХАМЛЕТ: О, Господе,

Јас сум само еден циркузант...[358]

Тоа го вели оти не смее, да дејствува и глуми дека е сѐ во ред. И еве што вели на следната страница во иронија, за колку време поминало од смртта на татко му, кралот:

ХАМЛЕТ: Пред толку долго?

Па тогаш нека носи траур ѓаволот,

а јас ќе облечам кожув од црн самур.

О, небеса, зар умрел пред два месеци,

А уште не го заборавиле?...[359]

Тое е иронија, а потоа се колне во Богородица и зборува за градење цркви за да те помнат, за да не бидеш заборавен коњ.

На 125 страница Хамлет го благословува Полониј, таткото на Офелија. Потоа од небрежност, од немукает го убива, зад завесата, во сцената кога тој го прислушкува неговиот разговор со мајката, кралица.

ХАМЛЕТ: Бог да ве благослови, Господине...[360]

А Полониј му договара на ироничниот збор.

ПОЛОНИЈ: Живи света миса, навистина личи на камила.[361]

Разговараат за еден облак на небото. А потоа Хамлет, пред средбата со мајка му, еве како се чувствува.

ХАМЛЕТ: Гробовите зинуваат, а пеколот

здив пушта заразен. Би можел сега

да пијам топла крв, да правам недела

---

357 Хамлет, стр. 109
358 Хамлет, стр. 112
359 Хамлет, стр. 113
360 Хамлет, стр. 125
361 Хамлет, стр. 125

од кои и денот би се стресол да

ги види...[362]

Зборува за гробишта отворени и здив на пекол. За пиење крв, што е сатански обред.[363] Од сето ова се гледа дека на Шекспир му била позната оваа обредна практика на сатанските цркви.[364]

Во истата драмска суштина е сцената со кралот.

КРАЛОТ: О гаден ми е злосторот, до небеса

тој смрди и носи клетва најдревна

на братоубивство! Колку страсно и

да сакам, јас не можам да се молам.

Од желбата гревот мој е појак...[365]

Апостол Павле, вели дека во него внатре живее злото, гревот.[366] И дека го тера да прави зло, иако сака да прави добро. Нели како што вели кралот:

„од желбата гревот мој е појак".

Гревовната природа, телесниот човек го совладува духовниот. Еве уште стихови:

КРАЛОТ: Што ќе ти е милост

што не гледа во очи на злочинот?

И нема ли молитвата моќ двојна

Да пад ни претскаже пред паѓање,

А штом сме паднати, да даде прошка...[367]

Потоа самиот заклучува дека не може да се покае, си го сака стореното дело и жената на братот и кралството. И како што самиот вели го ужива, она за кое убил:

---

362 Хамлет, стр. 126

363 Ѓаволски цркви, илуминати, пијат крв и жртвуваат деца за да се подмладат.

364 Денес јавно, многу познати личности, јавно го слават сатаната и не се крие дека суштествуваат во Америка, ѓаволски цркви со превртен крст надолу. (наопаку)

365 Хамлет, стр. 128

366 Римјаните 7:20-24

367 Хамлет, стр.128

КРАЛОТ: Круна, кралица и власт раскошна.

Зар може некому да му се прости,

А сѐ да задржи од својот злочин?[368]

Не со оглед дека Исус вели:

„Оди и не греши повеќе!"

Потоа додава :

„ ...за да не те снајде нешто уште полошо..."[369]

Но Кралот продолжува да зборува за земниот и небесниот закон, суд.

КРАЛОТ: Во расипаните текови на светот

злосторната ни рака со злато

може да се искупи од правдата,

а често гледаме со пленот злосторен

да се поткупи и самиот закон

Но така не е горе...[370]

И денес нам ни е јасно, затоа што во македонското судство, се случува истото. Од земниот закон можеш да побегнеш, но од небесниот не.

КРАЛОТ: Но така не е горе, таму нема

Мрдање и делото се гледа

Во права боја, а ние мораме

Пред лицето и образот на гревот наш

Да посведочиме....[371]

Русите имаат израз кога човек ќе почине и велат раб Божји тој и тој, претставил се. Се преставил пред Отецот и Исус со ангелите, на Суд Божји.

---

[368] Хамлет, стр.128
[369] Зборови на Господ Исус Христос кога исцелува еден човек/ Јован 8:11
[370] Хамлет, стр. 129
[371] Хамлет, стр. 129

Понатаму е прикажана борбата внатре во душата на кралот. Таа борба ја има во секого од нас, меѓу надворешниот телесен и внатрешниот духовен човек.[372]

КРАЛОТ: Па тогаш? Што останува?
Да пробам што може и што не може со каење?
Но што може, кога не можам ни да се покајам?[373]

Јован Крстител повикува на покајување и Исус Христос исто така со зборовите:

„Покајте се, се приближи Царството Небесно![374]

Потоа кралот на помош ги повикува и ангелите.

КРАЛОТ: О душо сплеткана, се бориш да летнеш
А уште појќе се заплеткуваш!
На помош ангели![375]

Имаме внатрешна борба во душата на кралот со гревот и сосотојбата, произлезена од него. Тоа е процес кој ги има во секого од нас. Благодарејќи на Светото писмо, живото слово Исусово, Шекспир добро го опишува, отсликува тој процес. Веднаш потоа се надоврзува и Хамлет, кој ја слуша исповедната молитва на кралот:

ХАМЛЕТ: Сам Господ знае! Но според сите
Сведочења и размисли, тешко нему!

И еве ја дилемата во него, дали сам да пресуди или да му остави на Исус и ангелите:

ХАМЛЕТ: Зар тогаш јас сум одмзаден ако овој
Го свиткам додека си чисти душа,
Спремајќи се за пат на оној свет?
Не...[376]

[372] Ефесјаните 4:22-24
[373] Хамлет, стр. 129
[374] Матеј 3:2/ Матеј 4:17
[375] Хамлет, стр. 129

Не сака да го убие за време на молитва, потоа вели да е во злостор фатен би го убил...

ХАМЛЕТ: Стој, мечу, погрозен да блеснеш
Кога тој е мртов пијан, полн со бес ил
Со родоскрверната му сласт во постела,
На коцка, кавга, или во некој чин
Во кој да нема прилика за спас...[377]

И потоа Хамлет повторно зборува за Божјиот закон и суд, обраќајќи се кон небесата.

ХАМЛЕТ: Собори го тогаш за да клоцне
Кон небо, душата за да му поцрни
Од клетви во пеколот кон којшто оди,
Ме чека мајка ми – овој нека моли
Да му се должи векот што го боли...[378]

Тој, Хамлет, знае дека молитвата е обраќање кон Отецот и дека тој го дава и зема животот и веднаш потоа зборува за судот.

ХАМЛЕТ: А светата вера ја кашави
во смеша зборови. И лицето
на небото црвенее, а тврдава
и збиена земја[379] со вжарен образ
пред Страшниот Суд ко да поболува
од тоа дело...[380]

Страшен е судот кога душата со духот ќе се претстави пред Исус и ангелите, ако не си се покајал дур си жив на земјава. Потоа е сцената на Хамлет со мајка му, еве што вели за својот земен татко, кралот.

---

376 Хамлет, стр. 130
377 Хамлет, стр. 130
378 Хамлет, стр. 130
379 Мисли на човекот направен од земја и во земја ќе се врати и вдахнат дух во лицето, види Битие, 1 Мојсееве 1:27
380 Хамлет, стр. 133

ХАМЛЕТ: кацнат на врв што небото

го целива, со склад и спој врз кој

удрил печат секој Бог...[381]

Потоа на мајка си и вели, и укажува:

ХАМЛЕТ: Кој ѓавол сал

Те намами на ваква лажна среќа

од слепец?[382]

И потоа е одговорот каде ќе заврши гревот и злото според Светото писмо Исусово.

ХАМЛЕТ: О очи, срам, каде ви е пердето?

О пекол бунтовен,

Штом можеш бунт во коските да кренеш на

Госпоѓава, за младоста во пламен

дај доблеста да биде како восок што

се топи во оганот свој сопствен...[383]

Бунт на ангелите, војната на Архангел Михаил[384] со нив и паднати на земјата како бунтовници со ѓаволот. Сето тоа ќе помине низ огнено езеро еден ден на Судот.[385]

Секаде во трагедиите е повикување кон Божјиот, Исусовиот закон, исто како и во македонските трагедии од антиката со Еврипид[386] и тајфата.

[381] Не можете да вршите никаква служба ако не ви е дадено од небото. Јован 3:27
[382] Хамлет, стр. 134
[383] Хамлет, стр. 135
[384] Откровение 12:7-9
[385] Откровение 20:14
[386] Дворски хроничар на македонскиот цар Архелај, ја напишал најзначајната трагедија „Баханалии" инспириран од македонските царски народни прослави на Дионис, и го вовел принципот, Деус и Махина, повик кон Отецот Создател на почетокот и крајот на претставата.

Во сцената на Хамлет и мајката кралица, проговорува и Духот на убиениот сопруг, татко, поранешниот крал. Зборува за својата сопруга, кралицата:

ДУХОТ: О застани меѓу неа и душата

што и се бори.[387]

Му се обраќа на Хамлет, а Кралицата него не го гледа.[388] Потоа Хамлет се обидува да ѝ помогне на нејзината душа да се избори со гревот:

ХАМЛЕТ: За љубов Божја, мајко, не клавајте го

Тој мелем ласки врз душата...[389]

А потоа Хамлет продолжува:

ХАМЛЕТ: Исповедате се пред небото,

Покајте се за она што било...[390]

Ја повикува на покајание пред небото и пак продолжува:

ХАМЛЕТ: Од порокот да моли прошка мора...[391]

Мајката му вели дека и го расцепил срцето на две. А Хамлет продолжува понатаму:

ХАМЛЕТ: Чудовиште што сите сетила

Ги јаде на обичајот [392]– ѓавол,

е сепак ангел што на добрите

и красните дела им клава облека

и руво што им стои пристојно...[393]

Дека ѓаволот, сатаната е паднат ангел од небесата поради бунт кон Создателот, Таткото небесен, за тоа зборува.[394] И ја дава состојбата на битката за души меѓу Исус и сатаната:

---

[387]Хамлет, стр. 136

[388] Во фуснотата Ѓузел објаснува дека тоа е поради тоа што таа има сторено грев.

[389] Хамлет, стр. 138

[390] Хамлет, стр. 138

[391] Хамлет, стр. 138

[392] Мисли на традиција, морал, сооднос, срам.

[393] Хамлет, стр. 138

ХАМЛЕТ: Се мени дури и жигот на природата,

Па или ќе го скроти ѓаволот,[395]

Ил ќе го протера сосем со чудна моќ...[396]

Мисли ако со Духот Исусов му се спротивставиш на ѓаволот со духовна сила. Телесниот човек, без Духот Исусов за тоа нема сила. И еве го пак Хамлет за убиството на Полониј кој го прислушкуваше разговорот со мајка му, и го уби, го прободе со мечот зад завесата, не знаејќи кој е.

ХАМЛЕТ: Се кајам, но Господ така посакал

Со него да ме казни мене, а него -

Со мене, да бидам негов бич и слуга...[397]

Имаме покајување, Божја волја, казна за грев и меч, камшик Божји во неговите следбеници, во рацете на Неговите слуги[398], сето тоа е од Светото писмо на нашиот Господ Исус Христос. Одиме во четвртиот чин, пак со Хамлет. Кралот го прашува каде е Полониј?[399] А Хамлет му одговара:

ХАМЛЕТ: На небо - пратете за да го видат,

Ако вашиот гласник не го најде таму, побарајте

Го самиот на друго место...[400]

Потоа на наредната страница го праќаат за Англија. Тој се поздравува со мајката и ѝ вели, и спомнува со цитат од Светото писмо:

ХАМЛЕТ: Моја мајко – мајката и таткото се

маж и жена, мажот и жената се едно тело –

значи, моја мајко...[401]

Пишано во Битие и во Новиот завет.

---

394 Исаија 14:9-21
395 Завладее, зароби да му робуваат на гревот.
396 Хамлет, стр. 138
397 Хамлет, стр. 139
398 Принцип на служење, сотрудништво, сакаш да му служиш на Исуса и да работиш за Царството Божјо
399 Тој го прободе, го уби во претходните сцени.
400 Хамлет, стр.146
401 Хамлет, стр.147

„...Затоа ќе го остави човекот

таткото свој и мајката своја

и ќе се прилепи кон жената своја:

и обата ќе бидат едно тело..."[402]

еве уште на едно место:

„...Оној што го создаде на почетокот,

машко и женско ги создаде,

и рече: затоа ќе остави човек

татко и мајка и ќе се прилепи

до жената своја и ќе бидат

обата едно тело..."[403]

Одиме понатаму монолог на Хамлет на стр. 150.

ХАМЛЕТ: Та што е човекот, штом главна добивка

И корист му е храната и сонот?

Сал скот – и ништо друго...[404]

И понатаму дополнување на прашањето и одговорот.

ХАМЛЕТ: Секако тој

што нас нѐ создал со толкав расудок

да гледаме напред и назад, не ни дал

моќ таква на Бога сличен разум

да мувлоса во нас неползуван.

Дал заборав животински е тоа...[405]

Оттука се гледа и разбира, дека Шекспир знае дека сме ние создание, дека сме создадени[406], дека по Божјиот образ сме создадени и дека без духот

---

[402] 1 Мојсеева ( Битие) 2:24 / Стар завет
[403] Матеј 19:5 /  Нов завет
[404] Хамлет, стр. 150
[405]Хамлет, стр.150
[406] Јаков 1:17-18

Исусов во нас, ние сме слични на животните. Потоа кога зборува за доблесниот принц кој се бори за правда, еве што истакнува Хамлет:

ХАМЛЕТ: На еден млад и отмен принц чиј дух

Вознесен со Божествена амбиција...[407]

Зборува за дух со Божјо водство, кој дава сила и победа во сѐ. Да се надвладее и победи светот, кој не е правичен. Еве и зборови од Офелја во таа насока:

ОФЕЛИЈА: Добро, Господ да ви врати...

Боже, ние знаеме што сме,

Но не знаеме што можеме да бидеме...[408]

Господ да ви е на трпеза...![409]

Имаме свесност, кај Офелија, дека Господ е Судијата, Тој плаќа и враќа. Потоа имаме парафраза, коментар на стих од Прво Јованово, па на крајот покана, благослов Господ да ни е на трпезата.[410] Нели имаме Господова вечера на љубовта, кај христијаните кои се хранат со духовна храна. Со словото Божјо.[411] И имаме стих кога Исус чука на вратата на нашето срце за да вечера со нас.

Но, Еве што вели кралот за себе и својата заштита.

КРАЛОТ: Гертрудо, пушти го, не плаши се,

Ѕид жив на божество го штити кралот...[412]

Во Светото писмо, имаме огнен штит околу христовите сотрудници да ги заштити од ѓаволот и демоните на паднатиот свет. И постојано е тоа преплетување од дејството во трагедијата со светото писмо. Тоа е тоа

---

[407] Хамлет, стр. 151
[408] 1 Јован 3:2
[409] Хамлет, стр. 154
[410] „Ете, стојам пред вратата и чукам. Ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене" Откровение 3:29
[411] Матеј 4:4
[412] Хамлет, стр. 157

невидливо духовно движење, кое дава сила во стиховите на Шекспир. Еве го Лаерт.

ЛАЕРТ: Во пекол со поданство, се колнам во

најцрниот ѓавол, а совеста и милоста - во најдлабокиот ад! Да бидам проклет...[413]

Ова го кажува во налет на омраза, бес поради смртта на татко му Полониј. Потоа се колне дека ќе ја  одмазди смртта на татко му. Потоа во наредната страница ја гледа Офелија како е слаба со умот, како е попуштена со паметта.

ЛАЕРТ: О небеса, зар можно е умот девствен

да биде смртен ко животот од старец?[414]

Претходно се колне во пеколот и најцрниот ѓавол за одмазда, а сега бара помош и одговор од небесата. Неколку страници понатаму имаме благослови. Првиот морнар го благословува Хорацио, а потоа и Хорацио го благословува него.

1 МОРНАР: Бог да ве благослови, Господине.

ХОРАЦИО: Да те благослови и тебе.[415]

Ете го Лаерт со бесот и јавнат на коњите на одмаздата.

ЛАЕРТ: Мој кралу, збогум! Јас имам зборови

од оган, што би пламнале, да не е слабоста

што ми ги мокри...[416]

Така завршува четвртиот чин. Одиме на петтиот. Сцена на гробиштата. Погребот на Офелија, гробарите разговараат меѓу себе.

---

[413] Хамлет, стр. 158
[414] Хамлет, стр. 159
[415] Хамлет, стр. 163
[416] Хамлет, стр. 172

1 ГРОБАР: Може ли да ја закопаат со христијански погреб кога таа самоволно си го побарала спасот?[417]

Офелија се самоубива со давење. Би требало да се погребе надвор од гробиштата според христијанскиот правилник. Но сепак со одлука на властите...

2 ГРОБАР: Ти велам дека може, затоа поправи ѝ го гробот. Иследникот го прегледа трупот и одреди

Христијански погреб.

1 ГРОБАР: Како може тоа – освен ако не се

удавила во самоодбрана?

2 ГРОБАР: Па така ѝ е одредено.[418]

Се гледа кршење на земните закони и на потчинување на Божјите. Еве уште реплики во таа насока.

1 ГРОБАР: ...и толку пожално е што големците

на овој свет имаат поголемо право

да се дават или бесат од нивните

христијански побратими...

тие го држат Адамовиот занает...[419]

По гревот на Адам кој во Едемската градина, јаде од дрвото на познавањето на доброто и злото, од кое единствено му забранил Таткото небесен, затоа што ќе биде смртен и изгонет од рајот. А Адам по наговор на Ева и змијата, јаде од тоа дрво и е непослушен на Бог и е изгонет од Едемската градина, рајот. Еве го пак првиот гробар.

1 ГРОБАР: Што? Да не си ти, бре паганец? Како го разбираш ти, Светото Писмо, а? Светото писмо вели дека тој копал. А зар можел да копа без раце и орудие?[420]

---

[417] Хамлет, стр. 173
[418] Хамлет, стр. 173
[419] Хамлет, стр. 174
[420] Хамлет, стр. 175

Зборуваат за Адам, и неговиот грев, дека откако бил избркан со Ева од рајот, морал да работи мачно врз земјата за да му даде род, додека во рајот јадел од дрвата кои раѓале без неговиот труд.

Потоа пак првиот гробар има игра на зборови кои се допираат до Светото писмо и верата во Господ Исус Христос.

1 ГРОБАР: Жими вера, ми се допаѓа досеткава, бесилкава ти чини баш добро – ама како? Им чини добро на оние што чинат лошо. Но ти чиниш лошо кога велиш дека бесилката е појака градба од црквата – ерго, бесилката и тебе може да ти чини добро...[421]

Потсетување на земниот и небесниот закон. Од земниот понекогаш можеш да избегаш, но од небесиот не можеш. Еве го пак гробарот:

1 ГРОБАР: Куќите што ги прави тој

Трајат до Судниот Ден...[422]

Зборува за гробарите, за гробовите, како куќи за пред Судот Божји. И еве го се појавува Хамлет, на гробиштата.

ХАМЛЕТ: Овој череп имал негаш јазик и можел да пее! А еве како чапкунот го тресна од земја, како да е магарешката вилица на Каин, со која овој го извршил првото убиство. Она може била тиквата на некој политичар, кој сега е насамарен од ова магаре, овој би можел да го измами и Господа, зар не?[423]

Каин го убива брат си Авел. Тоа се првите деца на Адам и Ева изгонети од Рајот. Каин е споредба со првиот политичар, кој го лаже Господ. На Господовото прашање: „Каде е брат ти Авел?" Тој лаже и вели: „Зар сум јас чувар на братот мој?"

Еве го Хамлет со прашање до гробарите.

ХАМЛЕТ: Колку му треба на човека да лежи

во земја пред да изгние?

---

[421] Хамлет, стр. 175
[422] Хамлет, стр. 176
[423] Хамлет, стр. 177

1 ГРОБАР: Жими вера, ако не бил згниен уште за животта, придобивајќи денес има многу трупови испрprofessedштени што одвај ќе издржат до закоп...[424]

Ова се порамнува со зборовите на Исус:

„...остави ги мртвите да ги погребуваат своите мртовци..."[425]

Се мисли на мртви без дух, нели:

„тие се телесни и немаат дух"[426]

Вистинските христови следбеници не се плашат од смртта, бидејќи Исус ја победи смртта и ги има клучевите од Адот.[427] Еве што му вели Лаерт на свештеникот, за сестра си Офелија:

ЛАЕРТ: Сестра ми ќе биде ангел милозлив,[428]

а ти ќе виеш в пекол.[429]

Видете што му вели на Свештеник. Потоа се појавува Хамлет и нивната кавга, со Лаерта за одмазда.[430] И еве Лаерт што му кажува на Хамлета, откако овој вели: „ јас сум Хамлет, Данецот"

ЛАЕРТ: Ѓавол црн да ти ја земе душата.[431]

Се обвинуваат за смртта на Офелија еден со друг и Хамлет се повикува на Исус.

ХАМЛЕТ: Жими Исуса, покажи што би сторил?[432]

---

[424] Хамлет, стр. 181

[425] Матеј 8:22 „А Исус му рече: Врви по мене и остави ги мртвите да ги погребуваат своите мртовци!"

[426] Јуда 1:19

[427] 1 Коринтјаните 15:26

[428] „како ангели на небесата" Матеј 22:30

[429] Хамлет, стр. 184

[430] Хамлет го убива татко му Полонија зад завесата, откако овој го прислушкуваше неговиот разговор со мајка си, кралицата.

[431] Хамлет, стр. 185

[432] Хамлет, стр. 186

Секако, христијаните знаат дека не треба да судат и дека Исус е судијата. Потоа е сцената на Хамлет со Хорацио. Видете што му порачува, што му зборува на Хорацио.

ХАМЛЕТ: Па и тука небото ме водеше...[433]

Кажува дека постапува по водство од небото, од Светиот дух и потоа веднаш додава:

ХАМЛЕТ: Опасно е штом ниските по дух
се меткаат пред остри мечови и бодежи
од моќни душмани во двобој лут...[434]

Ниски по дух, телесни луѓе, со бодежи, моќни душмани, демонски сили и двобој лут. Како да претчувствува во духот дека се ближи крајот на таа трагедија. Потоа следува сцената со двобојот со затруено вино и отров на бодежот на мечот за да умре Хамлет. Одиме на страница 206.

Хамлет знае во духот дека сакаат да го отрујат. Отров има во чаша со пиење и на врвот од мечот на Лаерт.

ХАМЛЕТ: Бидејќи човек си,
дај ми ја чашата, остави ја,
Се колнам во небо ќе ја земам сам!
О Боже, Хорацио колку рането
ќе живее зад мене моето име...[435]

И понатаму за отровот.

ХАМЛЕТ: О, мртов сум, Хорацио,
Тој моќен отров ликува над мојот дух
Не ќе ги доживеам јас вестите од Англија...[436]

И последните зборови на Хамлет се:

[433] Хамлет, стр. 190
[434] Хамлет, стр. 190
[435] Хамлет, стр, 206
[436] Хамлет, стр. 207

ХАМЛЕТ: Остатокот е молчење...[437]

На ова се надоврзуваат зборовите на Хорацио за смртта на Хамлет, како благослов.

ХОРАЦИО: Рој ангелски за вечна почивка!

И тука завршуваме со Хамлет и се префрламе на Макбет. Таа трагедија почнува со духовна порака. Се појавуваат вештерките и зборуваат обредни думи, зборови и затоа таму, во трагедијата за време на пробите се случуваат несреќи кај учесниците.[438] Еве што велат вештерките.

СИТЕ: Красното е гнасно, а гласното красно:

Низ воздухот поган и низ магли вјасај...[439]

И некаде до 26 страница до монологот на Леди Макбет, има зборови за гатање, проколнување, врзување, самопроколнување и поклонување на злото.[440] И еве што вели Леди Макбет:

ЛЕДИ МАКБЕТ: За каење никакво сочувство...

Елате на женскиве мои гради и

сипајте во нив жолчка место млеко,

о демони, вие што го помагате невидливото

природно зло! Ела, густа ноќ,

со најцрниот чад о пеколот, завиткај се

во плашт, за мојот остар нож да не

---

437 Хамлет, стр. 207

438 Актерите кои играат во таа претстава доживуваат несреќи, тоа е познато по цел свет и се вели дека во Макбет има нешто проколнато.
Кога јас го зборував Макбет покрај другите два големи лика кај Шекспир, сам на празна сцена, ми падна бојлерот од кујната ќе ме удреше за малку, за влакно избегнав судар со автомобилот, неколку дена пред премиерата и ми се запали плинската боца на балконот. Потоа поверував во таа состојба дека во Макбет има некој темна сила, а тоа се поместени магиски зборови во трагедијата, во текстот.

439 За некој неупатени и неверници, духовно слепи, ова не значи ништо, но тие зборови магиски точки, нишани, сили врзуваат зло во трагедијата. Во името Исусово не, за станата и смртта, да за Исус во трагедијата Макбет. Секој небиблиски завет надвор од оваа книга и од трагедијата Макбет во името Исусово.

440 Да му се поклониш на ликот на ѕверот, Откровение 14:9/ Откровение 13:15

види што рана ќе стори...[441]

Имаме отворен повик кон злото, кон демонскиот, ѓаволски свет, како и покорност, соработка, поклон кон ѓаволот. Познавајќи ја силата на изговорениот збор во вера, овие зборови ја носат смртта и гибелта и врз оној кој зборува и врз оној кој слуша и ракоплеска. Еве го понатаму Макбет веќе спотнат од гревот и силата на темнината. Имаме и поговорка во македонската народна култура , која го отсликува демонскиот свет, и сојузот со злото. На пример:

„Со ѓаволот тикви не се сади". И уште

„Кој на другиот јама му копа, тој самиот во неа ќе падне."

Тоа е поврзано со старозавениот закон,

„... сѐ што им правиш на другите. Ќе ти се прави и тебе..."[442]

За сотрудници кои се трудат и се бават со јавно зборување, ако не го знаат законот дека по зборовите сме осудени,[443] дека зборот изговорен јавно со степен на вера се остварува и е тргнат кон остварување, исполнување, ова изгледа неразбирливо. Но, пишано е во Светото писмо дека зборовите се:

„...дух и живот"[444]

Не се материјални не можеш да ги допреш. Гласовен изговорен напишан збор, тие те допираат во духовниот слој на твоето суштествување.[445]

Еве што вели Макбет во таа насока:

МАКБЕТ: Ако убиството може в мрежа да

ја фати последицата, и со смртта негова,

да донесе плод..."[446]

Натеран од сопругата го убива кралот, свесен е за тоа и видете што вели понатаму.

---

[441] Макбет, стр. 26,26
[442] Матеј 7:2 / Матеј 7:12
[443] Матеј 12:36-37
[444] Јован 6:63
[445] Цитат, внатрешен и надворешен човек/ Риманите 7:22/ Ефесјаните 3:16
[446] Макбет, стр. 30

МАКБЕТ: ...за сѐ да биде и да заврши,

Па макар бил и проколнат. – Но вака,

И овде има Страшен суд што демне;[447]

Имаме свесност дека злосторот кој го прави, убиството има Суд, Судија од кој не може да се побегне. Макбет, односно Шекспир, има знаење и свесност дека секој од нас, кога ќе му дојде денот да се претстави пред Исус и Отецот и ангелите, ќе помине низ тој Суд. Еве што вели понатаму на наредната страница:

МАКБЕТ: Ќе затруват ко ангели против

Проклетото дело на убиството...[448]

Имаме свесност дека кога живееш со сторен грев, живееш во проклетство.[449] Макбет го знае тоа, а тоа го знае и Шекспир и тука се потврдува врската на јамбовите на елизабетанецот, Вилијам Шекспир со силата, духовната сила на живото слово[450] од нашиот Господ Исус Христос.

Одиме до почетокот на четвртиот чин, каде е претставен магиски обред, преземен од Шекспир од некој средновековни книги за врзување и одврзување од демони и проклетства, во сцената со вештерките. Токму заради тие магиски шифри, кодови, зборореди се случуваат трагични настани со актерите кои играат во оваа трагедија. Тоа е заради тоа што се употребени, внесени оригинални зборови од книги за вештерства и магии. За да не ти се случуваат такви нешта е принципот на македонскиот драмски автор Еврипид од антиката[451] каде го вовел принципот, правилото „Деус и махина". На почетокот и на крајот на претставата го повикувале Таткото небесен,

[447] Макбет, стр. 30
[448] Макбет, стр. 31
[449]5 Мојсеева 11:26/ Јаков 3:10/ Откровение 22:3/ Галатјаните 3:13/ Галатјаните 3:10
[450] Евреите 4:12
[451] Деус и махина, Господ сече, Господ мава, Он суди, не јас. Така се спасувал и Молиер за време на кралот Сонце бидејќи се препознавале властите во драмите. Тој им велел Господ е судијата, не сум јас. И на почетокот и крајот на претставата го повикувале Господ.

Создателот, да земе учество во трагедијата, да им дадае сила на актерите и да пресече на крај. На крајот, од претставата, да ја одземе состојбата која ја сеат зборовите од драмата, за да не им се случуваат, тие зборови, сцени, состојби ним.[452] Од 86 до 95 страница се магиски дејства. И токму тие зборови ја носат магиската несреќа во оние кои играат во претставите.[453]

Се враќаме на 35 страница со Банко:

БАНКО: Сили милостиви,

скротете ги во мене проклетите мисли

што природата ги допушта на сон...[454]

Милостиви сили, проклети мисли на: осуда, омраза, презир, сомнеж, љубомора кои те водат до проклетство.[455] Понатаму веднаш го посочува злото истиот лик.

БАНКО: Ги сонував сношти вештиците...[456]

Како претчувство, духовен увид дека му се ближи злото. Видете што вели Леди Макбет која го поттикна сопругот Макбет да го убие кралот. Убиството е веќе извршено, а таа се повикува на Бог:

ЛЕДИ МАКБЕТ: Боже само ако се разбудиле,

без да се заврши...[457]

---

[452] Студентка од ФДУ, го губеше гласот после една претстава, каде колнеше, дојде до операција и да го изгуби гласот. Ѝ ја дадов молитвата од „Овоплотен збор" по принципот на Еврипид, стр. Која ја кажуваше пред и по претставата и престана да ѝ се губи гласот и играше безбедно.
https://pdfhost.io/v/3hgWmZsj8_Ovoploten_zbor
стр. 8 Актеровата молитва

[453] Проверете го ова во меѓународното искуства со трагедијата Макбет, за која се вели дека е проколната. Велеми тоа е така бидејќи во себе има зборови за таа намена внесени во драмата.

[454] Макбет, стр.35,36

[455] Секоја мисла да е покорна на Господ Исус Христос. Тоа значи да ја исполнуваш волјата на Таткото небесен и Духот Свети да зборува, да те води и да дејствува во тебе.

[456] Макбет, стр. 36

[457] Макбет, стр. 39

а, Макбет на претходната страница го порамнува злосторството од каде доаѓа и на каде оди.

МАКБЕТ: Магијата ги слави жртвите

на бледата Хеката; со свенат лик убиецот

повикан од волкот...[458]

Јасно е во свеста на Макбет, дека е соработник на магија, демони и сатаната. Хеката е божица на класичното и средновековното вештерство, пишано во фуснотата на Богомил Ѓузел.

Одиме понатаму на 41 страница со Макбет.

МАКБЕТ: „Благословен Боже!" викна едниот, а другиот „Амин!"

Јас не смогнав да речам ни „Амин"

А тоа „Амин" в грло ми се запра...[459]

Полека почнува да се буди од злосторот и да станува свесен за тежината на гревот. И потоа е онаа позната реплика:

МАКБЕТ: Нема да заспиеш! Макбет си ги уби сонот – невиниот сон...[460]

Тоа е таа состојба кога душата се дави во сопствениот грев, и гревот (казната) е толку тежок што не може да се носи.[461]

Еве интересно стихови од вратарот кој зборува за поврзаноста на стиховите од Макбет со Светото писмо и Исус Христос.

ВРАТАРОТ: Кога човек би бил вратар на портата на пеколот, сигурно би пцовисал од отворање... кој е таму во името на Сотоната?... овде има добро да се испотиш за своите гревови... Боже, еве ти еден дволичен правоверник, што може да ти се заколне за и против и за едната и за другата страница: кој

[458] Макбет, стр. 38
[459] Макбет, стр. 41
[460] Макбет, стр.42
[461] 1 Мојсеева 4:13 „Казната моја е толку голема, што не може да се носи". Каин му вели на Господ по убиството на брата си Авела.

измамил неколкупати заради Господа, но не стасал да го има небото... не бидува да му бидеш вратар на ѓаволот..."[462]

Тој зборува за порти на небесното царство но и за адот, пеколот. Зборува за лицемерно христијанство, за луѓе кои налик се со Исус, а на срце си живеат со гревовите. На крајот заклучува дека не е добра работа да бидеш вратар на духовниот затвор - пеколот. Одиме до Макдалф.

МАКДАЛФ: Станете, станете!

Видете го ликот на страшниот суд![463]

Објавува за убиството на кралот од страна на Макбет. Зборува за страшен суд, пишан во Библијата.[464] Потоа Макбет ги убива и слугите на кралот кој ги мести за убијци на истиот и еве што вели:

МАКБЕТ: О! Сепак се каам што во бесот свој ги убив...[465]

Дали е тоа доволно пред Отецот небесен и Исус, дали се кае реално, сигурно не. Еве и благослов на крајот на вториот чин.

СТАРЕЦОТ: Господ да е со тебе и со тие
што прават светлина од злото и мрак[466]
и пријател драг од нашиот враг.[467]

Имаме двоен благослов, и познание дека судијата е Отецот и Исус Христос. Дека на непријателот треба да му се даде „вечера и благослов". Но благословот кај злосторникот станува клетва и проклетство. По законот на пророците, „се што си правел ќе ти се прави", се разбира, само ако ако живееш без Исус во срцето. Но еве монолог исповед, соочување на Макбет со себе и сторениот грев.

МАКБЕТ: А мојот дух, тој вечен дијамант,

---

[462] Макбет, стр. 44
[463] Макбет, стр. 49
[464] Псалм 9:7/ Јов 24:1/ 2 Петрово 2:4/ Јуда 1:4/ 1 Коринтјаните 4:3
[465] Макбет, стр.51
[466] 2 Коринтјаните 11:14
[467] Макбет, стр. 57

На ѓаволот му го дадов...[468]

И тука имаме свесност за сторениот гревот и дека, според Светото писмо Исусово, на земјата има борба за души, за тоа кому душата ќе му припадне на Исус или на сатаната, ѓаволот. Понатаму Макбет ја прикажува во дејство и дела припадноста кон ѓаволот и злото, еве што им вели на убијците кои ги најмил.

МАКБЕТ: Зар сте Божји овци, што се молат

За тој човек и за неговото потомство...[469]

Знае дека христијаните се овци, а пастир, овчар е Господ Исус Христос. И свесно го тера во зло. И понатаму сака да го убие Банко, со оглед дека вештерките му пророкуваа дека потомството на Банко ќе бидат владетели. Еве што вели:

МАКБЕТ: Банко, духот твој мора да летне

Со небото ноќва да се сретне.[470]

И тука имаме насока според Светото писмо, човекот оди во земја а неговиот дух, се враќа кај оној кој го дал, Таткото небесен.[471] Видете понатаму какво е чувството кај оние кои ја предале, продале душата на ѓаволот, еве што вели Макбет за себе.

МАКБЕТ: О! Духот ми е полн со шкорпии!

Ти знаеш – Банко и Флинс се живи.[472]

Потоа ја повикува и Хеката во наредните сцени.

МАКБЕТ: Да чуе повик од мрачната Хеката...[473]

И понатаму, уште подлабоко во злото продира Макбет еве што вели:

МАКБЕТ: Што смеам да го гледам она од што

---

[468] Макбет, стр. 61
[469] Макбет, стр. 62
[470] Макбет, стр. 65
[471] Веќе посочено во претходните страници.
[472] Макбет, стр. 67
[473] Макбет, стр. 68

и ѓаволот би штукнал...[474]

Имаме свесност што е злото, како дејствува и повик кон него. И обредни зборови поместени во трагедијата, оттаму доаѓа проклетството во претставата, за сите оние кои играат во неа, според духовниот Божји закон на љубовта.[475] Понатаму во театарскиот текст се појавува вештерката лично, Хеката? Видете што зборува таа за слугите, послушниците на ѓаволот:

ХЕКАТА: а јас, Стопанка на вашиот глас...[476]

Луѓе во власта на злото, гревот, ѓаволот ја извршуваат неговата волја,[477] а еве што вели Ленкос понатаму во драмата:

ЛЕНОКС: По Божјата волја ќе ги нема...[478]

А потоа веднаш Лордот му одговара во истата насока за волјата на Бог, татко, Создател.

ЛОРДОТ: Со нивна помош и со дозвола
На Бога да можеме да имаме на нашите
Софри пак месо, и сон во ноќите, да ги
Ослободиме нашите гозби од крвави ножој...[479]

Тоа се зборови на христијанин, верник, според Светото писмо. И Шекспир затоа има духовна сила во стиховите, оти постојано коментира, озвучува, споредува, се порамнува меѓу стиховите и Царскиот закон на љубовта на Отецот и Исус Христос.[480]

Еве зборови на Малколм.

---

[474] Макбет, стр. 75
[475] Еден е законот: Љуби го својот ближен како себе си.
[476] Макбет, стр. 81
[477] Светото писмо разликува Таткова волја според молитвата на Господ Исус Христос, во Матеј... има две волји Божјата и другата, сатанска, твоја волја, а тоа е непослушност кон Бог, Создател. Значи јадеш од дрвото на познанието на доброто и злото и си истеран од Рајот и си смртен. Битие
[478] Макбет, стр. 83
[479] Макбет, стр. 84
[480] Јаков 2:8

МАЛКОЛМ: Светли се сè уште ангелите,

Но и најсветлиот од нив паѓа...[481]

Се однесува на падот на сатаната, ѓаволот на земјата по бунтот против Таткото небесен во Царството Божјо. Види Откровение и Исаија. Но и еве коментар, зборови на Макдаф.

МАКДАФ: На страшниот Ад не може да има

Попроколнат ѓавол по сето зло на Макбет...[482]

Макбет, спореден со ѓавол и свесност дека кој прави грев е во проклетство. Има две состојби живот со Божји благослов на Исус и живеење во проклетство без Исуса во грешниот свет. И Малколм го споредува Макбет со ѓавол.

МАЛКОЛМ: Ѓаволскиот Макбет многупати

Се обидуваше со вакви мамки да ме

Придобие во свои раце...[483]

И истиот продолжува да се движи меѓу Светото писмо и драмата.

МАЛКОЛМ: Но Господ одгоре е меѓу нас!

И сега сè ставам под твоја власт,

И ги одрекувам сите клевети

За себе си...[484]

При крштевањето во разни деноминации[485] крштеникот, човекот кој се крсти се одрекува од ѓаволот и злото. Тоа е реална христијанска обредна практика. И истиот лик продолжува:

---

[481] Макбет, стр. 103
[482] Макбет, стр. 104
[483] Макбет, стр. 107
[484] Макбет, стр. 108
[485] Земни поделени христијани според телесно разбирање на Светото писмо.

МАЛКОЛМ: Не сум бил вероломен: ни ѓаволот

Не би го предал на друг ѓавол;

На вистината  се восхитувам[486]

Не помалку од животот...[487]

Се разбира Исус е животот.[488] Тој е патот, вистината и животот. Еве понатаму со истиот лик.

МАЛКОЛМ: ...не знае христијанскиот свет

за постар војник и подобар...[489]

Тој зборува за англискиот крал. И понатаму продолжува во истиот стил на Христово слово. Му се обраќа на Таткото небесен со зборовите:

МАЛКОЛМ. Милостив Боже...[490]

И навистина Отецот е многу милостив и долго трпелив и милоста негова е вечна...[491] Со исти и слични думи се објавува и Макдаф.

МАКДАФ: Но, милостив Боже, скрати ги сите

Паузи; в лице со лице стави нѐ

Со тој демон на Шкотска, блиску

Колку што ми е долг мечот, па ако

Побегне, Боже прости му и ти...[492]

Тој бара моќност, водство и помош од силата на Духот Исусов за да се справи со демоните. Со луѓето водени од демони.[493] Еве ја во таа насока, Лади Макбет, јавната од претежок грев од демонскиот сатански свет.

486 Исус е вистината, патот и животот. Јован 14:6
487 Макбет, стр. 108
488 Јован 14:6
489 Макбет, стр. 112
490 Макбет, стр. 113
491 Псалм 102:6-10
492 Макбет, стр. 115
493 Матеј 7:21-22

ЛЕДИ МАКБЕТ: Мавни ми се, дамко проклета! Мавни се ти велам! - ...Пеколот е густ мрак... Зошто да се плашиме дали некој знае, кога никој не може да и суди на нашата власт?...[494]

Таа гледа крв на рацете која не се мие. Се соочува со злото и претежок грев. На крајот од Исусовиот суд не може да се побегне. Од земниот може, но од Божјиот не може. Ете го докторот кој го гледа и слуша тоа што го зборува Леди Макбет. Еве што вели:

ДОКТОРОТ: Нејзе ѝ треба исповедник, а не доктор. – Бог, Бог да ни прости на сите! Јас сфатив, но не смеам да кажам...[495]

Ете го и Макбет, јавнат од гревот.

МАКБЕТ: Смрт за твојот дух![496]

Му посакува на својот слуга смрт во духот.[497] И потоа го изговара зборовите кои него го судат.

МАКБЕТ: ...место тоа, проклетства, не гласни,
но згушени...[498]

И тој почнува да го гледа демонскиот духовен свет и да станува свесен за гревот и смртта. Потоа се среќава со докторот и зборуваат за Леди Макбет.

МАКБЕТ:...зар не можеш да помогнеш на
еден болен дух, да ги откорнеш од сеќавањето
корените жал, да ѝ ги избришеш неолите
запишани во мозокот нејзин и со некој сладок
отров заборав да ѝ ја исчистиш градата
оптоварена со тој погибелен товар
што на срце ѝ лежи?...[499]

---

[494] Макбет, стр. 118
[495] Макбет, стр 120
[496] Макбет, стр. 124
[497] Духот не може да умре, се враќа кај Таткото Создател кој го дал.
[498] Макбет, стр. 125
[499] Макбет, стр. 126

Се разбира нема лек за човечката душа освен самиот Господ, Татко Создател. Од душата, срцето, од умот не може никој да избрише ништо освен Создателот. Станува збор за духовниот, внатрешен човек.[500]

Еве што вели Малколм за тоа кој му служи на Макбет:

МАЛКОЛМ: Му служат сал тие што се под стега,

и тоа со отсутен дух...[501]

Под принуда или со завладеан дух. Или некој кој е проголтан од лавот што рика.[502] Еве Сиворд што додава на таа тема.

СИВОРД: Разликата меѓу она што лаже

И она што е. Духот има мисли рој,

Но крајниот исход се решава в бој;[503]

Тоа е можеби мала назнака дека војната е духовна.[504] Дека војната е на Господ.[505] Но еве го пак Макбет со злото и гревовите, му јавуваат дека Леди Макбет е мртва.

МАКБЕТ: Во друго време требаше да умре:

Ќе дојдеше час и за таков збор. –

А тоа утре, утре и утре...[506]

Време за умирање и наплата на гревовите и тоа УТРЕ, за кое не знаеме дали ќе дојде, воопшто.[507] Тоа утре нè тера да грешиме, да вјасаме... еве уште стихови:

МАКБЕТ: ...сите наши вчера

На глупците им ја осветлуваат

Врвицата кон прашната смрт. Згасни,

---

[500] Веќе објаснето.
[501] Макбет, стр. 128
[502] Марко 9:17-29
[503] Макбет, стр. 129
[504] Војната не е ваша, Божја е, се вели во словото Исусово.
[505] Исаија 54:17/ 2 Летописи 20:15
[506] Макбет, стр. 130
[507] Јаков 4:13-16

Угаси се кусовечна свеќо![508]

Тоа е тој познат монолог, исповед на грешниот Макбет, спотеран од демонскиот свет, вештерките, со пророштво за да направи, да изврши зло. И ете ја наплатата за гревот тоа е смртта.[509] Видете ги овие стихови како надоврзување, поука од стиховите, на Божјиот Исусов збор.

МАКБЕТ: Та животот е сенка што чекори;

Артист беден, што час-два се перчи

и на сцена гине, а потоа

не го слуша никој...[510]

Видете каква одредница за актерот и самиот минлив живот на земјата. Макбет спотнат од пророштвото на демонските сили, прави зло и еве на крајот што заклучува.

МАКБЕТ: И почнувам во двосмисленоста на ѓаволот да се сомневам.[511]

И понатаму уште во таа насока.

МАКБЕТ: Не постои спас ни овде, но бегство вон.

Ме измами сонцето и ме гуши,

Би сакал вселената да се сруши.[512]

Макбет станува свесен дека на крајот тој е измамен од ѓаволот и неговите слуги и сега треба како Јуда Искариотски, во случајот со предавството на Господ Исус Христос, сам да си го носи гревот. Еве го пак.

МАКБЕТ: ...и никој повеќе

да не им верува на демоните

измамници, што со двојна смисла

од нас се криjат; увото го галат

со ветување, што врз надежта

---

[508] Макбет, стр. 130
[509] 2Коринтјаните 11:7/ 1 Јован 5:16-17
[510] Макбет, стр. 130
[511] Макбет, стр. 132
[512] Макбет, стр. 132

се крши...[513]

Полека самиот станува свесен дека пророштвото на вештерките го носи во гибел и смрт и дека плата за гревот е смрт.[514] Еве го Сиборд што вели:

СИБОРД: Војник да му е тогаш на Бога...[515]

Зборува за својот син за кого му јавуваат дека умрел во бојот. И додава:

СИБОРД: Си починал тој, велат, достојно
И сметката си ја платил: Господ да
е со него![516]

И последните думи од трагедијата Макбет се во Малколм. Еве што порачува.

МАЛКОЛМ: И да ги пронајдеме свирепите
Доушници на мртвиот корњач,
И на неговата ѓаволска кралица,
Што, како што велат, со свои раце
Си одзела живот; - а сѐ друго
Што чека на нас, со милоста на Бога,
Ќе го сториме со мерка...[517]

Малколм повторно зборува за сето што ќе се случи, или се случува, дека останува во рацете Господови и по Неговата волја. Обрнете внимание: ѓаволска кралица, милоста на Бога.

Тука ја завршуваме оваа книга за духовната страна на јазикот на Вилјам Шкспир, и поврзаноста со Новиот завет на Светото писмо од нашиот Господ Исус Христос. Поточно за силата на духот во стиховите на Шекспира.

---

513 Макбет, стр. 137
514 Исаија 35:4
515 Макбет, стр. 139
516 Макбет, стр. 139
517 Макбет, стр. 140

Човек малку поупатен, духовно биден, сеќава дека во стиховите на Вилијам Шекспир има посебна светост и сила. Дека тие се посебни и не се лесни ниту за читање, ниту за разбирање, а камо ли за толкување и зборување, и крајната фаза секако поистоветување, нивно зборување, озвучување како актери од себе си. Од свое име. Актерот не прави разлика меѓу својата душа и текстот. Го зборува од себе. И добар актер кој има дарба за сцена, секогаш знае дека во стиховите, јамбовите на Вилијам Шекспир има посебна, духовна сила.

ЗАКЛУЧОК:

Цитатите од Светото писмо, споредени со стиховите на трагедиите, се само мал дел кој покажува од каде иде духовната сила во таа драмска поезија. Слично како и во античка Македонија, каде основната движечка сила во трагедиите е односот на човекот и Господ, истиот принцип е присутен и кај Вилијам Шекспир. Зборовите на ликовите, врзаноста на односите, животот и смртта, соништата, желбите, моќта, битките сите се поврзани според царскиот закон на љубовта донесен преку Господ Исус Христос, кој е наречен живо слово и слово натопено со крвта.[518] Ако не сте ја прочитале Библијата, не сте верник во Исус, не верувате во духовниот невидлив свет[519] живееете само телесно, вам и Светото писмо и Вилијам Шекспир ќе ви бидат неразбирливи. Или да кажам поблаго ќе ги „разбирате" само телесно. Пишано е:

„Телесниот човек не го разбира духовното".[520]

Делата на Шекспир имаат духовна сила, не како во Светото писмо, малку разредена, ублажена, но сепак доволно да ве разбуди во Духот и да ве

[518] Евреите 4:12 „Зашто, словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот и ги проценува мислите и намерите на срцата".
[519] 1Коринтјаните 2:13-16
[520] 1Коринтјаните 2:14

доведе до самиот Создател со опитите: Кој сум јас? Што барам овде на земјата? Зошто луѓето немаат доволно љубов, ниту за себе, најблиските, а камо ли за другите? Зошто морам да умрам? Зошто живеам? И други прашања кои секој човек кој е малку разбуден во духот си ги поставил барем еднаш во животот.

Му благодарам на Таткото небесен и Господ Исус Христос што ми го отворија умот, срцето и душата и ми дадоа сила да ја осветлам поврзаноста на јамбовите на Шекспир со живото слово Исусово. Мир вам. И лесна и плодна сцена.

Извори:

Свето писмо на Стариот и Новиот завет, 2002, Библиско здружение на Република Македонија

Новиот завет – динамичен превод, ХБЦ Радосна вест, Гидеони, 1999

Новиот завет на нашиот Господ Исус Христос, ревидирано издание, МПЦ, Библиско здружние на Република Македонија, Скопје 2010

„Ричард Трети‟ Вилијам Шекспир, Македонска книга, Скопје 1985, превод Драги Михајловски

„Хамлет‟ Вилијам Шекспир, Култура, 1989, Скопје, превод од оригинал Богомил Ѓузел.

„Макбет‟ Вилијам Шекспир, Македонска книга, Скопје 1971

„Скршеното копје на псевдонимот‟ Тихомир Стојановски, Скрб и утеха, Едиција Лицеум, Скопје, 2002

„Ноќ спроти Водици‟ и „Комедија на згоди и незгоди‟ Вилијам Шекспир, Македонска книга, Скопје 1989, превод Богомил Ѓузел и Драги Михајловски

„Крал Хенри Четврти‟ Вилијам Шекспир, Македонска книга – Скопје 1985, препев Иванка Ковилоска – Попоска

The Holy Bible, Containing The Old And New Testament, New Revised Standard Version, Zonredvan, 1989, Grand Rapids, Michigan, USA

Holy Bible, New Internatonal Version, Hodder & Stoughton, London Sydney Auckland 2001

# Рецензија за учебникот по сценски говор II со наслов „Сцени Духом (Сцени со духот)“ (од прв, втор и трет циклус студии на ФДУ по предметот „Сценски говор“ и по предметот „Јавно говорење“ на Медицинскиот факултет – катедра логопедија при УКИМ) од проф. др. Тихомир Стојановски

Учебникот на проф. Др. Стојановски е пред сè неопходен за двата факултети при УКИМ, за ФДУ и за катедрата по логопедија.

Уште по самиот наслов, нашиот редок професор Стојановски ни наговестува дека сè што е поврзано со говорот, јазикот, стилот на говорот и изговорот е поврзано со духот на поединецот (актерот) и неговиот дух.

Големото прашање на Шекспир – Да се биде или не, е вткаено во оваа книга. Да се говори со емоција, силно, страстно, или да се молчи. Мислам дека низ целата книга провејува тезата на големиот поет Елиот дека само зборот е затегнат лак и стрела. Уметноста на актерот има задача за беспрекорно чисто и точно говорење. Но, тоа е исто цел и на идните доктори на говорот – Логопедите.

Тоа е уметност и умешност на зборот, гестот, говорот на тело и духовната надареност. Особеностите на говорот и изговорот, професор Стојановски ги третира како стилистика на говор и изговор. Имено, секој говор или гест не претставува процес на точност во изговорот, доколку не постои духовната вдахновеност, страст, љубов и емоција. Ретко која уметност може да влијае, на толку непосреден начин на гледачот (публиката) како актерите.

Често на часовите професорот Стојановски им наговестува на студентите дека тие пишуваат ново дело, пресоздадено низ себе, остварено преку духот свој, животворно како своја мисла, свој гест, своја визија. Сценскиот говор и јавното говорење е наука која корените ги влече од времето на Аристотел, Платон, Коракс. Реториката е само дел од јавното говорење. Говорот едноставно не е возможно да биде без напластите од духот и обратно. Исто како што нѐ поучува Квинтилијан – „Уметник е оној кој ја совладал оваа уметност, односно говорникот кој научил да говори страстно и со својот дух ја буди публиката". Токму тоа проф. Стојановски го работи како негова дисциплина и на ФДУ и на Медицинскиот факултет.

Неговото настојување преку пракса и теорија, реторички докажува како преку духовното и телесното актерот, логопедот да се реализира чујно и точно во гласот, а преку говорот на телото – појавно. Настојува секогаш да објасни дека вистинскиот говор е поврзан со умот, а умот го прави неговиот исказ логичен.

Ајде да замислиме актер кој духот не го негува... Актер кој духовно е слаб (необразован). Кој само привидно ги говори текстовите. Кој кога говори не е поврзан со љубов и енергија. Тогаш говориме за актер без сила во духот. Никогаш таков актер не е во можност да испрати порака до публиката, да го воспостави комуникацискиот тунел за да создаде емоција.

Без емоција – Нема сценско слово. Нема солзи во публиката. Кога актерот или јавниот говорник не ви го допира срцето станува збор за актер, говорник без верба, без дух, и без страст кон она што го говори.

Во самиот учебник, проф. Стојановски ќе напише дека: „театарот е потрага по Бога‟.

И Јержи Гротовски кој ја дава дефиницијата за театарот како светост ... „Актерот се качува на сцената, игра, дејствува за да ја освети публиката, и публиката и актерот се вмрежуваат во заедничко осветување. Едниот го оживува зборот, другиот наградува".

Еуџенио Барба се обидува да создаде универзален тетарски јазик на љубовта со гласови, гестови, за луѓето да се разбираат како луѓе! Затоа говорењето со право е една ретка духовна сила и будност, автентичен процес на создавањето и дејство на создаденото.

Уметничкиот духовен говор на актерот според Браун е „Состојба меѓу прослава и погреб... Меѓу вољата Господова и силата на дарбата". Проф. Стојановски преку оваа книга настојува преку говорот да ја објасни душата на поединецот. Често низ неговата пракса со студентите ќе каже – „Како говориш, таква ти е душата".

Актерското говорење е пред сè – етика, естетика и елитизам во духот. Наобразба на духот, силата и моќта на поединецот. А секој поединец може да биде образец во светот.

Почитувани, топло го препорачувам учебникот „Сцени Духом" на проф. Др. Тихомир Стојановски да биде дел од големата ризница на дела при УКИМ.

Рецензент

Проф. Др. Валентина Божиновска

## Рецензија за книгата Учебник по сценски говор 2 – „Сцени духом" (Сцени од духот) од Тихомир Стојановски

Оваа книга од проф. д-р Тихомир Стојановски претставува синтеза на сценската практика - духовноста. Во неа авторот не само што анализира различни форми на сценско дејствување, туку и го поставува прашањето за духовната суштина на актерот и на уметноста воопшто. Стојановски ја претставува сцената како „храм", место на осветување и преобразба, каде актерот не настапува само за публика, туку, суштински, за некоја виша сила. Преку традицијата на македонската народна и обредна култура, но и во контекст на современата актерска мисла.

Книгата го отвора прашањето: дали актерот само „игра", или живее преку улогата? Како и кај Станиславски, кој ја анализира актерската игра како длабоко и искрено поврзување со сопствените чувства и искуства, така и Стојановски ја поврзува сценската игра со катарзата како длабок духовен настан. Актерот, според него, не пренесува само емоции, туку го спроведува зборот како духовна сила. Во овој контекст, а како што и самиот опишува во „Сцени духом", секое сценско дело станува обред, каде актерот е сам во „монодрамата на духот" – оживувајќи ги зборовите, тој ги вградува во себе и ја носи тежината на нивната вистина. Оваа димензија е срцевината на книгата. Стојановски не само што пишува за овој однос кон зборот, туку преку обредниот контекст на македонската култура, го разработува во детали:

актерот е свештеник, гласник, кој во секоја сцена врши духовно служење. Сцената е олтар; зборот – литургија. Книгата нуди и конкретни практики – од молитви на актерот, до начини на повикување на Божјиот благослов пред претстава. Авторот кажува дека со тоа, се поставува една етичка и духовна одговорност: зборовите што актерот ги изговара можат да лекуваат, но и да повредат – ако не се кажани со љубов и вера.

Во вториот дел на оваа книга, Стојановски го прикажува Шекспир како автор чиј поетски израз е исполнет со духовна сила и библиски мотиви. Шекспировите ликови, кои зборуваат во јамб, ја носат тежината на духовната вистина и ја отвораат душата кон прашања за смислата на животот, љубовта, смртта и верата. Стојановски смета дека само духовно разбудениот човек може да ја разбере таа длабочина: „Телесниот човек не го разбира духовното‟. Според него, Шекспир – слично на античките трагичари – го изразува односот меѓу човекот и Бога преку драмски конфликт и покајание и инсистира дека актерот што го изговара Шекспир мора да има духовна подготвеност и вера, за да може јамбовите да станат жив збор.

„Сцени духом‟ зборува за суштината на духовната уметност. Во денешно време кога многу често уметноста се сведува на форма и техника, Стојановски нѐ потсетува дека вистинската уметност започнува со верата, а актерот е повикан не само да игра, туку да осветлува. Оваа книга зборува за духовноста и за како таа да се постигне со верба во тоа што се работи и дека таа верба мора да доаѓа од искрено место и само така ќе се постигне таа продуховеност на која авторот ѝ посветува

големо внимание. Оваа книга нуди нешто ретко - душа во зборот и доверба/верба со себе си.

вон. проф. д-р Никола Настоски

**Епистола, писмо до себеси на професорот**
**Кон книгата „Сцени духом (Сцени со духот)“,**
**учебник по сценски говор 2**

Д-р Тихомир Стојановски со децении е наставник по предметот Сценски говор на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје. Тој е актер. Страстен актер и водач на театарската трупа „Скрб и утеха“. Има создадено и одиграно улоги во безброј претстави, ТВ филмови, видеа и други медиуми. Д-р Стојановски е страстен верник, посветеник, емпатизиран уметник со возвишеното, Македонец и загрижен за неговиот народ насекаде, според неговото поимање на грижа за нацијата. Често детерминиран од страна на други, соседни власти, како неподобен за нивните средини, Тихомир изгради имиџ во дијаспората и меѓу македонските вљубеници, во еден облик на македонската национална романтика, значи изгради имиџ - на толкувач и промотор на нешто што го чувствувале ама не можат да го искажат! Речиси саможртва за македонштината!

„Сликањето е облик на молитва“ вели Леонид Шејка од познатата белградска уметничка група „Медијала“. Нашиот Тихо вели дека актерот е директно поврзан со Бог. И тоа е аксиома, негов цврст став од кој не отстапува и го гради, промовира и брани со децении.

Сепак, интелектуалец од маштаб кој во својата последна книга го глорифицира и Господ, ама и Шекспир и маргинални дејци од селата околу нашата земја на Балканот, тука е Аристотел, ама и Филип Втори, со сѐ Ричард Трети. Посветеноста на д-р Стојановски оди дотаму па и бахналиите на Дионис ги смета за облик на духовност. Сѐ на сѐ една

аскетска епистола, до неговиот внатрешен лик, до неговиот благороден професорски ангажман да подготви стотици млади актери, да го соголи сознанието како еден актер во уметничкиот докториум разголен на сцена преку монодрама стигнува до сценарија и филмови!

Во назначена библиографија и со упатства каде завршува животот, а започнува играта и глумата, се обраќа и до Создателот ама и до граѓанинот. Аскетизам пар екселанс. Сепак живееме реален живот во реално секојдневие. Затоа оваа книга има и експозе преведено на англиски јазик, глорификација на Вилијам Шекспир, ги нема нашите драми во кои Тихо играл главни улоги уште пред децении, го има пирот во Еге и убиството на Филип Втори, а сепак свој личен став (со кој што став ние не се согласуваме, ама сакаме да го слушнеме неговото лично мислење), дека, актерите се живи луѓе кои оживуваат мртви слова (!?), размислува за напишаното, ставеното на хартија и слични аксиоми на еден навистина тотален посветеник на глумата!

Како и да е, книгата „Сцени духом" од д-р Тихомир Стојановски сигурно ќе го збогати интелектуалниот габарит меѓу нашето скомрашко братство, ќе го надгради неопходното професорите да пишуваат што повеќе за своите стручни сектори и, секако, фондот на издадени дела од страна на ФДУ, што е вехементна обврска на секоја високообразовна институција!

Искрено посакуваме Тихо да истрае во својата животна определба пркосејќи на сите контексти, на сите прагматични, малограѓански и секако, „умишлени" демек, познавачи на неговото наставничко творештво. Никогаш, буквално никогаш не сме слушнале дека д-р Стојановски разочарал некој студент, напротив со некаква

емпатија се зборувало за неговото „актерееење" во Кокино, предавање во Стоби или неговите мисии меѓу сонародниците.

Духот е неопходен, но исто така и душевноста на читателите. Затоа цениме дека последнава книга на Тихомир Стојановски ќе облагороди многу души!

**Д-р Сашко Насев**

Досегашни изданија на проф. д-р Тихомир Стојановски:

ДРУМ ЗА МАКЕДОНИЈА – есеи

ВРЕМЕТО НА СКРБИЗМОТ – запис за театар

СИЛАТА НА СЦЕНСКАТА ГЛАСНОСТ – книга за говорот

ДРАМИ – ДЕНОНОСИИ

СКРШЕНОТО КОПЈЕ НА ПСЕВДОНИМОТ – книга за стиховите кај Шекспир

ГИМНАЗИУМ – есеи

ПАТЕКА НА СВЕТИОТ ЗБОР – книга за говорот

ЛИЦЕТО НА БОГА – духовна книга

РАЗБУДЕТЕ СЕ АНГЕЛИ – роман

ЗАСЕКОГАШ ЉУБОВ – роман

ЛИНИЈА НА ДУШАТА – роман

ДРАМИ ДЕНОНОСИИ 2

ЕРИНИИ ПО МАКЕДОНЕЦОТ – КНИГА ЗА ТЕАТАР „СКРБ УТЕХА"

ТЕАТАРОТ КАКО МАСОВНА И ЕЛИТНА КУЛТУРА – магистерски труд

ГУГУТОТ НА ГУГУТКИТЕ – роман

СТРАНАТА НА СОЛЗИТЕ – роман

КРШТЕВАЊЕ СО ЉУБОВТА – роман

ОВОПЛОТЕН ЗБОР – книга за говорот

ОД ОБРЕД ДО ТЕАТАР – докторски труд

ДОПРЕН ОД БОГА ИСУСА – духовна книга

ДРАМИ ДЕНООСИИ 3

ТАКА ВЕЛИ ГОСПОД -духовна книга

ЧЕКОРЕЊЕ СО БОГ – духовна книга

ТЕАТАРСКИ ИСТОЧНИК – за театар „Скрб и утеха"

ПРЕБИВАЊЕ ВО ЉУБОВТА – роман

ЗАСЕКОГАШ ИСУС – духовна книга

ПРИЈАТЕЛ БОЖЈИ – духовна книга

ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ – за говор

ЖИВЕЕЊЕ ЉУБОВ – роман

ПОУКИ ВО ДУХ И ВИСТИНА – духовна книга

ПОУКИ ВО ДУХ И ВИСТИНА 2 – духовна книга

УЧЕБНИК ЗА СЦЕНСКИ ГОВОР – учебник

ХРАМ НА ЉУБОВТА – духовна книга

ЖИВА ВОДА ИСУСОВА - духовна книга

***

**Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот.**

**Е-издание: https://ukim.edu.mk/e-book/00152**

**Интернет врски:**

**https://www.youtube.com/channel/UCEG__UrlZqQccExIfETeeJA**

**Книги на интернет:**

**https://pdfhost.io/v/3hgWmZsj8_Ovoploten_zbor**

**https://pdfhost.io/v/b5hJzvpcr_Silata_na_scenskata_glasnost**

**https://pdfhost.io/v/A4qsKZMBT_Skrsenoto_kopje_na_psevdonimot**

**https://pdfhost.io/v/6pvF1EmDN_Javno_gov**

**https://pdfhost.io/v/2i.k4sAwe_Pateka_na_svetiot_zborTS**

**https://pdfhost.io/v/xGH.raW3V_Od_obred_do_teatarTS**

**https://pdfhost.io/v/9~IXOUIJQ_Teatarot_kako_masovna_i_elitna_kulturaTS**